Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет – Скопје

Студиска програма: Безбедност

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

# ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА НОВИОТ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК

Кандидат

Сања Баланчевска, број на индекс 4934/15

Ментор

Проф. д-р Тони Милески

Скопје, 2019 година

**АПСТРАКТ**

За геополитиката се смета дека е наука од редот на општествените научни дисциплини која се занимава со проучување на општествените, економските, демографските и политичките процеси на државите, како единки зависни и распоредени во единствениот географски простор. Таа претставува концепција која ја објаснува политиката на државата преку природногеографските услови, географската положба и расните разлики на населението.

За истата, неретко се вели дека е инструмент на освојувачките, експанзивни и империјалистички политики и желби на големите држави, меѓутоа во современи услови геополитиката е значајна за опстанокот и постигнување на националните интереси на сите држави во светот без разлика на нивната големина и моќ, а со процесот на глобализација и детериторијализација, геополитиката добива и сосема нови размери кои се однесуваат не само на државите, туку и на недржавните актери и единки како народи, племиња, општествени движења, религии, цивилизации, движења, терористички групи и криминални мрежи и организации.

Геополитичкиот поредок претставува концепт со кој во геополитиката се објаснува сложеноста на односите кои владеат во геополитичкиот систем. Покрај тоа, геополитичкиот поредок е и самата состојба на геополитичките односи во геополитичкиот или меѓународниот систем.

Последниот т.е. новиот светски геополитички поредок е резултат на геополитичката транзиција од биполарниот геополитички поредок, односно се смета дека почнал во периодот на завршувањето на Студената Војна, кое беше резултат на распадот на СССР. Истиот сè уште нема свој назив, но дел од геополитичарите сметаат дека овој поредок е втор облика на доминација на САД, а дел мислат дека станува збор за облик на хегемонија без хегемон, земајќи ја во предвид појавата на други големи сили – Русија и Кина.

**Клучни зборови:** геополитика, геополитички поредок, биполарен геопоитички поредок, нов светски геополитички поредок

**ABSTRACT**

Geopolitics is considered to be a science of the order of social science disciplines which deals with the study of the social, economic, demographic and political processes of states, as individuals dependent on and deployed in the unique geographical area. It is a concept that explains the policy of the state through the natural geographical conditions, the geographical position and the racial differences of the population.

It is often said that it is an instrument of conquering, expansive and imperialist policies and desires of the great states, but in modern conditions geopolitics is important for the survival and achievement of the national interests of all countries in the world regardless of their size and power, and with the process of globalization and deterritorialization, geopolitics also receives a whole new dimension that applies not only to states, but to non-state actors and individuals as peoples, tribes, social movements, religions, civilizations, movements, terrorist groups and criminal networks and organizations.

The geopolitical order is a concept in which the geopolitics explains the complexity of relations that govern the geopolitical system. In addition, the geopolitical order is the state of geopolitical relations in the geopolitical or international system.

The last one / newest world geopolitical order is a result of the geopolitical transition from the bipolar geopolitical order, which have begun in the period of the end of the Cold War, which was the result of the collapse of the USSR. It does not yet have its own name, but some geopoliticians believe that this order is the second form of US domination, while others think it is a form of hegemony without a hegemon, taking into account other major forces - Russia and China.

**Key words:** geopolitics, geopolitical order, bipolar geopolitical order, new world geopolitical order

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 5

**ГЛАВА I: ИСТОРИСКИ ПРИКАЗ И ВАЖНОСТ НА СОЗНАНИЕТО ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК** ........ 9

**1.1. Концептот на П.Тејлор (Peter J. Taylor)** ........ 18

**1.2. Концептот на Џ.Агне (J. Agnew) и С.Корбриџ (S. Corbridge)** ........ 19

**1.3. Концептот на С. Коен (Saul B. Cohen)** ........ 21

**ГЛАВА II: УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА НОВ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК** ........ 23

**2.1. Процеси во рамките на новиот светски геополитичкиот поредок** ........ 29

**2.2. Актери во новиот светски геополитички поредок** ........ 33

2.2.1. Држави ........ 33

2.2.2. Други територијално-политички единици ........ 35

2.2.3. Меѓународни организации ........ 36

2.2.4. Други актери ........ 37

**ГЛАВА III: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА НОВИОТ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК** ........ 38

**3.1. Политички предизвици и перспективи** ........ 43

**3.2. Економски предизвици и перспективи** ........ 46

**3.3. Воено – безбедносни предизвици и перспективи** ........ 49

**3.4. Регионална геополитика** ........ 54

**3.5. Цивилизациски ривалитет** ........ 56

**ГЛАВА IV: АКТУЕЛНИ УЧЕСНИЦИ ВО НОВИОТ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК** ........ 65

**4.1. Соединетите Американски Држави** ........ 66

**4.2. Русија** ........ 81

**4.3. Кина** ........ 88

**4.4. Европа** ........ 97

4.4.1. Велика Британија ........ 105

4.4.2. Западен Балкан ........ 108

**4.5. Блискиот Исток** ........ 111

**ЗАКЛУЧОК** ........ 119

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ........ 122

# ВОВЕД

Современата геополитика ни нуди нови перспективи за разбирање на односот меѓу географијата и политиката. Важна е за развојот на рационални, урамнотежени и реални парадигми, кои во името на геополитика ќе понудат нов концепт и нов поглед на просторните аспекти на светската политичка карта. Примарната цел на проучувањето на геополитика е односот помеѓу просторот, моќта и населението, односно влијанието на просторни односи, форми и структури, политички идеи, институции и нивните меѓусебни односи.

Главните и основни предуслови за појавата на нов светски геополитички поредок лежат во распадот на СССР и крајот на Студената војна, која претставуваше специфична форма на биполарни меѓународни односи, а не класична војна.

Современиот период означува глобална хегемонија од единствената преостаната суперсила, САД, регионални поредоци во посебни делови во светот, атомизирани држави, нестабилност и несигурност. Безбедноста, спротивно од предвидувањата, со крајот на Студената војна, го задржала своето значање во меѓународните односи и во поголем број на држави, но променето е разбирањето на безбедноста. Состојбата на безбедност со падот на комунизмот во Источна Европа и распадот на СССР, накратко се подобрила. Но, набрзо била загрозена на регионално ниво во Југоисточна, Источна Европа и Кавказ т.е. во средината на копнениот простор кој е клучен за безбедноста во Европа и Азија. Крајот на Студената војна пружил прилика да се сфати сложеноста и поврзаноста на проблемите. Несигурноста која се појавила со распадот на глобалниот систем на конфронтација, го поставува прашањето за структурата на поредокот, кој мора да ги идентификува новите закани и одговори во националната и меѓународната безбедносна политика.

Врз безбедноста во новиот светски геополитички поредок, влијаат и кризите и промените во државите под влијание на процесите на глобализација, детериторијализацијата и научно-технолошките откритија. Безбедносните предизвици во новиот светски поредок се разликуваат од предизвиците на студеновоениот геополитички поредок. Наместо традиционални воени закани,

денес предизвиците не ретко се од друга природа, односно се нетериторијални, транс/националнални закани кои се шират независно од државните граници. Такви се: тероризмот, пролиферација на оружје за масовно унуштување, болести, еколошки катастрофи, глобално затоплување, нелегална трговија со оружје, луѓе, наркотици и слично. Во тој контекст, се случува и промена во делувањето против овие нови ризици, така што повеќе не може да се зборува за тоа дека безбедносната политика и политиката генерално, е прашање за хиерархиски организирани држави.

*Предмет на истражување* на оваа магистерска теза е новиот светски геополитички поредок и специфичните услови во кои се развива, односно постмодерни односи во светот, кои значајно се разликуваат од условите во кои постоел претходниот геополитички поредок. Во тој контекст, се случуваат промени на сите полиња, односно на политички, воено-безбедносен, економски, општествен и научно-технолошки план. Согласно горенаведеното, во овој труд се направи посебен осврт и анализа на предивиците и перспективите со кои се соочува новиот светски геополитички поредок. Врз основа на тоа ќе се дадат одредени насоки за неговиот иден развој.

*Целта на истражувањето* е да се утврди врската меѓу изнесената теорија и реалноста на претпоставките. Ова истражување има за цел да ги согледа јакнењето или ослабувањето на големите сили во светот, борбата за влијание кај останатите актери, економскиот раст, инвестициите во вооружување, технолошките иновации и другите амбиции на моќните земји или сојузи. Во тој контекст, општата цел е утврдување на перспективите и предизвиците со кои се соочува на новиот светски геополитички поредок, а посебни цели на ова истражување се анализа и детално објаснување на условите во кои се развива новиот светски геополитички поредок, анализа на кризата кај националната држава (држава-нација наспроти мултикултурализмот), постоење на ограничувања на суверенитетот на државите преку делување на инструментите на моќ, исчезнување на биполарноста, а со тоа јакнење на регионалните геополитички поредоци, воочување на зголемените разлики помеѓу цивилизациите во светот и заострување на нивните односи со

појава на ривали, детектирање на зголеменото ниво на развој на средствата за комуникација, следење на развојот на информатичките средства кои овозможуваат прибирање, подготовка, чување и обработка на податоци и информации за релативно краток временски период, утврдување на други закани кои произлегуваат од прогресот на политички, воено-безбедносен, економски, општествен и научно-технолошки план.

Согласно горенаведеното, ова истражување е насочено кон давање одговор на следните истражувачки прашања:

Централно истражувачко прашање:

1. Што го условува и обликува новиот светски геополитички поредок?

Придружни истражувачки потпрашања:

1. На кој начин политичките предизвици влијаат на новиот светски геополитички поредок?

2. На кој начин економските предизвици влијаат на новиот светски геополитички поредок?

3. На кој начин воено - безбедносните предизвици влијаат на новиот светски геополитички поредок?

4. На кој начин регионалната геополитика го определува светскиот геополитички поредок?

5. На кој начин цивилизацискиот ривалитет е поврзан со новиот светски геополитички поредок?

Магистерскиот труд е разработен преку вовед, четири глави, заклучок и користена литература.

Во воведот се образложени основите на геополитиката и геополитичкиот поредок, целта, проблемот и предметот на истражувањето, резиме на содржината опфатена во трудот по глави и применетите методи и техники на истражувањето.

Во првата глава од овој труд е обработен феноменот геополитика и нејзината поврзаност и влијание врз останатите науки. Геополитиката е дициплина на политичките елити (како актуелни, така и алтернативни) и сета нејзина историја убедливо докажува дека со неа се занимавале исклучиво луѓе кои активно учествувале во процесот на управување со државите и нациите, или пак луѓе кои се подготвувале за таа улога (доколку станувало збор за алтернативни, опозициски идеолошки лагери, отстранети од власта по сила на историските услови). Во истата глава детално се анализира и поимот геополитички поредок, условите во кои се развива и начинот на премин од еден во друг поредок, со посебен акцент на концептите на неколку истакнати геополитичари.

Во втората глава е поставена теоретската основа на новиот светски геополитички поредок, а внимание се обрнува на процесите кои се одвиваат во истиот, како и актерите кои се дел од светската геополитичка сцена.

Во третата глава се содржани резултатите од истражувањето на овој магистерски труд. Во тој контекст, опфатени се конкретните предизвици и перспективи во постстуденовоениот период, од економски, политички и воено – безбедносен аспект, како и влијанието на регионалната геополитика и цивилизаскиот ривалитет врз новиот светски геополитички поредок.

Во продолжение, односно во четвртата глава посебен акцент е даден на дел од поглавните актери во новиот светски геополитички поредок, односно САД, Русија, Кина, Европа и Блискиот Исток, со цел детално запознавање на позитивните и негативните состојби кои се случуваат во новиот светски геополитички поредок, како и проекции за иднината во некои домени.

*Применетата методологија* во овој магистерски труд, со оглед на фактот што станува збор за квалитативно истражување, е започната со процес на дедукција, како и анализа на содржина на соодветно систематизирани официјални пишани и презентирани ставови, а кои се однесуваат на предметот на истражување. Подоцна, преку процесот на логичко поврзување, индукција и прикажување на реалните состојби се развија заклучоци за предизвиците и перспективите на новиот светски геополитички поредок.

## ГЛАВА I:
## ИСТОРИСКИ ПРИКАЗ И ВАЖНОСТ НА СОЗНАНИЕТО ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК

Геополитиката важи за една од најдискутабилните и најспорните области за истражување. Поради нејзината важност за тезата на овој магистерски труд, во првата глава се зборува за геополитика воопшто. Тоа ни дава увид во она што претставува геополитика, кои се главните карактеристики и можности на примена во географските и политичките науки во сегашноста и иднината.

Законите на геополитиката се извонредно погодни за анализа на политичката историја, историјата на дипломатијата и стратегиското планирање. Таа наука има мноштво пресекувања со социологијата, политикологијата, етнологијата, воената стратегија, економијата, дипломатијата, историјата на религиите итн.

Во сегашниот момент на тежнеење на сите видови наука кон синтеза, кон слевање, кон создавање на нови меѓунаучни макродисциплини и многудимензионални модели, геополитиката го добива своето значење како за чисто теоретски истражувања, така и за практични чекори во управувањето со сложените цивилизациски процеси од планетарен обем, или во обем на држави, или на блокови од држави. Тоа е наука на иднината чии основи во најблиско време ќе се предаваат не само на специјалните повисоки образовни институции и академии, туку и во обичните школи. Со помош на геополитичката анализа лесно може да се осмислат цели епохи на историскиот развој на државите и народите. Во својственото за нашево време раширување на информационите зони, појавата на така едноставни и нагледни редукционистички методологии е неизбежно, бидејќи во спротивен случај човекот ризикува конечно да ги изгуби сите ориентири во многуобразниот и многудиманзионален хаос на потокот од разнородни знаења.

Сè поочигледна е улогата на геополитиката во широката социјална сфера. Нивото на развојот на информациите, активната вклученост на обичниот човек во настаните кои се одвиваат на целиот континент, „мондијализацијата“ на

медиумите, сето тоа во преден план го става просторното мислење во геополитички термини, кои помагаат да се „сортираат“ народи, држави, режими, религии според една упростена скала, со цел смислата дури и на најосновните телевизиски или радио-новости да биде макар приближно разбирлива.[1]

И покрај фактот што поимот постои долго време, а воедно преживеал многу подеми и падови во тој период, сепак, денес не постои консензус за тоа што е, всушност, геополитика и за што треба да служи. Постојат неколку концепти во светот кои предизвикуваат толку многу контрадикторни заклучоци и разни реакции. Спорови се водат и за тоа дали геополитиката во целина може да биде вклучена во некоја научна област, дали има научен карактер, или таа може да се класифицира како еднострана и етноцентрична доктрина која служи за остварување на различни цели и посебни интереси.

Трудовите на многубројните претставници на геополитичките школи, без оглед на сите нивни разлики и чести противречности, се вцртуваат во една општа слика која дозволува за самиот предмет да се говори како за нешто завршено и определено. Едни или други автори и речници се разминуваат во меѓусебното определување на основниот предмет на изучување на оваа наука и на главните методолошки принципи. Таквото разминување произлегува од историските околности, а исто така и од најтесните врски на геополитиката со светската политика, проблемите на власта и доминантните идеологии. Синтетичкиот карактер на оваа дисциплина претпостава вклучување на многу дополнителни предмети во неа: географија, историја, демографија, стратегија, етнографија, религија, екологија, воена наука, историја на идеологиите, социологија, политикологија итн. Бидејќи сите тие воени, природни и хуманитарни науки сами по себе имаат мноштво школи и насоки, тоа говори за тоа дека во геополитиката не се пристапува со строгост и еднозначност. Но, каква определба да и се даде на таа дисциплина, толку неодредена и истовремено изразита и впечатлива?[2]

---

[1]Дугин, А., Геополитички фондации-1, web site: http://www.4pt.su/mk/content/geopolitichki-fondacii (посетено на 05.03.2019 година)
[2]Ibid

„Геополитиката“ е создадена во 1899 година со статијата „Вовед во шведската географија“ („Introduction to Swedish Geography“) на шведскиот научник Рудолф Кјелен. Истиот, под влијание на Фридрих Рацел во својот труд „Државата како облик на живеење“ („Der staat als Lebensform“), ја определува геополитиката како наука за државата, како географски организам или појава во просторот, оценувајќи го влијанието на географските фактори врз државата и нејзината моќ како нешто пресудно и од кое произлегуваат насоките за структурирање на најефикасната политика, која на државата ќе и овозможи безбедност и успешен развој.

За прва теорија во рамките на геополитиката се смета концептот за Heartland или „срцевината на светот“ изнесена од британскиот географ Џон Мекиндер во 1904 година. Според претходноспоментата теорија, јадрото на светот се наоѓа во Источна Европа и оној кој командува со него владее со „светскиот остров“ - Евроазија, што значи дека тој владее и со светот. Друг многу влијателен геополитички концепт во однос на контрола на одредена географска просторна површина со цел да се владее и доминира во светот е теоријата на Rimland, создадена од страна на американскиот професор по меѓународни односи Николас Спајкмен. Овој концепт бил инспириран и развиен во тесна врска и како одговор на Мекиндеровиот концепт за стожерна централна област — хартленд, клучна за доминација на светот. Во тој контркст, се развиваат двата главни правци во геополитиката:

- *телурократијата* или „цивилизацијата и *силите на Копното*“ од која до денес произлегуваат правците и доктрините на континентализмот, евроазијството и
- *таласократијата* или „цивилизацијата и *силите на Морето*“ од која пак излегува правецот и доктрината на (евро)атлантизмот.

Ако наједноставниот геополитички збир - Heartland, Rimland, World Island - се примени кон секоја објава во однос на меѓународните настани, веднаш ќе се оформи извесен јасен интерпретационен модел кој нема потреба од дополнителни тесноспецијалистички знаења. „Ширувањето на НАТО на Исток“ при таквиот пристап ќе значи „зголемување на обемот на Крајбрежната зона во полза на таласократијата“; „договорот помеѓу Франција и Германија во однос на создавањето

на европски вооружени сили“ ќе биде „чекор во насока на создавање на континентална телурократска конструкција“; „конфликтот меѓу Ирак и Кувајт е стремеж на континенталната држава (Ирак) да ја уништи вештачката таласократска формација (Кувајт), која ја попречува директната контрола над крајбрежната зона итн.

Геополитичката методологија има влијание и врз внатрешната и надворешната политика. Ако геополитичката смисла на определени чекори на политичките партии и движења, а исто така и на владеачки структури биде очигледна, лесно ќе се стават во сооднос со системот на глобални интереси, а следствено ќе се дешифрираат и далекусежни цели. На пример, интеграцијата на Русија со европски држави (особено со Германија) е чекор на телурократските сили (евроазијците), па оттука е можно автоматски да се прогнозира засилувањето на „идеократските“ („социјалистички“) тенденции во државата. Напротив, зближувањето на Москва со Вашингтон означува потчинување кон таласократската линија и неизбежно со себе ќе повлече позиционо засилување на „слободниот пазар“ (се мисли на економската пракса „Отворен пазар“ што активно ја пропагираат САД за нивни интереси) итн. Исто така, во светот на закономерноста на внатрешната политика може лесно да се интерпретираат и внатрешно-политичките процеси на сепаратизам на народите внатре во Русија, двостраните или повеќестраните согласувања на различни административни формации и области меѓу себе. Секој настан во светот на геополитиката придобива јасна смисла. Таа геополитичка смисла не може да се разгледува како ultimo ratio на настаните, но во секој случај таа секогаш се пројавува како изразита и полезна за анализа и прогнозирање.[3]

Со сè поголемиот економски и техничко-технолошки развој и напредок на човештвото што се одразувал преку јакнењето на државите и нивните војски се отворила потребата за проучување на значењето и стратешката важност и предностите на физичкиот географски простор во однос на нивниот опстанок, ширење и доминација во светот. Поради сето тоа на почетокот на XX век постоел

[3]Ibid

огромен интерес и постојан развој на геополитиката со геополитичкото и геостратешкото размислување. Речиси секоја голема нација разви своја геополитичка школа, а главната причина за проучување на просторот и политиката беше да се бараат начини за зајакнување на сопствената држава, која се сметаше за организам кој се раѓа, живее и умира.

Во тој поглед се истакнувал интересот на германските географи, генерали и истражувачки кои поведени од сфаќањето за државата како жив организам и потребата од нејзино територијално раширување на „животен простор" заради опстанок ја развиле германската школа на геополитика на чија основа Нацистичка Германија и Адолф Хитлер ја изградиле својата државна, воена и надворешно политичка доктрина. Тоа придонело да постојат негативни ставови кон геополитиката во периодот по II Светска војна, поради што таа била речиси занемарена и скоро напуштена како дисциплина, но геополитичките истражувања останаа присутни преку истражувања во науката за меѓународни односи.

Со сè побрзиот информациско-технолошки развој во подоцната фаза на Студената војна и појавата на делата на Хенри Кисинџер и Збигњев Бжежински, повторно се појавил интерес кон геополитиката, но овој пат повеќе од научен аспект, со што таа е повторно вратена како дисциплина на научната и истражувачката сцена во светот.

Генерално, развојот на човековото живеење, придонел и геополитиката во одредени периоди да се развива во различни правци, па така во однос на историските периоди на човештвото познати се: империјална геополитика, геополитика за време на Студената Војна, современа геополитика на новиот светски поредок и еколошка геополитика. Од друга страна, повторниот интерес за геополитиката кон крајот на XX век и развитокот на постмодерната филозофија придонеле за значителен развој особено во Франција каде е основана конфликтната геополитика од Ив Лакост. Истовремено, забрзаниот економски развој и извонредното значење на економијата и економските средства во меѓународните односи придонеле за незапирливото зголемување на интересот за геоекономија, кој е актуелен и ден денес.

Втората половина на XX век беше карактеристична поради постоењето на блоковата поделеност на општествата кои инаку беа цврсти и релативно единствени во својата внатрешност. Студената војна, која претставуваше закана за светскиот мир и поредок, со својата дијаметрална спротивност, како резултат испорачуваше „насилен мир", кој воспостави стабилен политички поредок. Падот на Источниот блок требаше, и на почеток релативно успешно, да обезбеди конвергенција на општествените разлики и светот влезе во фаза на политички развој. Глобализацијата веќе неколку децении претставува галопирачки тренд кој ги брише границите и бариерите за трансфер на добра, на луѓе и на капитал. Тоа е секако уште повеќе потпомогнато од експоненцијалниот развој на комуникацијата, па за разлика од пред половина век денес светот е неколкукратно помало место за живеење. Дихотомијата на политичкиот поредок одамна е избришана, па светот живее во мултиполарен политички поредок при што шареноликоста на светските центри на моќ само се зголемува и се диверзифицира. Глобализацијата досега обезбедуваше и сè уште обезбедува огромен број предности и можности за раст и развој, но очигледно новата состојба се соочува и со нови предизвици.

Општествата дефинитивно веќе не се толку меѓусебно поделени и далечни, но внатре, во секое од нив, се формира длабока поделеност меѓу граѓаните. Ако тоа порано беше ексклузивитет само на земјите кои произлегуваа од длабоките транзиции или на земјите во развој, денес повеќе не може да се зборува за општества кои се имуни на длабоки внатрешни општествени и политички поделби. Брзиот развој на науката, на технологијата и на индустријата само ја подгрева општествената поделба на оние кои широко го прифаќаат новото време и оние кои не успеваат да се снајдат со новите промени. За разлика од порано, брзиот развој е денес пребрз и создава преголеми разлики меѓу оние кои го прифаќаат прогресивниот начин на општествено остварување и оние кои местото во општеството очекуваат да го обезбедат со задржување на досегашните вредности и сфаќања. Овој цивилизациски судир сè помалку претставува судир меѓу држави, нации или блокови, туку сè повеќе претставува судир меѓу политичките опции внатре во самите општества, кои несомнено трпат сериозна радикализација. Развојот денес е толку многу брз, што формирањето на разликите се случува со

поголема динамика од она што општествената и политичка наука може да го идентификува, анализира и понуди решенија за него. За светот да излезе од оваа нова политичка инвазија потребно е општествената и политичката наука да го забрзаат сопствениот научен дострел, имајќи предвид дека останатиот развој може само да се забрзува, а разликите меѓу луѓето само да се продлабочуваат.[4]

По оваа транзициона фаза, геополитиката доживеа повторно раѓање, со променети карактеристики и цели на постоењето. Геополитиката влезе во XXI век, сè уште полна со контроверзии, незнаење и различни погледи кои со себе ги носи. Каков ќе биде нејзиниот развој во XXI век? Дали повторно ќе стане алатка за производство на доктрини во служба на државните интереси, или ќе го продолжи развојот како научна дисциплина?

На крајот на овој дел за геополитиката, останува да донесеме заклучок дека геополитичкиот пристап, доколку се користи на вистински начин во професионална и етичка смисла, е најсоодветен пристап кон проучувањето на геополитичките односи во современиот свет. За жал, нестручно и несовесно користење на геополитиката во одредени временски периоди донесе анатема која не е незаслужена. Сепак, развојот врз основа на многу различни принципи на геополитиката во последните дваесет години предизвика промени во позитивна насока. Најважно во овој развој е што помало влијание и притисоци од политичките кругови на власта врз геополитиката.

Геополитичкиот поредок се однесува на хиерархиската организација на просторот во рамките на геополитичкиот систем. Потребата за истражување на глобалниот геополитички поредок е неспорна. Таа бара глобален пристап, земајќи ги во предвид факторите од глобално значење и дофат, и го смета светот како целина, а не како збир на изолирани држави. И покрај фрагментацијата на политичките единици, влијанието на факторите е се повеќе глобално. Тие преминуваат преку бариери и работат на големи растојанија. Ова е резултат на научната и техничката револуција, најизразена во областа на комуникацијата и

[4] „Новиот политички поредок не тропа пред портите, тој ги крши вратите кои го држеа надвор“ http://ekonomijaibiznis.mk/News.aspx?id=21626 (посетено на 20.02.2019 година)

информатичката технологија, како и процесот на глобализација, кој е сè поприсутен и побрз.

Геополитичкиот поредок е геополитичка категорија која може да се дефинира како географски аспект на правила, институции, активности и стратегии преку кои меѓународната политичка економија функционира во одредени историски периоди. Може да се дефинира како поредок во системот на суверени држави, кои се појавија по Вестфалскиот мировен договор во 1648 година. Геополитичкиот поредок е концепт кој ги објаснува геополитичките односи во одреден период од историјата. Составен е од елементи и фактори кои се дел од геополитичката проблематика.

Низ историјата на геополитиката со проучување на концептот на геополитичкиот поредок не се занимавале многу геополитичари. Најголемиот дел од нив се занимавала со проучување на геополитичкиот поредок како период во историјата на геополитичките и меѓународните односи. Својот подем, овие истражувања го доживуваат во втората половина на XX век во период кога владеел геополитичкиот поредок на Студената војна, како што биле Моргентау (Morgenthau), Кенан (Kennan), Лиска (Liska), а подоцна Коен (Cohen), Кисинџер (Kissinger) и Бжежински (Brzezinski) и во тие истражувања ги застапувале националните интереси на САД. Еден од истражувачите кои се занимавале со истражување на теоретскиот концепт на геополитичкиот поредок е и Роберт Кокс (Robert Cox) чии истражувања понатаму ги развиле О' Тул (О' Tuathail) и Агне (Agnew). Кокс во своето дело „Social Forces, States and World Orders: beyond International Relations Theory" од 1981 година[5] го разработува концептот на геополитичкиот поредок како аналитичко средство за истражување на состојбата на геополитичките односи во светот во одреден историски период. Кокс, геополитичкиот поредок го поврзува со хегемонијата која една држава ја наметнува над другите и потоа настојува да ја одржи.

Исто така, геополитичкиот поредок може да се разбере како збир на геополитички кодови со матрица, која влијае на сите нив како израз на

[5] Cox, R. (1981.), Social Forces, States and World Orders: beyond International Relations Theory, Millenium, p. 126-155.

единствениот геополитички поредок. Геополитичкиот код ја опфаќа дефиницијата на националните интереси, идентификацијата на надворешните закани врз тие интереси, планираниот одговор на тие закани и оправдувањето на таквиот одговор. Бројот на геополитичките кодови може да е ист со бројот на државите затоа што секоја држава има право и потреба да создаде сопствен геополитички код. Секој геополитички код е единствен, и на неговото создавање влијае состојбата во меѓународниот систем, како и геополитичките кодови на соседните држави.[6] Геополитичките кодови на хегемонистичките држави имаат толку големо влијание кое не е ограничено само на соседните држави, туку влијаат и на кодовите на останатите држави во регионот, на континентот или во целиот свет.

Светскиот геополитички поредок исто така, може да се детерминира како распределба на моќта во светот, според која се рамнат и во чиј склад делуваат најголемиот дел од политичките елити во светот. Оваа распределба на моќта вклучува периоди на стабилност и циклуси на хегемонија, како и своевиден ред и поредок помеѓу веројатностите во светот во кој владее хегемонијата. Одредени геополитички поредоци претставуваат периоди во кои наспроти меѓународната анархија преовладува владеењето на големите сили кои вршат прилагодување на своите интереси.[7] Меѓутоа, анархијата во потесен смисол на зборот останува затоа што во светот никогаш не е воспоставена централна власт бидејќи преовладува меѓународниот систем на суверени територијални држави.

Период на транзиција од еден геополитички поредок во друг се случува кога еден геополитички поредок ќе доживее криза, односно кога односите ќе станат нестабилни. Периодот по Втората светска војна, од 1945 до 1947 година, е добар пример на геополитичка транзиција. Настаните кои се случувале во Европа и поранешниот Советски Сојуз од 1989 до 1991 година имаа свое влијание на случувањата во целиот свет. Тоа е последната геополитичка транзиција која траеше речиси две години.

---

[6] Taylor, P. J. (1993.), Political Geography, Longman Scientific & Technical, Essex, p. 64
[7] Ibid, p.74

### 1.1. Концептот на П.Тејлор (Peter J. Taylor)

Тејлор за да го објасни геополитичкиот поредок, како клучен поим го зема циклусот на хегемонија, кој е знак за периодот во историјата на геополитичките односи во кој е реализирана доминацијата или хегемонијата на државата над другите. Хегемонијата не се смета за негативна, но постоењето на висок степен на хегемонија се смета за клучно при појавата на глобален геополитички поредок. Досега имало два циклуси на хегемонија, британски и американски.

Британскиот може да се прати од почетокот на XIX век.[8] Во периодот во кој по падот на Наполеон Бонапарта и рушењето на краткотрајната светска моќ и превласт на Франција, доаѓа до создавање на првиот циклус на хегемонија во историјата, односно создавање на британскиот циклус на хегемонија, кој својата кулминација ја доживува во средината на XIX век. Потоа, оваа хегемонија губи на интензитет, најмногу поради јакнењето на другите држави и обединувањето на Германија. Кон крајот на XIX век почнува циклусот на хегемонија на Соединетите Американски Држави, кој трае сè до крајот на Студената војна. Според одредени аналитичари, овој циклус на хегемонија трае сè уште во поизразен облик поради што сè уште се нарекува втор американски циклус на хегемонија. Според други аналитичари со завршувањето на Студената војна настапува нов циклус на хегемонија кој до сега не добил свое посебно име. Имено, циклусите на хегемонија на Велика Британија и САД можат да се нотираат како периоди на релативна стабилност во меѓународниот систем во кој државите хегемони успеале да ги наметнат сопствените надворешно-политички ставови врз поголемиот дел од останатите актери и практично да ги реализираат сопствените идеи во рамките на постоечкиот геополитички поредок. Ваквата стабилност овозможила хегемонијата да се поврзе со геополитичкиот поредок.

[8] Ibid

Табела бр.1 Циклуси на хегемонија и светски геополитички поредоци

| **Етапи на времетраење** | **Циклус на хегемонија** | **Години на транзиција** | **Светски геополитички поредок** |
|---|---|---|---|
| | Британски циклус на хегемонија | | |
| 1790-1798 | Раст на хегемонијата | | Дезинтеграција на доминацијата на Наполеон |
| 1815-1825 | Врв на хегемонијата | 1813-1815 | Светски поредок на хегемонија и согласност |
| 1844-1851 | Зрела хегемонија | | Рамнотежа на силите во Европа |
| 1870-1875 | Пад на хегемонијата | 1866-1871 | Светски поредок на конкурентност и согласнот |
| | | | Германија доминира со Европа, Британија владее со остатокот на |
| | Американски циклус на хегемонија | | |
| 1890-1896 | Раст на хегемонијата | 1904-1907 | Светки поредок на британското наследство |
| 1913-1920 | Врв на хегемонијата | | САД и Германија стануваат велесили |
| 1940-1945 | Зрела хегемонија | 1945-1947 | Светски поредок на Студената војна |
| 1967-1973 | Пад на хегемонијата | | СССР станува закана за американската хегемонија |
| | Нова хегемонија | | |
| 1990-? | Раст на хегемонијата на САД | 1989-1991 | Нов светски геополитички поредок |

Извор: Taylor, P. J. (1993.), *Political Geography*, Longman Scientific & Technical, Essex

## 1.2. Концептот на Џ.Агне (J. Agnew) и С.Корбриџ (S. Corbridge)

Концептот на геополитичкиот поредок на Агне и Корбриџ е концепт што произлезе од школата за критичка геополитика. Концептот се заснова на многу пошироко разбирање на геополитичкиот поредок, како и на истражувањето на Лефевр (Lefebvre), кој прави аналитичко разграничување помеѓу просторната пракса (spatial practice), претставување на просторот (representation of space) и претставениот простор (representational space).

Просторна пракса се однесува на материјалните и физичките текови, интеракциите и комуникацијата што се случуваат во просторот како главни карактеристики на економското производство и социјалната репродукција. Претставувањето на просторот ги вклучува сите концепти, практики и географски

кодови кои се користат за објаснување на просторната пракса. Претставените простори се можни сценарија за просторна пракса или „имагинарна географија“, кои инспирираат промени во застапеноста на просторот, со цел трансформирање на просторна пракса.

Врз основа на оваа разлика, беше направена диференцијација на геополитичкиот поредок од геополитичкиот дискурс. Геополитичкиот поредок се однесува на политичката економија на просторната пракса или на хиерархиската организација на просторот. Геополитички дискурс се однесува на геополитичката замисла на хиерархиска организација на просторот, која во својот централен дел ја има интерпетацијата на тој простор, која не мора да биде точна и не мора да се реализира. Разликата помеѓу просторната пракса и застапеноста на просторот, геополитичкиот поредок и геополитичкиот дискурс претставува голем напредок во разбирањето и истражувањето во геополитиката.

Историјата на човештвото познава три гополитички поредоци, додека четвртиот геополитички поредок е периодот кој денеска трае. Секој геополитички поредок бил пратен со соодветен геополитички дискурс. Британскиот геополитички поредок е објаснуван со цивилизациската геополитика според која Европа и нејзината цивилизација е надмоќна во однос на цивлизациите надвор од Европа, што ѝ дава за право и должност да спроведе процес на „цивилизирање“ преку територијални освојувања и колонијално уредување. Геополитичкиот поредок на империјалните судири се објаснува преку природната геополитика во која било присутно влијанието на природните науки и теоријата на еволуцијата, органската теорија на државата и холистичкото поимање на работите. Во конфронтирањето на империите секоја империја полагала право на слабите држави и народи во своето непосредно соседство или во другите делови од светот. Судирите се воделе помеѓу империите кои се бореле за светска доминација. Геополитичкиот поредок на Студената војна ја создава идеолошката геополитика, во која се одвивал судир помеѓу два спротиставени воено-политички блока и два

потполно различни става за тоа каква би требало да биде глобалната политичка економија.[9]

Табела 2. Геополитички поредоци и геополитички дискурси низ историјата

| | **Просторна практика** | **Претставување на просторот** |
|---|---|---|
| **Период на траење** | **Геополитички поредок** | **Геополитички дискурс** |
| 1815-1875 | Британски геополитички поредок | Цивилизациска геополитика |
| 1875-1945 | Геополитички поредок на империјалните судири | Природна геополитика |
| 1945-1990 | Геополитички поредок на Студената војна | Идеолошка геополитика |
| 1990-? | Нов светски геополитички поредок | Геополитика на глобализмот и универзализмот, геоекономија |

Извор: Agnew, J., Corbridge, S. (1995), Mastering Space, Routledge, London

### 1.3. Концептот на С. Коен (Saul B. Cohen)

Концептот на геополитичката еволуција се состои од геополитичка динамична рамнотежа помеѓу која се јавуваат периоди на геополитичка транзиција. Според Коен, основното прашање е: дали политичката карта на светот отсликува систем во кој владее ред (дали во него постои геополитички поредок) или неред; рамнотежа или нерамнотежа.

Во втората половина на XX век егзистираше биполарниот светски поредок, чие основно обележје беше рамнотежата на стравот која постоеше помеѓу блоковите чијашто сила имаше варијабилна константа. Секој период на слабеење на некој од блоковите, значеше јакнење на спротивниот блок.[10] Рамнотежата се остварува кога по одредени пореметувања доаѓа до урамнотежување на состојбите во системот. Со самото созревање на системите, неговите делови се умножуваат и ја одвлекуваат моќта од централниот дел на системот. Во децентрализираниот систем, каде што индивидуалните територијални единици имаат растечка одговорност за насочување на сопствените капацитети, интеракцијата помеѓу компонентите станува самостојно насочена. Таквата интеракција може да биде кооперативна или компетитивна, но секогаш е турбулентна. Најважен израз на

[9] Милески, Т. (2015), Политичка географија и геополитика. Скопје, Филозофски факултет (p. 187)
[10] Cohen, S. B. (1963), Geography and Politics in a World Divided, Random House , New York, p. 56-87

интеракција претставува преориентацијата и прегрупирањето на територијално-политичките единици. Прегрупирањето претставува одлика на сите геополитички нивоа – од подрачјето до регионот до државата и субдржавните единици. Геополитичките процепи се случуваат на одредени линии кои се избрани помеѓу група линии кои ни ги овозможува самата природа. Релативната моќ на поедини јадра на моќта го одредува местото и хиерархиското ниво каде што ќе се случи геополитичкото разделување и прегрупирање.[11]

Според еволуцискиот принцип, кој го разгледува Коен, постојат четири етапи низ кои поминува системот. Првата фаза е недиференциран систем, каде деловите на територијата не се поврзани и имаат еднакви функции. Потоа, во втората етапа доаѓа до диференцијација, во која деловите на системот функционално се специјализираат, но сè уште се изолирани. Следуваат етапите на специјализација и хиерархиска интеграција што доведува до интеграција на различни делови од територијата во системот.[12]

Исто така, Коен ги идентификува државите според нивниот удел во распределбата на моќта во пет категории: суперсили (САД, Кина и Русија), надрегионални сили (Индија и Бразил), регионалните сили (Иран, Египет, Германија), држави со средна големина и некои помали, кои се доволно развиени и влијателни држави и мали, речиси неважни држави.

Покрај оваа класификација, Коен состојбата во геополитичкиот систем во одреден временски период, што кај други автори се поклопува со геополитичкиот поредок, ја истражува и по хиерархиски нивоа на поделба на просторот (геостратегиски подрачја, геополитички региони, држави и региони во склопот на државите). Покрај овие, Коен идентификува „gateway“ региони кои претставуваат премин помеѓу геополитичките региони или подрачја, и „shatterbelt“ региони кои претставуваат нестабилни зони на судири со јако влијание од другите региони.[13]

---

[11] Cohen, S. B. (1994), Geopolitics in the New World Era: A New Perspective on an Old Discipline, In: Demko, G. J. (ed.), Wood, W. B. (ed.), Reordering the World: Geopolitical Perspectives for the Twenty-first Century, Westview Press, Boulder, Colorado, p. 15-48
[12] Ibid, p.26-31
[13] Милески, Т. (2015), Политичка географија и геополитика. Скопје, Филозофски факултет (p. 192)

## ГЛАВА II:
## УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА НОВ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК

Новиот светски геополитички поредок се јавува како последица на распаѓањето на претходниот, односно геополитичкиот поредок на Студената војна. Во тој контекст, очигледна е промената во процесите и структурите во меѓународниот систем.

Геополитичката транзиција, како неопходен предуслов за појава на нов геополитички поредок, не беше резултат на класична војна, туку консеквенција на крајот на Студената војна и распад на СССР. Тоа доведе до големи промени во политичката и општествената сфера низ целиот свет. Резултат на таквите промени е појавата на геополитички и меѓународни односи кои овозможуваат развој на нов геополитички поредок.

Новиот светски геополитички поредок се развива во нови услови, постмодерни односи во геополитичкиот свет. Со промената на геополитичките односи и услови, се менува и геополитиката од модерна во постмодерна. Основни карактеристики на современата геополитичка ситуација во светот се глобализацијата и детериторијализацијата. Колин Флинт во својот труд „The Geopolitics of Laughter and Forgetting: A World-Systems Interpretation of the Post-Modern Geopolitical Condition“, геополитичките услови ги поставува во поширок историски контекст на борба за глобална хегемонија, која ја обележува глобалната капиталистичка економија и создава хегемонистички циклуси. Крајот на Студената војна овозможи појава на одредени процеси кои се протегаат надвор од границите на државата и ги раструраат предрасудите дека државата и општеството се истоветни. Тоа овозможува да се појави нова геополитичка имагинација која имплицира на тоа дека детериторијализацијата која денес се случува претставува дел од систематските циклуси во глобалната капиталистичка економија. Современите настани наметнуваат две основни прашања. Прво, дали сегашните процеси го поткопуваат суверенитетот на државата на начин кој ќе овозможи крај на Вестфалскиот систем на држави или тие процеси се само преодно обележје на

хегемониската транзиција? Постмодернистичкиот аспект на современата геополитика претставува релативна сила на државите која им овозможува да управуваат со глобалните процеси или да ги менуваат истите доколку не се по нивна волја. Пристапот кон светскиот систем, Флинт го користи од причина што содржи поголема теоретска позадина од останатите пристапи. Имено, таквиот пристап овозможува три придобивки. Прво, дава геоекономски концепт кој овозможува разбирање на географската диференцијација во процесот на детериторијализацијата. Второ, нуди временска динамика која ги овозможува одговорите на прашањата зошто одредени процеси се случуваат во реално време и трето, ги истражува клучните институции на глобалната капиталистичка економија и дава можност за насочување на анализата на детериторијализацијата од нејзините географски појави кон социјалните процеси.[14]

Условите за развој на новиот светски геополитички поредок се разгледуваат во неколку основни полиња, односно на политичко, воено-безбедносно, економско, социјално и научно-технолошко поле.

✓ *На политичко поле:*

- Пролиферација на државите и нивното влегување во меѓународниот систем, поради што бројот на членките на меѓународното општество се зголемил за преку 20 држави, од кои најмногу во Европа (заедно со Русија 14), Азија вкупно 8 и во Африка 2 (Еритреја и Намибија). Истовремено, во Европа исчезнале 4 држави (СССР, Источна Германија, Чехословачка и СФРЈ). Ваквиот процес претставува најголема пролиферација на држави по периодот на деколонизација;
- Создавање на сè поголем број субјекти на меѓународните односи, односно покрај државите се појавуваат различни организации и интеграции, невладини организации, различни здруженија, движења и слично;
- Појава на криза на национална држава, која како производ на далечното минато (XIX век) со сите свои ограничувања, сè повеќе се прилагодува на современите услови кои владеат внатре и надвор од нејзините граници. Националната држава се потешко ги задоволува потребите на сите општествени

[14] Ibid (p. 193-194)

групи кои егзистираат во рамките на нејзините граници. Во меѓународните односи има сè поголема конкуренција на преостанатите субјекти на меѓународните односи;

- Ограничување на суверенитетот на државата со помош на делување на меѓународните инструменти на моќ, како што се воено-политичките сојузи и меѓународни организации;
- Слабеење на одредени светски центри на моќ и јакнење на некои други што доведоа до нова реалност во геополитичките и меѓународните односи и до нов поредок;
- Ширење на демократизација во регионите и државите во кои порано не постоела. Најголемо ширење се случило во Европа, Азија донекаде и Африка. Меѓутоа, не се сите формални демократии, вистински либерални демократии од западноевропски тип;
- Широко прифаќање на либералната демократија како единствен можен начин за иднината кај сите успешни општества кои успеале економски да се развијат или барем се стремат кон таков развој;
- Појавата на земји во транзиција и земји „отпадници“ кои се надвор од светскиот поредок;
- Јакнење на регионалните геополитички поредоци како резултат на слабеење на биполарноста;
- Достигнување статус на САД како единствена светска суперсила и глобален хегемон, со уште поголем степен на хегемонија од порано. Понатамошниот развој на светскиот поредок ќе зависи од глобалната политика на САД;
- Распад на една супер сила, СССР и претворање голем број негови конституенти во голем простор на нестабилност оптоварен со транзициски проблеми. Со неговиот распад се означува дефинитивниот крај на комунистичкиот континентален блок. На тој начин е создадена „црна дупка“ во централниот дел на Евроазија;
- Создавање нови поделби како резултат на бришењето на студеновоената биполарна поделба;

- Појава на опозиција на новиот светски поредок, преку одредени држави на сите континенти;
- Неможност за решавање на централните прашања за опстанок и развој на целиот свет.

✓ *На воено-безбедносен план:*

- Намалување на можноста за глобален судир со нуклеарно оружје помеѓу нуклеарните велесили;
- Постоењето на светска суперсила која на воен план нема достоен противник, освен во случај на целосно глобално конфронтирање, што е малку веројатно;
- Редефинирање на националните безбедносни и стратегиски цели и интереси на сите држави во светот, а особено на најмоќните и најмногу вклучени во светскиот поредок;
- Појавата на нови безбедносни предизвици кои имаат поинакви карактеристики отколку што имале најголемите закани по безбедноста во периодот на Студената војна. Новите безбедносни предизвици се делат на три дела: латентни традиционални конфликти кои сега влегуваат во нова фаза на траење на повисоко ниво, новонастанати конфликти и кризни жаришта врзани за големите промени во геополитичките односи во геополитичката транзиција (создавање нови држави, проблеми со новонастанатите малцинства, етнички и регионални судири), глобални предизвици на безбедноста со нетериторијалниот карактер кои имаат сè поголеми размери (тероризам, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, трговија со дроги и луѓе, еколошки закани и катастрофи и сл.);
- Сè поголемото глобално затоплување и загадување, кое во иднина се заканува одредени делови од Земјата да ги претвори во простори кои нема да нудат услови за живеење на луѓето;
- Новите безбедносни предизвици бараат примарни одговори на државните безбедносни структури, односно системите на национална безбедност кои во голема мера се реликт од минатото и не се способни правовремено и на вистински начин да одговорат на овие предизвици;

- Креирање нови безбедносни доктрини кои се јавуваат како одговор на новонастанатите состојби во меѓународната – безбедносна околина. Безбедноста денес се подразбира како многу пошироко подрачје која не се однесува само на физичката одбрана на државата и на нејзината територија и заштита на територијата на луѓето. Промената на заштитната функција ги опфаќа и прашањата за трговијата, благосостојба, раст на економијата и заштита на животната средина;
- Појава на свест за потребата од создавање систем на колективна безбедност на регионално ниво и по можност на глобално ниво.

✓ *На економски план:*

- Преминување на развиениот свет од индустриски во постиндустриски период;
- Ослабување на препреките за меѓународната трговија;
- Зголемување на опсегот на меѓународната трговија;
- Развој на меѓународните економски организации и интеграции, кои стануваат сѐ позначајни субјекти на меѓународните односи;
- Забрзување на процесот на глобализацијата како збир на првенствено економски промени кои се случуваат насекаде во светот;
- Поделба на светот на меѓусебно конкурентни блокови;
- Понатамошен развој на светскиот систем и поделба на светот во јадрото, полупериферијата и периферијата;
- Забрзано поместување на одредени делови од светот од полупериферија во јадро или периферија;
- Изразена нееднаквост во распределбата на светските ресурси и светското богатство;
- Зголемување на разликите во богатството и стандардот на живеење меѓу развиените и неразвиените држави, како и помеѓу богатите и сиромашните групи на население во државите;
- Зголемување на задолженоста на неразвиените држави кон развиените држави;
- Појавата на геоекономијата како образец за делување на развиените држави во нивната политика кон светот. Главни протагонисти на геоекономијата се

САД, особено Клинтоновата администрација. Геоекономијата како образец на делување сè повеќе ја заменува геополитиката и геостратегијата. Геополитиката сè повеќе се доживува како студеновоена, а геоекономијата како постстуденовоена парадигма. Геоекономијата во иднина веројатно ќе биде најважниот образец за делување на развиените земји кон сиромашните, што со забрзаниот процес на глобализација ќе доведе до зголемување на разликите во богатството и стандардот на живеење на развиените и неразвиените држави.

✓ *На општествено поле:*

- Забрзана трансформација на општествата на развиените држави од модерни во постмодерни општества што е симбол за низа опсежни општествени промени;
- Заострување на цивилизациските разлики во светот и појава на соперници на доминацијата на западната цивилизација над останатите светски цивилизации. Како најголеми противници на западната цивизилација, според Хантингтон, се издвојуваат кинеската и исламската;
- Урбанизација на помалку развиените држави, субурбанизација и метрополитанизација на развиените држави. Со тоа се мотивираат сè поголемите социјални разлики;
- Слабеење на државна контрола над одредени аспекти од општествениот живот;
- Забрзан развој на цивилното општество во демократските држави;
- Јакнење на институтите за човекови права во меѓународното општество и во сè повеќе држави. Човековите права стануваат едни од најважните фактори што е водилка за политиката на ООН, но и на политиката на еден дел од светските држави;

✓ *На научно-технолошко поле:*

- Забрзан развој на средства за комуникација, првенствено телекомуникациските средства, кои овозможуваат спојување на светот во единствена единица во кратко, реално време;

- Забрзан развој на информатичките системи кои овозможуваат собирање, складирање и обработка на големи количини на податоци во краток временски период;
- Промени во организацијата на работата како последица на развојот на технологијата. Тоа доведува до поголема невработеност како еден од најголемите причинители на проблеми во општествата, како во развиени, уште повеќе во неразвиените држави;
- Развој на нови методи на научните истражувања, особено во природните науки;
- Развојот на нови природни науки, како на пример, био-технологија и модерна генетика.[15]

## 2.1. Процеси во рамките на новиот светски геополитичкиот поредок

Студијата поврзана со новиот светски геополитички поредок нема да биде целосна доколку не се осврнеме и на современите процеси. Проучувањето на процеси како што се глобализацијата, детериторизација на капитал, производство и потрошувачка, промени во организацијата на глобалниот простор, промени во карактерот и перцепцијата на безбедноста, може да ни ги укажат можните насоки на развој на современи односи во светот.

Најважниот процес во модерниот поредок е процесот на глобализација. Процесот на глобализација е единствен процес кој ги вклучува сите други процеси кои ги карактеризираат модерните и современи геополитички и меѓународните односи. Во тој контекст, процесот на политичка, економска и културна глобализација може да се смета за еден од најважните процеси кои се одвиваат во современиот поредок. Со промената во структурата на новиот светски геополитички поредок и промени во геополитичките односи, глобализација

[15] Ibid (p.196-200)

одлучувачки влијание врз насоката и интензитетот на развој на геополитичкиот поредок во светот.

Контрадикторноста кај глобализација се манифестира на начин што денес не постои единствена и прифатена дефиниција. Глобализацијата најчесто се однесува на циркулацијата на луѓе, стоки, капитал, услуги, идеи, вредности, кои се помалку се ограничени на одредена географска област и вообичаено делување. Во поимот „глобализација“ се вклучени голем број различни активности, па создавање на единствен концепт или недвосмислена дефиниција е отежнато.

Изворите на глобализација се јавуваат во економските, политичките, технолошките, психосоцијалните и општествените случувања кои го поттикнуваат ширењето на интересите и обичаите преку воспоставените граници. Глобализацијата со себе носи цела низа на глобални феномени, го руши воспоставениот концепт на територијалност (што доведува до детериторијализација), ги надвладува границате и врската помеѓу идентитетот и територијата, поместува важни активности надвор од државните или националните граници. Глобализацијата пресудно влијае врз геополитиката преку влијание врз територијалноста, која заедно со власта е централен термин во геополитиката. Глобализацијата може да доведе до исчезнување на територијалноста и моќта на државата и да создаде нетериторијален свет без граници. Глобализацијата може да се дефинира како процес на поврзување и создавање на меѓузависност помеѓу територии, како процес на проширување и продлабочување на општествените односи и институции во просторот и времето. Тоа е процес на компресија на просторот и времето.

Поради влијанието на глобализацијата и промени во глобалниот геополитички систем, потребно е модерниот поредок да се истражува преку постмодерната и постреалистичката парадигма. Глобализацијата се поврзува со појавата на мрежа на моќ и суверенитет. Се создава нова форма на хегемонија без хегемон, наречена транснационален либерализам. Хегемонија е пазарна идеологија, која денес е доминантна во светот, а глобализацијата е процес со кој се спроведува пазарната идеологија и пристапот до сите пазари.

Детериторијализацијата е процес кој се појави како резултат на процесот на глобализација. Детериторијализација како процес на надминување на територијалноста и нејзините ограничувања, најпрво го зафатила пазарот на капитал и влијаела на просторната пракса и претставувањето на просторот. Глобализацијата на производството, финансиите, информатичките и комуникациските технологии доведува до сè помало поврзување на овие активности со одредена територија. Глобализацијата на геополитичкиот поредок влијае на геополитичките импликации, главно преку детериторијализација.

Детериторијализацијата е поим за реорганизација и преструктуирање на просторните односи, како резултат на технолошки, материјални и геополитички трансформации во доцниот XX век. Во исто време, поимот се однесува и на проблемите на територијата, односно нејзиното губење на моќта и значењето во секојдневниот живот. Детериторијализацијата се однесува на новите услови во комуникацијата и информатизацијата, надминувањето на поделбата и појавата на посилен глобализиран свет.

Промената на организацијата и разбирањето на просторот се гледа преку промени кои се одговор на современите геополитички услови и процесите на глобализација и детериторијализација. Денес постојат предвидувања кои говорат за замена на традиционалниот простор со сајбер просторот, но тоа не може да биде точно, бидејќи светската политика е поделена во големи области каде што борбата за територија, повторно го нагласува значењето на геополитиката. Но, на највисоко ниво во глобалниот систем, глобализацијата и новите технологии создаваат нови видови на соработка и ја намалуваат улогата на географијата. За земјите кои учествуваат во глобализацијата, територијата стана сè помалку важна, додека пак улогата на сајбер просторот е зголемена поради актуелните можности за комуникација, глобалните медиуми и можноста за пренос на големи количини на парични средства. Сепак, останува важноста на традиционалниот географски простор. Во иднина, борбата ќе се одвива меѓу државите и корпорациите заради контрола на сајбер просторот. Во меѓународниот систем, тензиите меѓу глобализацијата и фрагментацијата, соработката и конфликтот, иновациите и традицијата ќе останат.

Безбедноста во современиот свет и безбедноста која би требала да биде примарна цел на секој поредок, се едни од најважните аспекти што треба да се истражат за да се разбере модерниот поредок. Современиот свет се карактеризира со појава и раст на разни видови на ризици, закани и безбедносни предизвици.

Транзицијата од Студената војна во постстуденовоен период се карактеризира со голем број на турбулентни промени во светот. Тоа беше премин од период на големо ривалство на спротивставени суперсили, во период на мали конфликти од регионален и етнички карактер. Можноста за глобална воена конфронтација беше значително намалена. Современиот период ја означува глобалната хегемонија на единствената преостанатата суперсила, САД и нестабилност и неизвесност во другите делови на светот. Безбедноста, спротивно на предвидувањата од Студената војна, го задржа своето значење во меѓународните односи и во голем број држави. Сепак, особините и разбирањето на безбедноста се сменија. Состојбата на безбедност, со падот на комунизмот во Источна Европа и со почетокот на падот на СССР, малку се подобри, но брзо се влоши на регионално ниво во Југоисточна Европа, Источна Европа и Кавказ, т.е во срцето на светската копнена маса и простор, клучно за безбедноста во делови од Европа, Русија и делови од Азија. Овие настани се совпаднаа со признавањето на потребата концептот на безбедност да добие пошироко значење. Крајот на Студената војна обезбеди можност да се разбере сложеноста и поврзаноста на проблемите. Несигурноста, го покренува проблемот со структурите на редот, кои мора да ги идентификуваат новите закани и да најдат нови одговори во националната и меѓународната безбедносна политика. Безбедноста е под влијание на кризата и промените на современата национална држава под влијание на процесот на глобализација, детериторијализација и научно-технолошка револуција.

Безбедносните предизвици во новиот светски поредок значително се разликуваат од предизвиците на геополитичкиот поредок на Студената војна. Наместо традиционалните воени закани, предизвиците денес се најчесто од поинаква природа. Безбедносните предизвици во современиот свет се најчесто нови нетериторијални, транснационални закани, кои се шират надвор од државните граници. Таквите предизвици се тероризмот, пролиферацијата на

оружје за масовно уништување, болестите, еколошките катастрофи, глобалното затоплување и други.

Со крајот на Студената војна, дојде до промени во геополитичките односи, а со тоа и промени во активностите за спречување на ризиците кои се транснационални, така што не може да се зборува за безбедносната политика и политиката генерално, како прашање за хиерархиски организирани држави. На ризиците повеќе не може да се одговори преку хиерархиски политички интервенции. Политиката влијае само на перцепцијата на индивидуалните ризици во општеството.

## 2.2. Актери во новиот светски геополитички поредок

Актерите имаат одлучувачко влијание врз поредокот. Со воспоставувањето и развојот на секој нов геополитички поредок во светот, доаѓа до промени во значењето на некои актери. Зајакнувањето и слабеењето на одредени актери зависи од разни фактори, од географски, преку политички и воени до економски и технолошки. Во периодот по Студената војна, актерите доживуваат големи промени во нивните карактеристики. Тие може да се поделат во четири групи: држави, други територијално-политички единици, меѓународни организации и други актери.

### 2.2.1. Држави

Државите денес се само еден од актерите во глобалниот геополитички поредок. Тие сè уште се најважните актери на геополитичкиот поредок, но нивната важност се намалува, а улогата се менува. Државата обично се дефинира како географски ограничен ентитет управуван од централната власт, кој има право да донесува закони, да владее и одлучува. Современата држава е ограничен дел од просторот кој има: државна територија, постојано население, политичка организација или власт, организирана економија, сообраќаен систем. Покрај географијата, постојат и политички атрибути на државата, како што се суверенитет и меѓународно признавање.

Идентитетот и интересите на државите и другите актери на поредокот се создаваат преку интеракција едни со други. Државата не може да постои, ако не е признаена од други држави. Денешниот систем има 193 признати независни држави, како резултат на масовната пролиферација на државите во неколку бранови во XX век. Геополитичките односи денес се најобемни и динамични, со тенденција на зголемување на бројот на актери, промена на улогите на актерите, промена на системските структури, појава на нови и забрзување на постојните процеси. Државата е способна да проектира некои аспекти на нејзиното дејствување надвор од нејзината територија. Надворешната политика на државата е насочена кон постигнување на промени во системот. Главната задача на државата се националните интереси и нивната заштита.

Условите во кои се развива современиот свет и поредок, поставуваат пред геополитичарите неколку прашања: Каква треба да биде улогата на модерната држава во глобалниот геополитички систем и геополитичките односи? Дали модерната држава е погодна за да биде примарна форма на територијалната организација во современиот свет кој се повеќе се карактеризира со глобализацијата на производството, потрошувачката, трговијата и политиката, развојот на технологија, иновациите и информациите? Дали модерната држава е во можност да одговори на големиот број нови предизвици и закани по безбедноста на граѓаните и стабилноста на општеството кои денес се случуваат главно поради промените во геополитичките односи во светот? Дали државата е во состојба ефикасно да одговори на појавата на глобалните проблеми кои не познаваат национални граници, како што се еколошки катастрофи, глад, заразни болести, глобалното затоплување, загадувањето на воздухот, водата и почвата? Ова се прашања кои се многу тешки да се одговорат. Нивната важност и релевантност не им дозволуваат на жителите на оваа планета да не се занимаваат со нивно решавање сега, а и во иднина.

Организацијата на глобалниот простор и во иднина ќе зависи од државите. Државите уште долго ќе останат примарната форма на политичка организација на просторот и најважните актери на геополитичкиот поредок. Можеме да очекуваме и понатамошна пролиферација на државите.

### 2.2.2. Други територијално-политички единици

Една од карактеристиките на модерниот поредок е пораст и зајакнување на улогата на територијално-политички единици различни од државите, чија егзистенција се должи на спецификите на историско-географскиот процес на создавањето и развојот на политичката карта на светот. Другите територијално-политички единици се неправилни политички единици и псевдо-држави, кои се разликуваат во однос на нивното настанување, развој и карактеристики.

Неправилните политички единици се поделени на:

- територијата под окупација (турскиот дел на Кипар, Голанската Височина)

- територијата со преоден статус (поделени држави - Германија, Виетнам, Кореја)

- други територијални и политички единици (Тајван, Ватикан, Монако)

- колонии и протекторати (Порторико, Кук Острови, Гренланд, Фарските Острови)

- територијата со несигурниот статус (Западна Сахара, Антарктик)

- територија под странска администрација

- меѓународни територии

*Неправилни политички единици* се остатокот од колонијална ера, воена окупација, поделбата или недостаток на желбата да се спроведе политичка организација во форма на држава.

*Псевдо-државите* се разликуваат од неправилните политички единици по начинот на кој се појавија и по тоа што немаат признаен суверенитет и правна субјективност. Неправилните политички единици им претходат на псевдо-државите, имаат преоден или несигурен статус, кој може да заврши со создавање на нова држава или враќање под суверенитетот на друга држава. Псевдо-државите се создаваат со деконструкција на геополитичкиот поредок, додека новиот поредок сè уште не е целосно воспоставен во сите делови на просторот. Тие исто така се должат

на глобализацијата, што доведува до слабеење на државната контрола врз општеството и некои делови од државната територија. Псевдо-државите најмногу настануваат таму каде што дошло до радикална промена или распаѓање на стариот систем и создавање на некој нов небезбеден или нестабилен систем. Географски, ваквите држави настанале главно во областа Rimland, како резултат на етничките конфликти што избувнаа поради падот на комунистичките федерации, Советскиот Сојуз и Југославија. Повеќето од овие држави беа создадени како израз на желбите на одредени етнички групи да го „територијализираат“ нивното постоење, со користење на нестабилност на новонастанатите држави, кои се соочуваат со проблемот на градење на државни структури и со закани по нивниот опстанок и територијален интегритет.

Псевдо-државите можеат да се поделат според нивното настанување и функции. Во тој контекст, разликуваме: институционализирани псевдо-држави (Приднестарска Молдавска Република, Апхазија, Нагорно-Карабах и други) и неинституционализирани политички единици (нив ги делиме на конфликтни области во рамките на некоја држава, кои не се под контрола на ниедна од спротивставените страни - Западна Сахара, делови од некои африкански земји, како и областите контролирани од страна на терористичките или криминални групи - делови од Колумбија, Бурма, итн.).

Псевдо-државите се една од последиците на распадот и деконструкција на геополитичкиот поредок од Студената војна, со што е нарушена контролата и хиерархиска организација на глобалниот простор. Најголема загуба на контролата се случи на Блискиот Исток, Југоисточна Европа, Суб-Сахарна Африка, Централна Азија и др.

### 2.2.3. Меѓународни организации

Меѓународните организации се актери на светскиот поредок со нетериторијален карактер, но нивните членки се со територијален карактер. Тие станаа актери на светскиот поредок многу подоцна од државите, а поголемо значење добија по II Светска војна. Најзначајна меѓународна организација е Организацијата на Обединетите Нации (ООН). Разликуваме меѓународни владини

и невладини организации. Според покриеноста ги делиме на универзални и регионални, а според карактерот на економски, политички и воено-политички. Со понатамошниот развој на модерниот поредок, може да се очекува нивен понатамошен развој. Невладините организации собираат различни членови, но не и држави. Фокусот е ставен на национални групи или здруженија, а помалку на поединци. Може да има организации на политички партии од различни земји, меѓународни хуманитарни организации, професионални организации, интересни групи, итн.

Нивниот број катадневно се зголемува и денес во меѓународните односи делуваат илјадници организации. Традиционалната геополитика не ги земала во предвид меѓународните организации, но новата геополитика ги смета за актери на геополитичките односи.

### 2.2.4. Други актери

Други актери на новиот светски геополитички поредок од нетериторијален карактер се движењата, нациите и црквата.

Движењата, кои можат или не мораат да имаат организирани форми на дејствување во институционална смисла, денес имаат сѐ поголема моќ. Постојат меѓународни движења од политички, хуманитарни, еколошки карактер. Но, денес е сѐ потешко да се разликува карактерот на некои движења, бидејќи тие имаат повеќе особини и речиси сите се политички.

Нациите денес, исто така, имаат големо значење во геополитичките односи, но не толку колку што имале во процесот на формирање национални држави во минатото. Нацијата повторно доби големо значење во геополитичката транзиција и појавата на нови држави кои почнаа да го бараат и создаваат својот нов идентитет, кој сега се базира не само на етнички, туку и на политички принцип.

Значењето на црквата е се помало и помало. Најголемо значење на сите цркви има Католичката црква, бидејќи има политички центар, висок степен на организација и уникатност, како и поради големиот број и територијална распространетост на католиците во светот.

## ГЛАВА III:
## ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА НОВИОТ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК

„Третата светска војна ќе започне во 17 часот на 24-ти ноември 2050 година. Токму во тоа време! На Денот на благодарноста во 2050 година!“ Неверојатната прогноза на Џорџ Фридман, основачот на Стратфор (Strategical Forecasting = Strategic Forecasting Corp.), беше објавена во книгата „Следните 100 години“.[16] Имено, Stratfor (Strategic Forecasting) е американска приватна фирма, формирана во 1996 година, позната како „ЦИА во сенка“. Невладината компанија врши редовен мониторинг на политичката ситуација во сите региони во светот, користејќи само отворени извори и на своите претплатници им испраќа дневни брифинзи со изборот на теми интересни за нив.

Пред да се случи овој настан, изгубената војна меѓу САД и џихадистите ќе биде заменета со нова студена војна против Русија. Русија, пак, ќе се обиде да ја обнови својата империја меѓу 2010-2020 година, за на крајот да ја доживее тажната судбина на СССР, и конечно ќе се распадне околу 2030 година. Во средината и крајот од XXI век, ЕУ не ќе може да игра улога на светски актер, поради своите внатрешни тензии, ниски стапки на економски раст и други причини.

Така, судбината на ЕУ во втората половина на овој век воопшто не е розова. Глобалната улога на земјите членки на ЕУ, особено на старите, како и повеќето мали нации, во втората половина на XXI век ќе биде безначајна. И улогата на Кина во светот ќе се намали, бидејќи околу 2020 година, оваа голема нација ќе биде фрагментирана. Азискиот континент како целина ќе остане на периферијата на светските работи. Жално, но кинеската трагедија се чини неизбежна, но само ако веруваме во проекциите од Стратфор, се разбира.

Во средината на овој век, Третата светска војна ќе се води помеѓу САД, Полска - како нова регионална сила и некои други американски сојузници, од една страна, и Турција и Јапонија, како нови големи сили и нивните сателити, од друга страна. Се разбира, по тешките битки, САД ќе биде победник во оваа голема војна. XXI век

[16] Friedman G. (2009), The Next 100 Years. A forecast for the 21st century. New York: Anchor Books

е американска ера (како што минатиот век беше европска ера). Но, до крајот на овој век, Мексико како растечки џин ќе го предизвика северниот остарен сосед.

Да резимираме: за Фридман и неговите соработници од Стратфор, следната (трета) светска војна е неизбежна. Американците повторно ќе бидат главни победници. Секако, многу е лесно книгата на Фридман, која XXI век го нарекува Американска ера, да се класифицира како пропаганда за американската воена супериорност, насочена главно на домашниот аудиториум, иако тоа можеби не е фер заклучок. Се разбира, проекцијата на Фридман не е толку прецизна како пресметките направени врз основа на показателите за макроекономските трендови, па можеби, таа би можела да биде соодветно обележана како геополитичка фантазија. И самиот Фридман ги замолува читателите да не ја земаат неговата прогноза премногу сериозно, а истовремено ги повикува да не ја перцепираат како премногу имагинарна, потсетувајќи на тоа дека човечката историја познава многу случаи кога научната фантастика од книгите се остварила.

Фридман тргнува од основната идеја дека XXI век е век на војна, не на мир, и ова е појдовна точка во конструкцијата на целата негова проекција. Затоа, неговото внимание беше посветено на одржувањето на глобалната доминација на Соединетите Американски Држави. Мирот и градењето на мирот не се од интерес за Фридман. Тој зборува за мобилизирање на својата нација заради добивање на војните во XXI век. „Освојувањето на мирот“ не е негова тема. Мировните мисии на ОН ќе бидат неефикасни во XXI век. Ова е ставот на лидерот на Стратфор. Непотребно е да се каже дека таквата способност не се потпира исклучиво на употреба на воена сила, туку и на другите инструменти на политиката, како дипломатијата, мерките на економски блокади и др. ОН и другите меѓународни тела реагираат остро на меѓународните кризи и на локалните конфликти кои можат да се прелеат во локални војни, со што ќе ја загрозат регионалната или глобалната безбедност. Сепак, аналитичарите се согласуваат дека клучните конфликти се

згаснати по Студената војна, а во мировните операции се кријат одредени интереси на големите сили, зад површината на дебатите водени внатре во рамки на ОН.[17]

Преминот од војна до стабилни мирни услови е тешка задача и често бара многу време и ресурси. ОН распоредуваат мировници од 1948 година, но Големите сили всушност се активираат во обласна на одржувањето на мирот по крајот на Студената војна. Во 1990-тите, по интервенцијата на НАТО во Југославија, експертите почнаа да зборуваат за т.н. „американизација на чувањето на мирот". Постсоветска Русија во раните 1990-ти, дејствуваше како мировник на територијата на поранешниот СССР. Руски мировен персонал соработува со воените набљудувачи и мировните мисии на ОН и ОБСЕ во многу од таканаречените „жешки зони".[18] Во случајот на Ирак, на пример, периодот на транзиција од војната започна уште во 2003 година и сè уште трае, односно мирот се гради долги години, всушност овој транзициски период не е завршен и покрај декларираното повлекување на американските борбени единици од оваа земја на крајот на летото 2010 година. Транзицијата „од војна во мир" речиси секогаш има негативни колатерални ефекти.

Воената интервенција предводена од САД по окупацијата на Ирак од страна на мултинационалните сили, е пропратена со непрестанато растење на тензиите во целиот регион, како и со огромен раст и прилив на наркотици во Русија преку таџикистанско-ирачката граница. Војната и мирот во XXI век, очигледно, се разбираат на неверојатно различни начини од страна на војската, политичарите, научниците, писателите и пошироката јавност. Сите се согласуваат дека, сепак, војната, по дефиниција е најчесто многу насилна и крвава. Мирот, најчесто се дефинира како слобода од војна. Затоа, обидите да се искористат сите расположливи средства за да се избегне трансформација на некаков спор во војна станаа дел од меѓународната практика.

Останува надежта дека оваа тенденција ќе се зајакне во XXI век и покрај мрачните прогнози за неизбежната трета светска војна. Фридман, можеби не може

---

[17] Rukavishnikov, V. (2001), Peacekeeping and National Interests. COPRI Working Paper 20/2001. Copenhagen: Copenhagen Pease Research Institute
[18] Collmer, S. (2009), From Fragile State to Functioning State. Berlin: Lit

да се нарече јастреб, но не е ни галеб, уште помалку галеб на мирот. Но, може со сигурност да се каже дека тој е голем патриот на САД, а книгата е рефлексија на постоечките стравови и соништа на оваа голема нација, или барем на дел од нејзината елита. Фридман ги експлоатира стравовите раширени меѓу дел од Американците (или можеби кај лицата кои се на негова возраст), за тоа кои се вистински американски ривали и зошто. Но, од неговите фантазмагорични проекции многу лесно може да се извлече заклучокот дека, всушност, САД чувствуваат екстремна недоверба во главните сојузници од НАТО, со исклучок на Велика Британија и Полска, како и дека Турција и Јапонија, порано или подоцна, ќе ја предводат групата на можни ,,предавници“. Самата појава на неговата прогноза значи дека сеќавањето за трагедијата Перл Харбур е сè уште живо и потајно ја труе популарната визија за американските односи со Јапонија и со други сојузници. Дали книгата е обид да се привлече вниманието на американските власти за можно „предавство” од најблиските партнери во големата војна на претстојната иднина, како што некои критичари ја нарекуваат или не, тешко е да се каже. Второ, во книгата „Следните сто години” авторот ја обновува старата идеја за „војна на ѕвездите“ (star wars). За потсетување треба да се каже дека постои меѓународен договор со забрана за милитаризација на вселената, вклучувајќи ја и Месечината, потпишан во втората половина на XX век. Дали прогнозата за „војна на ѕвездите“ е само сигнал дека дел од земјите се веќе подготвени повторно да постават смртоносно оружје во вселената? Дали оваа книга е апел до властите на САД да ја милитаризираат вселената уште сега, и покрај забраната?

Анализата на сценариото на третата светска војна во пишувањето на Фридман, индицира начелен заклучок според кој, подготвувајќи се за „војна на ѕвездите“, Американците не можат целосно да се заштитат себеси и своите сојузници против моќните воени машинерии кои можат да навлезат во американскиот одбранбен систем. Можеби, единствениот рационален одговор на алармантните прогнози на Фридман е апелот за зајакнување на меѓународната контрола врз мирното користење на вселената од страна на сите држави на планетата Земја. Трето, Фридман користи некои од базичните идеи на геополитиката, како и многу други западни прогнозери пред него, но во основа се

фокусира главно на демографските, а не на економските трендови, како круцијални точки за предвидување на иднината. Делото на Фридман не ја фали ниту демократијата, ниту слободната пазарна економија, но го свртува вниманието кон забавувањето на светскиот прираст на населението, на неправилностите во локалните демографски процеси и др. Спротивно на многумина автори, тој не посветува внимание на глобалното затоплување и на други прашања за животната средина, како глобални предизвици на XXI век, мислејќи дека човештвото ќе се справи со овие проблеми како што се справуваше со глобалните закани во претходните епохи. Освен тоа, нема ниту збор за менаџирањето на конфликтите. Во меѓувреме, меѓународниот мир, економската глобализација, културниот развој и демократијата меѓусебно се поткрепуваат и денес, како што беше случај и во XX век. Фридман како политолог и футуролог се разликува од други автори, кои исто така се обиделе да ја предвидат иднината, но кои всушност се плашат од сегашноста, откажувајќи се од старите догми.

За среќа, денешните тенденции не ги потврдуваат предвидувања на Фридман. Но, тој ја игнорира реалноста, бидејќи најверојатно е убеден дека светот движејќи се напред во XXI век неповратно ќе се промени. Во врска со книгата на Фридман во целина, внимателениот читател може да посака да формулира провокативно прашање: Дали оваа проекција е некој вид на фројдовски лапсус (што е мислење на Тински), или не? Читателот може да ја почувствува добро скриената омраза на авторот кон поранешните и сегашни ривали на САД. Американскиот футуролог не верува ниту во „ресетираното” партнерство меѓу САД и Русија, ниту пак во сојузот меѓу САД и континентална Кина. Поедноставно кажано, Фридман не ја перцепира Русија за непријател во иста смисла во која тоа беше поранешниот СССР, туку како опасен противник. Тој нема доверба и во Кина. Во спротивно не може да се објасни зошто авторот на книгата „Следните 100 години“ предвидува нова Студена војна, неуспех на Русија и фрагментација на НР Кина. И, конечно, би можеле да го поставиме и следново прашање: дали задачата на „освојување на мирот по војната“ е конечно напуштена од американското водство поради неуспехот на САД во Ирак и веројатно во Авганистан, каде што војната против Талибанците е далеку од успешно окончување? Такво прашање се наметнува од

големото Фридманово потенцирање на целта за победување во американските војни, а не на трендот на „победнички мир“ (winning peace).[19]

### 3.1. Политички предизвици и перспективи

По крајот на Студената војна во втората половина на минатиот век постоеше загриженост од појава на нова „квази-студена војна против Русија“, по руската воена победа над Грузија. Краткиот воен судир во Јужен Кавказ помеѓу Грузија и Русија во август 2008 година, ги исплаши и политичарите и пошироката јавност во руското соседство, во Европа и во САД. Искрено, во текот на 2008 - 2009 година, постоеше чувство на „веќе видено” кога се виде како еден начин на користење притисок во меѓународните односи се сметаше за „легитимен“ и како политичките спорови кои што се однесуваат на надворешната политика и меѓународните односи се разгоруваат, како беа медиумски покриени и како беа решение. За среќа, таквите мрачни очекувања не се реализираа. Победоносниот (за Русите) исход на петдневната војна против Грузија покажа дефинитивно оживување на големата сила, но исто така, наметна прашања за подигање на политичкото влијание на Русија во светот.[20]

И САД и Русија имаат потреба една од друга како геополитички партнери, првенствено затоа што иранскиот нуклеарен проблем не е решен ниту политички, ниту со други средства. Таканаречениот „режим на кооперативна коегзистенција“ во односите меѓу двата големи ривали од блиското минато се враќа. Затоа, Русија не е лесен партнер за САД, и покрај неколкукратниот обид да се „ресетираат“ американско-руските односи, помирувањето сѐ уште е кревко, некомплетно, а со сигурност, и политички проблематично. Сепак, колку и да е голем предизвикот за ова партнерство, Москва и Вашингтон не можат да си дозволат да не ги подобрат односите. Русите се, и ќе останат важен актер на светската сцена. Оваа нација има

---

[19] Rukavishnikov V., Геополитичките фантазии и разрешување на конфликтите во 21 век, web site: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/jftgjm?format=pdf p.10-16(посетена на 30.05.2019 година)
[20] Rukavishnikov V., (2010), Russia’s „soft power” in the Putin’s epoch. Ch. 4 In: Kanet R. (ed.) Russian Foreign Policy in the 21st century. Palgrave

долга традиција на постоење како суперсила и нема да се согласи да игра подредена улога или да се распадне во догледна иднина, ниту ќе биде дел од ЕУ или НАТО.

Гласините за новата Студена војна помеѓу САД и комунистичка Кина првично се појавија во меѓународниот печат во пролетта 2010 година. САД и нејзините сојузници спроведоа анти-подморска вежба во Јапонското море за да ѝ сигнализираат на Северна Кореја, застапник на Кина, дека нејзиното неодамнешно провокативно однесување кое вклучуваше тонење на јужнокорејски воен брод е неприфатливо и САД и понатаму е подготвена да го брани својот сојузник.

Кинезите сметаа дека оваа вежба е закана за Пекинг и одговорија со поморски вежби во Јужното Кинеско Море, стотици милји на југ. Кинезите ги искористија овие вежби за да ги потврдат своите територијални претензии кон Јужното Кинеско Море како „неоспорен суверенитет“ и предупредија дека прашањето не треба да биде „интернационализирано“. Тогаш за прв пат Пекинг го зголеми суверенитетот на ниво на „јадро“ национален интерес - категорија претходно резервирана за Тибет и Тајван.

Контролата на тоа море беше наводно решена со декларацијата на АСЕАН во 1992 година, која Пекинг ја потпиша. Но, тој договор брзо беше прекршен од страна на Кина и сега кога е суперсила, таа бара суверена контрола над морето преку која поминува половина од тонажата на трговски флоти во светот и има богати риболовни и нафтени резерви.

Проблемот за САД и нејзините азиски сојузници е тоа што Пекинг нема да престане да бара повеќе територии. Ќе ги прошири своите територијални води од вообичаените 12 милји за да ја вклучи целата нејзина ексклузивна економска зона која се протега 200 милји од крајбрежјето. Тоа влијае на Јапонија, Јужна Кореја, Тајван и земјите од Јужното Кинеско Море, како Виетнам.

Некои велат, кинеските вооружени сили се впуштија во брза модернизација за да ѝ овозможи на Кина да ги проектира националните интереси на земјата преку воената моќ и далеку од своите копнени граници и територијални води. Тоа е вистина. Модернизацијата на кинеските вооружени сили не е завршена, и не може да се каже дека оваа нација ги надмина соседите во воена смисла.

Националните цели на Кина - опстанокот на режимот, стабилната економија и политичката контрола на нејзината сфера на влијание - создадоа тензија со САД. Вашингтон и Пекинг треба да ги ублажат овие тензии, но додека тоа не се случи, на Америка ѝ треба план за победа на Студената војна, која мора да содржи три елементи. Прво, САД мора да го зголемат своето воено присуство во Азија преку воспоставување бројни бази кои ќе ги обезбедуваат своите сојузници и ќе го запрат воеността јакнење на Пекинг. Кина е подготвена да го прошири своето воено присуство низ целиот регион и најверојатно ќе вработува асиметрична способност да ги унапреди своите хегемонистички амбиции. Второ, САД мораат да формираат робусна азиска алијанса. Организацијата слична на НАТО мора да вклучи воено, дипломатско и економско оружје. Азиското „НАТО" мора да има веродостојни, обединети напори против кинеските хегемонистички активности, колку што НАТО формираше столб на одбрана против поранешниот Советски Сојуз. Конечно, САД и нивните азиски сојузници мора да применат ефикасна „мека моќ". Кина шири влијание низ целиот свет во однос на деловните потфати – „мека моќ", без оглед на радикалната идеологија на клиентот, како што е Судан.

Студената војна на САД и Кина може да биде управувана од економијата, но лесно може да стане војна за пукање. Двете земји треба да соработуваат за ублажување на нивните разлики. Но, се додека тоа не се случи, САД мора да спроведат план кој ги брани американските и азиските сојузници од виталните интереси против најновата и хегемонистичка суперсила во светот.[21]

Како треба да се анализираат овие зборови? Се разбира, американското воено присуство во Азија може да се зголеми во наредните години, но постои сомнеж дека овој чекор ќе им помогне на САД да ја спречат „офанзивата" на Кина, или дека ќе доведе до воена конфронтација со комунистичка Кина. Денес, самата идеја за создавање азиски пандан на НАТО изгледа нереално. Светот е во XXI век, а не во средината на минатиот век кога беше создаден НАТО. Затоа, не постојат

[21] Maginnis, B. (2010), ,,Winning the New Cold War", web-site: https://www.bibleprophecyblog.com/2010/08/winning-new-cold-war.html (посетен на 01.06.2019 година)

шанси дека американската „мека моќ" ќе помогне да се создаде нов блок на азиски држави против континентална Кина. [22]

### 3.2. Економски предизвици и перспективи

Постои дебата за тоа дали економските проблеми може да доведат до пад на американската глобална моќ. Големите империи се распаѓале и порано, како што историчарот на Јеил, Пол Кенеди, посочи во својата книга „Подемот и падот на големите сили" во доцните 1980-ти. Буџетскиот дефицит на САД е многу висок, а јавниот долг се зголеми на околу 100% од БДП. На американската инфраструктура - патишта, мостови, железници, училишта итн. - очајно и треба модернизација. Некои луѓе тврдат дека таканаречените земји на БРИКС (Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужноафриканската Република) ќе станат доминантни во иднина. Кина сега има втора по големина економија во светот по САД и има модерна инфраструктура. За разлика од европските земји што се членки на евро-зоната, САД имаат своја валута, а тоа е предност, бидејќи е можно да се девалвира - да се прават пари во вредност од помалку - да се помогне на извозната индустрија.

САД не се толку економски моќни сега во споредба со остатокот од светот, како што беа веднаш по Втората светска војна. Сепак, за светот е веројатно важно дека САД остануваат моќни. Малку луѓе во западниот свет сакаат Кина или Русија да ги заменат САД како доминантна светска сила, а во западниот свет не постојат други нации кои можат да ја преземат улогата на САД како бранител на идеите за слобода, демократијата и човековите права. Затоа, од клучно значење е САД да се справи со овие предизвици, за да успее како нација.[23]

Според пресметките на бројни експерти, економијата на САД (БДП) ќе биде надмината од страна на кинеската економија во средината на 2020 година. Овој вид економска проекција тешко е да се игнорира. Освен тоа, Кина одржува високи

---

[22] Rukavishnikov V., Геополитичките фантазии и разрешување на конфликтите во 21 век, web site: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/jftgjm?format=pdf p.7-9 (посетена на 30.05.2019 година)
[23] „Challenges for the US in the 21st Century", web site: https://ndla.no/en/subjects/subject:23/topic:1:184671/resource:1:103554 (посетено на 03.04.2019 година)

стапки на економски раст, дури и денес кога постои глобална финансиска и економска криза која започна во САД. Кина речиси победи во светската економска трка. Овој факт е навистина важен. Можеби, американските конзервативци треба да сфатат дека на деновите на нивната глобална супериорност заснована на економска и воена моќ им доаѓа крајот. Затоа, гореспоменатиот рецепт за тоа како да се победи Студената војна против Кина во XXI век се чини застарен.[24]

Рускиот претседател Владимир Путин смета дека е време стратегијата на БРИКС да се приспособи на сегашната економска реалност и да постави нови амбициозни цели, меѓу другото, да се создаде заедничка платформа за енергетски истражувања, но и брзо да премине во кредитирање во националните валути.

Лидерите на петте држави на БРИКС, на Самитот во кинескиот град Ксиамен во 2017 година се согласија дека директните инвестиции треба да се пресметаат во националните валути. Тие дури разговараа и за можноста за воведување на криптовалути како алтернативни платежни инструменти.

Што суштински стои зад зборовите на рускиот и кинескиот лидер за земање на многу поактивна улога на глобално ниво и на „дедоларизација", процес кој за Кина и Русија не е новост бидејќи трговските и енергетските договори меѓу двете земји веќе се пресметуваат во рубљи, односно јуани, а не долари?

Економистот Борислав Боровиќ, вели дека на глобалните финансиски пазари се подготвуваат големи промени, чии иницијатори, пред сѐ, се земјите членки на БРИКС. Враќање на златото, како гаранција за националните валути и „уривањето" на доларот како официјална светска резервна валута, е само една опција, но пореално е „дедоларизацијата" всушност да биде замена за позајмените плаќања во националните валути на БРИКС земјите, рече тој.

Кина неодамна објави дека ќе престане да продава стоки за долари, но ќе го користи доларот како пресметлива (посредна) валута, а веднаш ќе го промени за злато или некоја резервна валута. Саудиска Арабија и Емиратите, веќе работат на

[24] Rukavishnikov V., Геополитичките фантазии и разрешување на конфликтите во 21 век, web site: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/jftgjm?format=pdf p.9 (посетено на 30.05.2019 година)

тоа да ги конвертираат парите од своите фондови во вредност од околу 2,3 милијарди долари, најмногу во злато во физичка форма, истакнува Боровиќ.

Боровиќ објаснува уште една димензија на взаемно плаќање во националните валути помеѓу земјите на БРИКС, затоа што Кина е во процес на финализирање на изработка на систем за обработка на меѓународни плаќања како алтернатива на СВИФТ. Имено, СВИФТ е меѓународна меѓубанкарска мрежа за пренос на податоци за платните трансакции и, вели Боровиќ, практично е под контрола на САД и ЕУ. Речиси 11.000 институции од повеќе од 200 земји, вклучувајќи 9.800 банки, во моментов се членови на СВИФТ. Секоја година, 2,5 милијарди нарачки се пренесуваат преку мрежата на СВИФТ, која процесира милијарди долари секој ден, објаснува тој, илустрирајќи до кој степен станува се повеќе инструмент за економска борба и злоупотреба во меѓународните односи. Боровиќ вели дека во последниве години, Службата за финансиско разузнавање им овозможи на оперативците на ЦИА пристап до податоци од мрежата на СВИФТ.

Во Русија денес има околу 800 банки, од кои околу 600 се поврзани со системот СВИФТ. Таканаречената хибридна војна против Русија не ја исклучува можноста дека во одреден момент руските банки ќе бидат целосно забранети да учествуваат во СВИФТ, како што беше направено со 14 ирански банки. И тоа, според него, во финансиска смисла, за Русија ќе биде во опсегот на санкциите кои се на сила.

Сепак, руските компании и организации веќе извршуваат платежни трансакции без да се потпираат на СВИФТ како посредник. Меѓутоа, платежните трансакции со странски земји се малку посложени, но на крајот од 2014 година започна подготовката на алтернативниот систем за плаќање помеѓу Кина и Руската Федерација, кој пренесува и информации за плаќања. Системот е автономен, целосно независен од било кој систем на плаќање контролиран од САД и Европската унија. Но, ова вклучува употреба на национални валути и оригиналниот начин на работа, додава Боровиќ.

Оттука и идејата за билатералниот систем на плаќање за Русија и Кина се разви во мултилатерален систем на плаќања во националните валути помеѓу

земјите на БРИКС. Крајната цел би била формирање на еден вид на зона на слободна трговија меѓу земјите-членки на БРИКС, но, и во поголем обем на покриеност, бидејќи на ова постои интерес и кај други организации, како ШОС. Па затоа не е чудно што поранешниот економист на „Голдман Сакс“, Џим О'Нил, смета дека петте земји на БРИКС може да играат водечка улога во светот, во XXI век.[25]

### 3.3. Воено – безбедносни предизвици и перспективи

Воената авијација досега има развиено четири генерации на авиони на млазен погон, а светските суперсили или веќе поседуваат, или пак развиваат ловци од петтата генерација.

После САД, Русија и Кина, исто така и другите земји развиваат повеќенаменски ловци со најновата технологија, иако јасно е дека заостануваат зад водечките сили. Карактеристиките за еден авион да биде сместен во петтата генерација се слабата радарска воочливост (стелт), прецизно автономно оружје на наведување, високи перформанси на лет, напредни функции, висока интеграција на опрема и компјутерски системи кои се способни да се вмрежат со останатите авиони.

F-22 Raptor е првиот авион од петтата генерација кој што беше ставен во функција во некоја армија во светот. Официјално е во оперативна употреба во военото воздухопловство на Соединетите Американски Држави од декември 2005 година. F-35 Lightning II е вториот американски млазен ловец од петтата генерација. Најскапиот проект во историјата на американската армија се смета дека ќе биде најмоќниот авион кој што е некогаш направен и секако, достоен заменик на најуспешните авиони досега - Ф-16-ките.

Рускиот Sukhoi T-50 го имаше пробниот лет во 2010 година, а сега се наоѓа во завршна фаза од тестирањата. Иако досега требаше да влезе во оперативна

[25] „Велики заокрет за 21. век: Русија и Кина елиминишу долар“, web site: https://rs.sputniknews.com/analize/201709051112542983-briks-samit-dolar/ (посетена на 31.05.2019 година)

употреба, сепак тестовите се одлагаат поради недостаток на финансиски средства, но се очекува првите PAK FA авиони, сериски да се произведуваат во 2020 година.

Кина, исто така работи на конструкција на авионот од петта генерација наречен Chengdu J-20. Станува збор за двомоторен борбен авион кој што го имаше првиот лет во 2011 година, а се очекува да биде оперативен од 2017 до 2019 година. Кинезите развиваат уште еден стелт борбен авион кој ќе биде невидлив за радарите. Станува збор за J-31, а моментално во фаза на тестирање се два прототипа.[26]

Според рангирањето на аналитичкиот сајт Global Firepower кој се занимава со истражување на воените капацитети на светските држави, на прво место на списокот се наоѓаат САД, потоа следува Русија, додека Кина е на трето место, со тоа што не е земено предвид нуклеранoто, туку само конвенционалното вооружување. Русија е пред Америка според бројот на тенкови, 15.000 наспрема 8.000, додека според бројот на летала ситуацијата е обратна – САД во составот на своето воздухопловство имаат 13.444, а Русија 3.547 летала.

Вкупната вредност на нарачките на руската воена индустрија надминува 50 милијарди американски долари. Задачата на Русија е да ја зголеми оваа сума, компензирајќи го со оружје падот на цената на нафтата. Русија, пак, ги поседува сите можности да го направи тоа, со оглед на фактот дека руското оружје што го има поминато тестирањето во вистински воени конфликти, неколкукратно ја крева привлечноста во очите на потенцијалните клиенти.

Во една друга студија, која претходно ја направија финансиските аналитичари на Credit Suisse (швајцарска компанија за финансиски услуги), руската војска е исто така ставена на второ место меѓу светските армии. Исто како и на листата на сајтот Global Firepower, и тука воените сили на различни држави се споредуваат според воените капацитети, не сметајќи го нуклеарното оружје, но и други неконвенционални средства. Резултатите се исти, барем кога станува збор за првите три места – нив ги заседоа САД, Русија и Кина.

---

[26] „Ова се најдобрите авиони на 21 век: Доминација на САД, Русија и Кина“, web site: http://index24.mk/index.php/vesti/svet/item/5873-ova-se-najdobrite-avioni-na-21-vek-dominacija-na-sad-rusija-i-kina (посетена на 31.05.2019 година)

Кон крајот на 2015 година американската Конгресна истражувачка служба исто така објави извештај за развојот на пазарите за конвенционално оружје од 2007 до 2014 година. Според овој документ, Русија и САД се водечки земји во поглед на испораките на вооружување на земјите во развој, при што во наведениот период тие си ги менувале местата во зависност од годината.

Во наведениот временски интервал САД потпишаа договори за испорака на воена опрема за земјите во развој во вредност од 115 милијарди американски долари (што изнесува 46.3% од вкупната вредност на вооружувањето испорачано во овие земји), додека вкупната вредност на руските договори изнесува 41.7 милијарди долари (односно 16.8% од вкупната вредност на испораките).[27]

Поради постојаната нестабилност во односите помеѓу САД-Кина (од пријателските гестови до тензии), Русите внимателно го следат растот на кинеската воена моќ. Русија е најблискиот сосед на Народна Република Кина. Очигледно, со спроведувањето на неодамнешните (2010) многу скапи вежби на далечниот источен дел на Руската Федерација, Москва сака да покаже пред Пекинг дека руското раководство е подготвено да стави лимит на растечката кинеска експанзија во источните региони на земјата, има доволно сили да се спротивстави на кинеската воена офанзива во случај на иден воен судир, и дека голем број на декларации за „стратешко партнерство“ меѓу Русија и Кина, сè помалку и помалку се релевантни за геополитичката реалност. Рускиот воен врв беше алармиран од кинеските воени маневри (наречени „Голем чекор“) близу границите со Русија. Руската воена вежба „Восток-2010“ (Исток-2010), всушност беше одговор на кинеските воени активности, иако декларативно војниците требаше да реагираат на „напад од терористички формации“. Ова вежба беше чиста политичка порака до Пекинг и Токио: чувајте се од руската мечка! Воената вежба „Восток-2010“ нема сличен пандан во воената историја, и во советскиот и во постсоветскиот период, ако се земат во предвид бројот на војници и воена опрема пренесени од западниот дел на Руската Федерација во источниот дел на оваа огромна земја. Сепак, руските

[27] „Русија е втора воена сила на светот по САД“, web site: https://mk.rbth.com/politics/2016/02/29/rusija-e-vtora-voena-sila-na-svetot-po-sad_571831 (посетена на 30.05.2019 година)

независни воени експерти беа незадоволни од борбената подготвеност на армијата демонстрирана во овие воени вежби.[28] Нови воени вежби не се исклучени. Се разбира, во краток период не е можна отворена војна помеѓу овие две големи нации. Постојат одредени проблеми во нивните односи, но сепак нема основа ниту за тезата за почеток на нова студена војна меѓу нив. За среќа, нова глобална Студена војна, придвижена од геополитика и поткрепена со други мотиви, не се случи. Ова е важно заради тоа што секоја „студена војна“ има капацитет да се подигне на ниво на „жешка војна“, односно да се претвори во вистинска војна.[29]

Актуелен воено – безбедносен предизвик е т.н. Исламска држава, која зазема големи делови од Сирија и Ирак со создавање на калифат прогласувајќи го лидерот Абу Бакр ал Багдади за калиф на кого сите муслимани во светот треба да му се заколнат на верност.

Радикалната салафитска организација успеа да создаде квази држава, да воведе шеријат и донекаде да ја задржи контролата над заземените територии благодарение на финансиската стабилност, силната идеологија и избор на обучени и крајно мотивирани борци. Експанзионистичките амбиции и жестокоста на Исламска држава – освојувањата, егзекуциите и убиствата на таканаречените од неа „неверници“ и „вероотстапници“ – арапи шиити, језиди, курди и христијани, предизвикаа создавање на коалиција од околу 60 држави кои помогнати од воздушни напади, други воени средства и отстапки се борат на теренот против „Исламската држава“, заедно со курдските сили, ирачките шиити, сунитски милици и со Сириjската слободна армија и Ирачката армија.

Успехот на кампањата до овој момент е спорен, благодарение на умешната пропаганда на групацијата која во своите редови привлече илјадници странски борци, вклучувајќи и две до три илјади луѓе од Европа и натера редица држави да преземат несекојдневни антитерористички законски мерки.

Радикалната салафитска организација до совршенство владее со социјлните мрежи како средство за масовна комуникација, при што повеќе пати

[28] Khramchikhin A.A. (2010), „The inadequate Response (Неадекватный ответ)”. Independent Military Review (Независимое Военное Приложение)
[29] Rukavishnikov V., Геополитичките фантазии и разрешување на конфликтите во 21 век, web site: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/jftgjm?format=pdf p.9-10 (посетена на 30.05.2019 година)

демонстрираше дека не е обична вооружена групација со добра структурана команда, контрола, пропаганда и логистички можности, туку докажа дека е способна да заземе и задржи под контрола стратешки важни територии во срцето на Блискит исток.

Поранешниот раководител на британското електронско разузнавање, Роберт Ханиган, во текст во Фајненшел тајмс напиша дека компаниите во сферата на информациските технологии треба повеќе да соработуваат со властите и со службите за безбедност, за да можат да се справат со предизвиците да ја контролираат „првата терористичка организација чии членови израснале на интернет“.

Неспорните успеси на Исламска држава на бојните полиња во Ирак и Сирија и способноста на организацијата да привлекува странски борци од цел свет, натера многу држави да бидат на тревога, освестувајќи се дека сè повеќе нивни граѓани заминуваат на џихад на Блискиот исток, кои можат да се вратат и да вршат терористички акти дома или во трети земји.

Редица европски држави, меѓу кои и Велика Британија и Франција, како и Австралија преземаа мерки со цел да се спречат изливите на борци кон Сирија и Ирак. Некои од нив вклучуваат забрана за патување во сириjската провинција Рака, одземање на пасоши или одземање на граѓанството на високо ризични лица и на оние за кои постојат докази дека учествуват во терористички организации.

Перспективата од радикализираната младина да се врати од војните полиња во Сирија и Ирак, предизвика нов бран од тревоги особено во демократските држави кои се повеќе го поставуваат прашањето каде е баланост помеѓу граѓанските слободи и безбедноста во доба на транснационален тероризам и како да се справат со високо ризичните лица дома без да преземат широки репресивни мерки кои ќе го маргинализираат муслиманскиот дел од населението.[30]

[30] „Исламска држава – пропаганда која привлече илјадници странци да се борат во име на Алах“, web site: https://a1on.mk/world/islamska-drzhava-propagandata-koja-privleche-iljadnici-stranci-da-se-borat-vo-imeto-na-alah/ (посетена на 10.07.2019 година)

### 3.4. Регионална геополитика

За влез во ЕУ, Србија чека 10, Црна Гора 11, а Северна Македонија 14 години. Толку години овие држави од Западен Балкан се заглавени во разни пристапни фази за да станат дел од Унијата, заедно со Албанија, Босна и Херцеговина, па дури и Косово во одредени сегменти од процесот, со тоа што мораат да ги исполнат условите од долгиот процес кој вклучува усогласување на државните закони со европската политика и добивање на поддршката од другите членки, Европската комисија, Советот на ЕУ и на Европскиот парламент. Тој процес, исто така, опфаќа напредок во решавањето на внатрешните прашања и етничките тензии поради кои регионот е релативно економски слаб. Но кандидатките се жалат дека процесот е пребавен, а условите за влез се престроги. Во меѓувреме, анти-европското чувство расте, а државите како Кина, Турција и Русија се наметнаат како алтернативно решение.

Во изминатите две години, ЕУ се отвори кон можноста за прифаќање на нови членки од Западен Балкан. Кога ЕУ ја објави нејзината засилена стратегија од 2018 година за регионот, таа вклучуваше и амбициозен план за прифаќање на најмалку две балкански држави, најверојатно Србија и Црна Гора до 2025 година. Проектот за проширување на ЕУ не постои само за да им донесе корист на можните членки, туку и европските лидери веруваат дека ќе им донесе стабилен извоз, демократија и економски развој на нивните соседи, контрола врз стратегиска геополитичка област, спречување на државите како Русија и Кина да го наметнат своето влијание во Европа и стекнување со уште поголема моќ на светската сцена.

Но, државите од Западен Балкан како да го губат трпението во процесот. Анкетите покажуваат дека 26 % од испитаниците во регионот не веруваат дека нивните држави воопшто ќе влезат во ЕУ. Некои опозициски политичари во Србија веќе апелираат дека нивната држава треба да се повлече од пристапниот процес.

Во меѓувреме, други држави го наметнаа своето влијание во регионот. Кина смета дека регионот претставува стратегиски начин за да влезе во Централна Европа и да ја прошири иницијативата „Еден појас, еден пат“. Државата секоја година го одржува деловниот самит „16+1“ со централните и источните европски

држави, вклучувајќи ги Албанија, Србија и Босна и Херцеговина. Кинеската корпорација за изградба на патишта и мостови (ЦРБЦ) гради патишта, мостови, фабрика за пневматици и индустриски парк во Србија, како и контроверзниот автопат кој ќе ја поврзе државата со јадранскиот брег на Црна Гора. Српската министерка за градежништво, транспорт и инфраструктура, Зорана Михајловиќ, неодамна изјави дека „не би било нескромно и погрешно Србија да се нарече главниот кинески партнер во Европа“.

Израел и Обединетите Арапски Емирати, исто така ги зголемија нивните инвестиции во инфраструктурните и градежните проекти во Западен Балкан заедно со Турција која исто така долги години чека влез во ЕУ. Таа прва ја спомена идејата за влез во ЕУ уште во 2004 година, но членството беше замрзнато, со тоа што Европскиот парламент неодамна воведе необврзувачка резолуција барајќи од ЕУ да ги суспендира преговорите.

Во меѓувреме за некои експерти, руските трговски инвестиции сигнализираат желба „да се создаде балканска политичка и економска зависност“, како што пишуваат Пол Стронски и Ени Хајмс од Институтот за меѓународен мир „Карнеги“. Според нив, Русија е против влез на балканските држави во ЕУ и кандидатурата на Северна Македонија да стане дел од НАТО.

Да бидеме реални, ЕУ сака да реши низа на нерешливи прашања. Нерешените гранични спорови сè уште и ден денес предизвикуваат поделби кај балканските држави, кои се останати уште од распадот на поранешна Југославија. Емануел Макрон и Ангела Меркел се надеваат дека наскоро ќе се реши спорот меѓу Косово и Србија, за кој европските претставници сметаат дека го кочи целиот регион. Косово прогласи независност од Србија во 2008 година, одлука која Србија сè уште не ја признава. Како одговор на српското блокирање за членство во Интерпол, Косово неодамна воведе 100 % царини за српските производи.

Меѓу самите европски лидери постојат разлики околу тоа дали Балканот е подготвен да стане дел од блокот. Државите од Западен Балкан можеби ќе се свртат кон други држави како „начин за да се заштитат и барем привремено да компензираат за забавувањето на процесот за влез во ЕУ“, како што смета Вук

Вуксановиќ, поранешен аташè за безбедносна политика на српското МНР. Но Вуксановиќ верува дека членството во ЕУ останува „единствената опција која има стратегиска смисла“. ЕУ е најголемиот трговски партнер на регионот, а Европската банка за реконструкција и развој минатиот месец најави дека ќе инвестира 1,1 милијарди евра годинава во Западен Балкан.

Европските лидери велат дека процесот е бавен, но вреден и треба да донесе поголем просперитет и мир во регионот. Државите од Западен Балкан ќе сакаат да се држат до тоа ветување, но не е јасно уште колку долго тоа ќе трае и кој ќе го наметне своето влијание во меѓувреме.[31]

### 3.5. Цивилизациски ривалитет

Друга перспектива за анализа на новиот светски геополитички порадок и предизвиците со кои истиот се соочува е онаа поврзана со цивилизацискиот ривалитет. Во тој контекст, крајот на Студената војна не го означи крајот на светските конфликти. Денес, ова е повеќе од очигледно. Но, во почетокот на деведесеттите години на XX век, како резултат на победата во Студената војна, во еден дел од западните елити преовладуваше чувството на триумфализам во однос на поразениот комунистички систем и Русија. Во тоа време, Френсис Фукујама го напиша познатиот есеј „Крајот на историјата и последниот човек“[32], кој целосно го отслика „идеолошкиот оптимизам“ во американскиот естаблишмент. Станува збор за состојба во која триумфот на неолиберализмот е сфатен како краен историски податок со кој е ставен крај на хегелијански сфатената историја, се разбира со неприкосновно водство од страна на САД како „прво постмодерно глобалното општество“. Спротивно на тоа, Хантингтон застапуваше пореалистичен приказ на историјата „која сепак продолжува“ со старо-новата премиса „судирот на

---

[31] „Западен Балкан го губи трпението заглавен во чекалницата на ЕУ“, web site: https://www.novamakedonija.com.mk/featured/%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD-%D0%B3%D0%BE-%D0%B3%D1%83%D0%B1%D0%B8-%D1%82%D1%80%D0%BF%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D0%B3%D0%BB/ (посетена на 15.07.2019 година)

[32] Fukuyama, F. (1994), Kraj povijesti i poslednji čovek. Zagreb:Hrvatska sveučilišna naklada

цивилизациите“, која ќе го трансформира целиот постстуденовоен светски поредок. Интересно е дека фразата „судир на цивилизации“ ја користел Албер Ками во 1946 година, а потоа и Бернард Луис во статијата „Корените на муслимански бес“ во септември 1990 година. Сепак, не постои сомнеж дека во академскиот свет и медиумскиот простор, синтагмата за судир на цивилизациите почнала да се користи од појавата на Хантингтоновиот поглед.

Хантингтон, првенствено се спротивставувал на оние теоретичари и писатели кои тврделе дека човековите права, либералната демократија и капитализмот се единствените преостанати идеолошки алтернативи во постстуденовоениот свет. Тој верувал дека ерата на идеологии завршила, како и тоа дека светот се вратил во нормала во која „главната оска на конфликт“ ќе биде со културно-цивилизациски линии. На тој начин, како што истакнал, се развива историјата. Тој верувал дека дури и пред крајот на Студената војна, светската политика влегла во нова фаза во која носителите на „незападната цивилизација“ не се само експлоатирани примателли на вредностите на „западната цивилизација“, туку и важни учесници „кои се придружуваат на Западот со цел да ја заокружат и придвижат светската историја“. Хантингтон, разгледувајќи ја постстуденовоената глобална геополитичка парадигма ја негирал можноста за остварување на универзалистичката идеја за „еден свет“ (ја сметал за голема илузија), концептот за создавање на „бинарен“ светски модел на односи (го сметал за застарен), потоа ја отфрлил прекомпозицијата на светскиот поредок по принципот на „мозаични“ структури (со напомена дека иако поблиску до реалноста, сепак, не е изводлив, бидејќи државите се сè повеќе без суверенитет и вистинска моќ), но, исто така, ја негирал и можноста за создавање на „хаотичен свет“ на вооружени и етнички конфликти (затоа што свет без поредок не е можен). Поради недостатоците на споменатите парадигми кои меѓусебно се исклучуваат, ја истакнал важноста на „цивилизацискиот концепт“, кој одговара на реалноста по Студената војна. Во статијата од 1993 година, Хантингтон нагласил дека светот во иднина ќе се обликува од интеракцијата на седум или осум големи цивилизации: Западна, Конфучијанска, Јапонска, Исламска, Хинду, Словенско - Православна, Латиноамериканска и можеби Афричка. Подоцна, во книгата „Судир на цивилизациите и преобликување

на светскиот поредок“[33] во 1996 година малку ги редефинирал своите ставови и отворил повеќе дилеми.

Хантингтон бил под особено влијание на идеите на Освалд Шпенглер, Арнолд Тојнби и Фернанд Браодел, теоретичари, кои се занимавале со феноменот на цивилизацијата од различни агли. Хантингтоновите сфаќања, можат да бидат сведени на неколку тврдења. Прво, тој се залагал за ставот дека цивилизацијата постои во еднина (сфатена како учтивост против варварството) и множина (како многу различни цивилизации), дека цивилизациите се сеопфатна и најширока културна група на луѓе каде што религијата е најважниот елемент, потоа дека цивилизациите се најдолготрајни човекови интеграции, како и дека цивилизациите иако не создаваат поредок – бидејќи немаат својства на држава, вклучуваат неколку територијални единици кои во името на таа иста цивилизација преземаат улогата на креатор на поредокот.

Во книгата во 1996 година, Хантингтон корегирал одредени ставови и во таа смисла воспоставил нови имиња. Така, конфучијанската цивилизација е преименувана во Синичка, укажувајќи дека тоа е концепт кој се однесува не само во Кина (со исклучок на Тибет и Ксинџијанг), туку и на кинеските етнокултурни заедници во Југоисточна Азија (Виетнам, Корејскиот Полуостров, северниот филипински остров Лузон). Според американскиот политички научник, Јапонската цивилизација, иако е просторно најмала, има посебни карактеристики, првенствено затоа што е високоцивилизациски и технолошки развиена (интересно е гледиштето на руските евроазијци кои Јапонија како остров ја сметаат за составен дел на Големото копно). Тука е и Хинду цивилизацијата, која покрај Индија, ги опфаќа и Шри Ланка, хималајските држави и хинду заедниците од југоистокот на Африка до југоисточна Азија, потоа Исламската цивилизација како простор која ги опфаќа Арапскиот Полуостров, Северна Африка, Централна, Јужна и Југоисточна Азија, како и некои муслимански енклави во Европа (Балканот), со напомена дека поради многу разлики во рамките на исламскиот ареал, Хантингтон укажува на постоењето на неколку исламски субцивилизации: арапска, турска, персиска и

[33] Huntington, S.P.(1996), The Clash od civilizations and the remaking of world order, New York: Simon & Schuster

малајска. Феноменот на Западната цивилизација се состои од три географски единици: Северна Америка, католичко - протестантска Европа и Австралија и Нов Зеланд кои од социјални и историски причини, може да се гледаат како субцивилизациски целини. Феноменот Латиноамериканска цивилизација ги вклучува Централна Америка, Јужна Америка, Куба, Доминиканската Република и Мексико, која во одредени аспекти (католицизмот и бели Латиноамериканци) може да се гледа и како западна субцивилизација. За нас, на овој регион, особено е интересно Хантингтоновото гледиште за Православната цивилизација, која во неговиот текст во „Надворешни работи" (1993) појдовно ја означил како Словенско - православна. Несомнено е дека во согласност со претходно наведените критериуми, оваа корекција е сосема оправдана, бидејќи тоа го исклучува словенскиот католичко-протестантски елемент од овој цивилизациски ареал. Така покрај Русите, во оваа област припаѓаат Романците, Грците, Ерменците, Бугарите и Србите. На крајот од своето излагање за големите цивилизации, американскиот политиколог укажува на евентуално формирање на Афричка цивилизација, за која верува дека со текот на времето ќе се појави и покрај аргументите на повеќето истражувачи дека овој вид на цивилизацијата не постои. Позицијата на Хантигтон се базираше на т.н. Суб-сахарска Африка, каде се забележува дека се развива чувството на заеднички идентитет кој може да прерасне во посебна цивилизација. Во листата на големи цивилизациски текови, Хантингтон ги изоставил Будистичката и Еврејската цивилизација, првенствено од историски причини. Имено, основниот проблем со постоењето на Будистичката цивилизација се гледа во нејзината историска миграција, разгранување, вклучување во други цивилизации и последователната просторна фрагментација, додека кај воспоставување на посебна Еврејска цивилизација, проблемот се забележува во историски предизвиканата дијаспора која објективно „ја прошири самореализацијата на Евреите" од цврста до формална припадност на јудаизмот, но, исто така и склоност да се идентификува со трети цивилизации (особено Западната).

Хантингтон недвосмислено тврдел дека во постстуденовоениот свет, конректни цивилизации ќе имаат политичка структура, која ќе биде различна од

т.н. блоковска структура. Додека во текот на биполарната ера, државите се однесувале како сојузници, штитеници и слично, во новиот цивилизациски поредок, државите ќе ги имаат следните позиции: држави - членки, „осамени држави“, „искинати држави“, „растргани држави“ и држави - јадра. Според оваа поделба, земјата - членка е онаа која целосно припаѓа на една цивилизација и се наоѓа во рамките на својот физички простор (Пр.Италија во Западната цивилизација), „осамена земја“ е онаа која има посебна култура, а се наоѓа во околина на различни верски, етнички или историски општества. Типичен пример за ваква земја е Јапонија, чија посебност произлегува од островската положба, историскиот изолационизам, карактеристични традиции, отпорност на туѓо културно влијание и на карактеристичниот политички и економски концепт. Терминот „искинати земји“ важи за оние држави кои се национално, верски и расно хетерогени (Канада, Белгија, Ирак) и кај кои иднината е условена од страна на пошироки регионални и геополитички процеси. Такви типични креации биле СССР и СФРЈ. Спротивно на тоа, постојат т.н. „растргани земји“ кои припаѓаат на една доминантна цивилизација, но внатре има криза за идентитет предизвикани од елитата која вештачки тежнее кон систем на вредности и влијанија, кои припаѓаат на друга цивилизација. Станува збор за феномен на „цивилизациска конверзија“ за кој Хантингтон тврди дека „никаде не успеа до овој ден“. Со анализа на бројни примери за „растргани земји“, тој особено се осврнал и на обидите за „западнизација“ на XX век и тоа: Русија (СССР и постсоветскиот период на либералните реформи), Турција (владеењето на Ататурк) и Мексико. Конечно, Хантингтон посветил особено значење на т.н. држава – јадро, која се појавува како творец на новиот мултиполарен (мултицивилизациски) светски поредок. Клучот за воспоставување на овој поредок ќе биде односот на државата – јадро со другите земји кои припаѓаат на иста цивилизација, но исто така и на меѓусебните односи на две земји - јадра кои припаѓаат на различни цивилизации. Во овој поглед, на американскиот политиколог даде предност на три цивилизации: Западна (САД), Православна (Руската Федерација) и Синичка (Кина), а Исламската цивилизација ја смета како исклучително важен фактор, но укажува дека нејзината основната слабост е недостаток на држава - јадро.

Европските концепции на Хантингтон по Студената војна се особено интересни за анализа. Американскиот теоретичар уште еднаш го покренал прашањето за тоа каде на истокот од континентот се границите на проширување на НАТО и на Европската унија, кои ги гледал „како чувари на западната цивилизација“. Како типичен претставник на атлантизмот, неговата основна теза е онаа дека САД по крајот на Студената војна, ги зајакнале стратешките позиции на Стариот континент и тоа на основите на демократијата, либерализмот, индивидуализмот и човековите права. Така, наместо поранешната идеолошка „Железната завеса“, тој го застапуваше гледиштето за поделба на Европа на цивилизациски линии. Како појдовна точка за неговите ставови ги презел тезите од книгата „Трансформација на Западна Европа“ (1990) на В.Валас, која се појавила по обединувањето на Германија. За потсетување, Валасовата линија на поделба на Европа е дизајнирана така да цивилизациски ги уништи Белорусија, Украина, Романија и поранешна Југославија, и често се користела како доказ за западни, антируски, антисрпски, но и пошироки антиправославни претензии. Во суштина, за вклучување на земјите од поранешниот источен блок во НАТО и во ЕУ, Хантингтон сметал дека е во согласност со новиот цивилизациски поредок кој Европа ја сведува на католичко – протестантски ареал. Интересно е тоа што папата Војтила залагаше слична линија на поделба во Европа во римскиот и византискиот дел.

Критичарите на теоријата за судирот на цивилизациите укажуваа на бројни недостатоци во трансформацијата на светскиот поредок по овој модел. Без да навлегуваме во детали за оваа проблематика, не постои сомнеж дека многу од проекциите на Хантингтон, во меѓувреме, сепак се оствариле. Иако неговата теорија доживеа кулминација по терористичките напади врз Америка во 11.09. 2001 година, многу светски настани од периодот на деведесеттите години на XX век се одвивале во согласност со неговите предвидувања.

Уште во 1993 година, Хантингтон видел потврда за основаноста на неговата теорија во процесите на постјугословенскиот простор, особено за време на граѓанската војна во Босна и Херцеговина (1992 - 1995). Во интервју за еден германски весник во 1996 година, истакнал дека „Европа завршува онаму каде

православието и исламот почнуваат“. Интересно е тоа што неговата цивилизациска мапа за поделба на Југославија се нашла во многу документи на западните центри на одлучување, во кои одамна се правела јасна дистинкција помеѓу Римскиот (католички) и Византискиот (православен) дел од поранешната држава.

Како типичен теоретичар на атлантизмот, посебно внимание обрнал на анализата на односите меѓу Западот и другите цивилизации, како и потенцијалните меѓуцивилизациски конфликти. Подемот на исламот за него беше непобитен факт во периодот по Студената војна. За разлика од политички коректните автори на Западот, не се двоумел да истакне дека „исламот има крвави граници“. Муслиманските причини за конфликт (индискиот потконтинент, Кавказ, Балканот) ги објаснувал на духовни основи и практични активности на исламската религија, потоа верска исклучивост кон немуслиманите и развој на социјален модел кој не ги раздвојува верата и политиката, и територијален експанзионизам, кој се докажал со примерот за отоманската окупација на Балканот. Хантингтон погрешно предвидел дека со преминот на младите муслимани во зрела возраст (40, 50 или 60), како и брзиот економски развој, ќе се намали потенцијалот за конфликт помеѓу исламската и неисламските цивилизации, што беше потврдено од страна на актуелните настани во Блискиот Исток, каде што се појавија уште порадикални исламистички групи („Исламска држава“).

Како и повеќето западни автори, тој го предвиде порастот на Кина во светските работи, пред се поради нејзиниот брз економски раст. Тој истакнал уверување дека целите на Кина се врзани за потврда на статусот на регионална сила, но исто така и за идејата дека другите земји се вклопуваат во нивниот конфучијански модел на цивилизација, кој е спротивен на западниот индивидуализам и плурализмот. Хантингтон предвидел дека двете Кореи и Виетнам ќе се покорат на кинеските барања и ќе станат нејзина силна поддршка во регионот на Источна Азија. Интересно е тоа што Хантингтон во Исламската цивилизација видел потенцијален кинески сојузник, бидејќи имаат „повеќе ревизионистички цели и заеднички конфликти со другите цивилизации, особено со Западот“. Кинески и исламски заеднички интереси, видел во областа на пролиферација на оружје, човековите права и демократијата, кои се косат со оние

на Западот. За Русија, Јапонија и Индија го користел терминот „цивилизација на промени“ и истакнал дека тие можат да фаворизираат било која страна. Русија, на пример, се меша со многу муслимански етнички групи на нејзината јужна граница (како Чеченија), но, според Хантингтон, соработува со Иран за да избегне понатамошно муслиманско-православно насилство во Јужна Русија и да помогне во протокот на гас. Хантингтон одамна предвидел дека Кина најблиску ќе соработува со Иран, Пакистан и други исламски земји со цел да се зајакне својата меѓународна позиција (денес тоа е геополитичкиот проект „Еден појас – еден пат“).

Хантингтон наведува шест објаснувања во прилог на теоријата за „судир на цивилизациите“. Прво, најважниот фактор е различноста која е условена од историјата, јазикот, културата, традицијата и религијата. Друго објаснување се однесува на растечката светска интеракција што ја проширува „цивилизациската свест“ и свеста за разликите помеѓу различните цивилизации и сличности во рамките на одредени цивилизација. Следната причина за „судирот на цивилизациите“ произлегува од економската модернизација и социјални промени поради кои луѓето се одвоени од долгогодишните локални идентитети и во такви околности, религијата која ги надминува националните граници се појавува како клучен фактор за поврзување на цивилизацијата. Тука е и факторот на „двојна забрана“, што се манифестира преку постоењето на Западот, кој е на врвот на својата моќ, но и неговото соочување со незападните земји, кои се повеќе имаат желба, волја и средства да го обликуваат светот на незападен начин. Конечно, културните карактеристики и економскиот регионализам на свој начин придонесуваат кон зајакнување на цивилизациската самосвест.

Хантингтоновата теорија за судирот на цивилизациите е изложена на многубројни критики. Пол Бергман во својата книга „Терор и либерализам“ (2005) укажува дека „денес не постојат јасни културни граници“. Тој истакнува дека не постои ниту Исламската цивилизација, ниту Западната цивилизација и дека доказот за судир на цивилизациите не е убедлив. Како доказ ги зема во предвид односите меѓу САД и Саудиска Арабија. Бергман исто така пишувал и дека многу „исламски екстремисти“ влегуваат во меѓусебни конфликти поради различни филозофски убедувања, иако припаѓаат на ист културен и верскиот идентитет.

Тимоти Гартон Еш во судирот на цивилизациите видел „екстремен културен детерминизам", додека Едвард Сед говорел дека категоризацијата на светската цивилизација ја изоставува динамичната меѓузависност и интеракција меѓу културите. Ноам Чомски го критикуваше концептот на „судирот на цивилизациите" како ново американско оправдување „за сите злосторства кои имале намера да ги извршат" по крајот на Студената војна, кога исчезна изговорот за Советска опасност. Австрискиот филозоф Ханс Коле, предложи модел на „дијалог на различни цивилизации", како алтернативен модел на Хантингтоновата концепција. Познатиот руски геополитичар, Александар Дугин, оваа теорија ја гледа како обид на неоатлантизмот да изврши трансформација на светскиот поредок, во насока на зачувување на доминацијата на САД . Дугин го застапувал гледиштето за „Големо евроазиско копно", како алтернативен геополитички модел залагајќи се за сојуз на евроазиските народи и култури против прозападниот „нов светски поредок".[34]

[34] Huntington, S.P. (2019) „Преобликовани свет у судару цивилизација", web site: https://www.kcns.org.rs/agora/semjuel-hantington-preoblikovani-svet-u-sudaru-civilizacija/ (посетена на 20.06.2019 година)

## ГЛАВА IV:
## АКТУЕЛНИ УЧЕСНИЦИ ВО НОВИОТ СВЕТСКИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК

На почетокот на оваа глава, ќе се осврнеме на една анализа на Бжежински, објавена во „The American Interest“[35], според која новиот светски геополитички поредок се соочува со пет т.н „реалности“:

Првата од овие реалности е дека САД, политички, економски и воено остануваат и понатаму најсилна држава. Но, ако се земат предвид сложените геополитички промени во регионалната рамнотежа на силите, САД веќе не се вишата сила во светот. Но, и ниту една од другите главни држави исто така не е таква сила.

Втората реалност е дека во моментов Русија минува низ последниот бурен стадиум на царски реструктуирање и децентрализација. Процесот е болен, но тоа не значи дека Русија е лишена од можноста да стане конечно (ако таа дејствува разумно), водечка европска национална држава. Навистина, сега таа залудно си ги расипува односите и ги одбива од себе поранешните субјекти од исламскиот југозападен свет од некогашната огромна империја, а исто е и со Украина, Белорусија и Грузија, а да не зборуваме за балтичките земји.

Третата реалност е Кина. Таа се развива цврсто (иако побавно од пред тоа) како иден еднаков и веројатен противник на САД, но засега се труди да не упати отворено предизвици кон САД. Воена Кина, изгледа се стреми да направи пробив во вооружувањето од нова генерација и заедно со тоа упорно се зајакнува понатаму со ограничени воено-поморски сили.

Четвртата реалност е дека во моментов Европа не е глобална сила и едвај и ќе стане таква во иднина. Но, таа може да одигра конструктивна улога, како преземање иницијатива во спротивставувањето против меѓународните закани, заканувачки благосостојби на планетата и дури постоењето на човештвото. Освен

---

[35] Bzezinski Z. (2016), „Кон новата светска реконструкција“ web site: http://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/ (посетена на 20.02.2019 година)

тоа, Европа на политички и културен план е сојузник на САД и ги поддржува нивните главни интереси.

Петтата реалност е дека тековните политички будења во постколонијалните муслимански земји е делумно задоцнета реакција од понекогаш грозоморното им потиснување – главно од европските земји. Оваа реакција носи во себе задоцнето, но силно чувство на неправда и верска мотивација.

### 4.1. Соединетите Американски Држави

САД биле најмоќната земја во светот во текот на XX век. Во доцните 1980-ти години се сметало дека САД го достигнаа врвот на својата моќ и дека таа веројатно ќе се намали во наредните години – на сличен начин на кој британската моќ се урна по 1900 година. Но, тој песимизам беше краткотраен. До средината на 1990-тите години кога Советскиот Сојуз се распадна и американската економија се „запали“ - САД станаа глобален хегемон.

Но, како изгледа траекторијата на Америка? Наместо да се намалува, изгледа дека Соединетите Американски Држави ќе станат уште помоќни во XXI век отколку во XX век. Моќта во меѓународниот систем во голема мера е во функција на два фактора: големината и богатството на населението. Големите сили се секогаш држави со најголемо население и најмногу богатство. Големината на населението е важна затоа што големите сили бараат големи воени сили и затоа што само големо население може да произведе изобилство богатство. Богатството е важно бидејќи државата не може да изгради моќна војска, ако нема пари и технологија за опремување, обука и постојано модернизирање на своите борбени сили. Освен тоа, трошоците за водење војна се огромни, како што е примерот со Ирак. Иако американската војска лесно ја пренасочи војската на Садам Хусеин, војната и окупацијата веќе чинеа околу 150 милијарди долари. Колкави би биле трошоците за ангажирање сериозен противник, а не слаб како Ирак? На кратко, најмоќните држави во светот мора да бидат населени и богати.

Главната причина да се мисли дека моќта на Соединетите Американски Држави ќе порасне повеќе со текот на времето е демографијата. Популацијата во

Америка најверојатно ќе порасне со брзо темпо во текот на следните 50 години, додека нејзините потенцијални ривали најверојатно ќе се намалат или растат скромно. На пример, проекциите на Обединетите нации се дека населението во Германија, кое изнесуваше 82 милиони во 2000 година, ќе се намали на 79 милиони во 2050 година, Јапонското население, кое изнесуваше 127 милиони во 2000 година, се предвидува да се намали на 110 милиони во 2050 година, додека пак за руското население, кое изнесуваше 146 милиони во 2000 година, ОН очекува да се намали на 101 милиони во 2050 година. Ако овие проекции се покажат точни, популацијата во Германија ќе се намали за 4%, Јапонија за 13% и Русија за 31%. Популацијата во Велика Британија и Франција е веројатно да расте, но не многу. Велика Британија имаше 59 милиони луѓе во 2000 година и се очекува да порасне на 66 милиони во 2050 година. Франција, која исто така имаше 59 милиони луѓе во 2000 година, се предвидува да достигне 64 милиони во 2050 година. Со други зборови, британското и француското население, се очекува да порасне за 12% и 8%, соодветно, во текот на следните 30 години.

Спротивно на овие проекции со очекуваните бројки за САД. Во 2000 година имало 285 милиони Американци. Обединетите нации предвидуваат дека оваа популација ќе порасне до 409 милиони до 2050 година, односно зголемување од 44 %. Некои експерти веруваат дека американското население ќе биде 500 милиони до 2050 година, што, ако се докаже точно, би претставувало пораст на наталитетот од неверојатни 75 %.

Кина, пак, е единствената земја што можеби еден ден ќе ги предизвика САД. Секако има огромна популација. Обединетите нации проценуваат дека имало речиси 1,28 милијарди Кинези во 2000 година и дека нивниот број, најверојатно, ќе порасне на околу 1,4 милијарди до 2050 година, што е скромен раст од 9 %. Покрај тоа, Кина доживеа силен економски раст во текот на изминатите 25 години, поради што, постои причина да се сомневаме дека Кина ќе се појави како сериозна закана за САД. Поради политиката на едно дете во Кина, нејзиното население старее со брзо темпо, кое со текот на времето веројатно ќе биде влијае негативно врз нејзината економија. Не само што Кина има несоодветен пензиски систем, но ќе има потешкотии за својата работна сила да ја поддржи својата огромна армија на

пензионери, главно поради тоа што бројот на работници по пензионер ќе се намали со текот на времето. Покрај тоа, повеќето пензионери ќе имаат само едно дете на кое можат да се обратат за поддршка. Но, Кина не е единствената земја со старо население. Јапонија старее уште побрзо. Всушност, скоро сите напредни индустриски земји се соочуваат со сериозни проблеми на овој фронт, освен за Соединетите Американски Држави - кои во наредните години ќе останат релативно млади и на тој начин ќе ги избегнат економските проблеми што доаѓаат со правата на постарите граѓани.

Постои уште една причина зошто американската економија најверојатно ќе остане динамична. Во тој контекст, Соединетите Американски Држави не само што имаат изобилство домашен талент, но исто така ги привлекува талентираните странци од сите страни на светот и ги трансформира во американски граѓани.[36]

Од друга страна пак, поранешниот директор на Националната разузнавачка агенција на САД, Џејмс Клапер смета дека САД се соочуваат со невиден спектар на безбедносни предизвици. Тој прецизира дека меѓу нив се сајбер нападите, домашните терористи, милитантите на Исламската држава, Северна Кореја и руската „наметлива“ надворешна политика.

„Во моите над 50 години разузнавачка работа, не можам да се сетам на поразновидни предизвици и кризи, од оние со кои се соочуваме денес“, изјави Џејмс Клапер во неговото годишно обраќање во Сенатскиот комитет за вооружените сили во февруари 2016 година. Притоа, тој оценува дека сајбер криминалот спонзориран од некои држави, како и нападите од поддржувачи на насилен екстремизам, стационирани во САД, се најнепосредни безбедносни закани во овој период. Русија и Кина продолжуваат да имаат најсофистицирани сајбер програми, како уште едно предупредување во врска со намерите на американската администрација, сајбер безбедноста да ја направи приоритетна задача. Според Клапер, милитантите на Исламската држава, се најголемата терористичка закана во светот. Тие веќе се обидоа или спроведоа голем број на напади, надвор од Сирија и Ирак, во изминативе неколку години. Нивната проценета сила ја надминува онаа

[36] Mearsheimer, J. (2004), „ U.S. Power in the 21st Century“, web site: https://www.theglobalist.com/u-s-power-in-the-21st-century/ (посетено на 03.04.2019 година)

на Ал-Каеда. Нивните лидери се решени да удрат врз САД, иако САД се многу потешка цел од Европа. Надворешните операции на ИД останувaат критичен фактор во американската проценка на заканите. Клапер, исто така оцени дека Русија останува со намерата да води „наметлива“ надворешна политика, вклучувајќи го и спречувањето на западните аспирации на Украина. Русија со агресивните воени акции ризикува односите со САД да ги врати на ниво на Студената војна, смета Клапер, оценувајќи дека Русија со воените интервенции во Украина и на други места се обидува да покаже дека е супер сила, која може да се изедначи со Соединетите Држави. Според Клапер, Русија е „параноична“ во врска со НАТО. Москва е загрижена поради системот на ракетна заштита, што може да го неутрализира нејзиниот нуклеарен арсенал, неопходен во борбата за статус. Воедно, Клапер додаде дека Русија ќе го зголеми притисокот врз соседните земји да и се приклучат на Евроазиската економска зона, предводена од Москва. Во оваа Унија, веќе членуваат поранешните советски републики Ерменија, Белорусија, Казахстан и Киргистан. Руската подготвеност тајно да користи воени и паравоени сили во една соседна држава и натаму предизвикува вознемиреност кај државите кои се наоѓаат на периферијата на Русија.[37]

Според Бжежински, Америка може ефикасно да се спротивстави на постојното насилство на Блискиот Исток, ако таа создаде коалиција, во која во различен степен ќе учествуваат, освен сите останати, и Русија и Кина. За да се создаде таква коалиција, првично Русија треба да биде убедена да се откаже од активностите засновани на едностраното користење на силата против своите соседи – поконкретно Украина, Грузија и балтичките држави. А Кина треба да се обесхрабри дека со себична пасивност во услови на растечка регионална криза во Среден Исток ќе се покаже политички и економски поволни за остварување на нејзините амбиции на меѓународната сцена. Оваа кратковидна политика на двете земји треба да се пренасочи во друго и да се направи разумна.[38]

[37] „ ИД и Русија главни безбедносни предизвици за САД“, web site: https://www.slobodnaevropa.mk/a/27542617.html (посетено на 07.04.2019 година)
[38] Bzezinski Z. (2016), „Кон новата светска реконструкција“, web site: http://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/ (посетена на 20.02.2019 година)

Американската надворешна политика на Блискиот Исток се покажа како помалку успешна, а најверојатно во 2019 година ќе резултира со намалување на политичко влијание во целиот регион. Во меѓувреме, американскиот претседател се обидува да ги консолидира националните позиции на домашен терен истовремено, вртејќи го политичкиот дискурс во поблиското соседство, Венецуела, како прва на јужниот континент. Зошто се случува тоа? Бидејќи тоа што Полска е за Русија, Венецуела е за САД. Тоа што Кинезите се инкорпорираа во Африка, полека но сигурно го прават Русите на јужниот континент.

Во меѓувреме трансатлантската и институционалната безбедност се ставени на тест во услови кога песочниот часовник истекува. Во случајов песочниот часовник е трпението на средната класа. Појавата на „жолтите елеци", „црвените марами" и слични колоритни актери не ветуваат стабилизација на меѓународната политичка сцена.

Истовремено, САД се соочуваат со низа предизвици чие решавање ќе ја одреди следната политичка деценија. Прв предизвик се односите на САД и ЕУ. Според светските безбедносни аналитичари, Трамп ја доживува ЕУ како конкурент, а не како стратегиски партнер. Понатаму, тезите дека распадот на ЕУ ќе предизвика вакуум на моќ во која своја шанса гледаат земјите на БРИКС (Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужноафриканската Република) не е реална, бидејќи интенцијата на БРИКС не е уништување на некаква политичка и економска конкуренција (каква што би претставувала ЕУ), туку колаборација со истата таа заради неконкурентноста, односно нивната супремација во Азија. Тоа би значело дека стабилна и необременета ЕУ им одговара и на двете страни заради поле за доминација на економскиот пазар. Небезбедна и несигурна Европа ќе значи девастирање на основните економски начела за инвестиции и слободен пазар, што најмалку би му одговарало на брзорастечкиот економски џин од Истокот.

Друг предизвик е ребрендирањето на НАТО. Во услови на нов политички, па и воен, односно, економски поредок се наметнува потребата од реформи на овој политичко-воен, па и економски сојуз. Според харвардскиот професор Џозеф Нај (во свои текстови во кои говори за дипломатијата на САД), американската политичка и воена моќ е реципрочна со онаа на сојузот. Па, така, САД се принудени

да дејствуваат самоиницијативно заради одржување на поредокот во услови кога политичките услови (ограничувања) не дозволуваат интервенција на сојузот. Наедно и пораката на американскиот претседател беше јасна, силен сојуз е можен само со зголемување на одбранбените капацитети на европските држави. Особено на државите од Источна Европа.

Предизвик се и односите на САД и Русија. Аудиториумот сака да ги персонализира како односите меѓу Доналд Трамп и Владимир Путин. Тука е најсложена ситуацијата. Настаните од 11.09.2001 година, кога беа извршени терористичките напади врз Њујорк и Вашингтон, означија голем пресврт во односите на Русија со САД и со НАТО. Иако Русија е сѐ уште голема воена сила, таа нема соодветна политичка и економска величина. Путин настојува да и ја врати големината и местото на меѓународната политичка сцена. За таа цел тој знаејќи дека треба да ги модернизира политичките и економските структури на земјата, но и дека целосниот успех може да го постигне само преку зајакнатата соработка со САД и ЕУ. Тој во настаните од 11 септември „виде“ можност за редефинирање на односите со САД и НАТО и да воведе радикални промени во ориентацијата на руската дипломатија и одбрана, што патем ќе предизвика значајни дебати и контроверзи како на Запад, така и во самата Русија.

Русија беше една од првите земји која ја манифестира својата солидарност со Соединетите Американски Држави по терористичките атентати од 11.09.2001 година. Таа го осуди екаспанзионизмот на исламскиот интегризам и ја понуди сопствената помош на Американците во нивната војна против тероризмот. На 24.09.2001 година, во телевизиското обраќање, Путин ја изложи позицијата на Русија во борбата против тероризмот, соопштувајќи дека „Русија ќе ги поддржи антитерористичките операции во Авганистан преку доставување оружје и воена опрема на авганистанската опозиција и дека ќе го отвори рускиот воздушен простор за транспорт на хуманитарна помош.“

Затоплувањето на односите ќе дојде особено до израз за време на посетата на американскиот претседател на Русија од 24. 05. 2002 година. Ако во октомври 2001 година, Европејците зборуваа за новото руско-американско пријателство, веќе во мај 2002 зборуваат за новата американско-руска света алијанса, зајакната со

неколку нови билатерални договори и една значајна декларација: нуклеарни оружја, трговија, битка против тероризмот. Еден од договорите му овозможува на Вашингтон долгорочно да се инсталира во Централна Азија и Кавказ, инаку традиционалните стратешки ловишта на Русија. Основните точки на оваа нова стратешка релација во чии рамки се ангажираат двете држави е „заемното конфронтирање со глобалните предизвици“, „помош кон решавање на регионалните конфликти“, „новото енергетско партнерство“. Во заедничката декларација за „соработката против тероризмот“, Путин и Буш оценуваа дека „суверенитетот, трајната стабилност, просперитетот и внатрешниот демократски развој на државите од Централна Азија им служат и на интересите на САД и на Русија.“ Натаму, Русија и САД изјавуваат дека заеднички сакаат „да ѝ помогнат на Грузија во борбата против тероризмот и да изнајдат политичка солуција за нејзините внатрешни конфликти.“ Текстот на декларацијата најавува и одржување на регионална конференција посветена на антитероризмот со учество на САД, Русија, Турција, Кина, Авганистан и државите на Централна Азија и Кавказ. Декларацијата одвојува значаен простор и на забраната на ширењето на нуклеарното оружје и прашањето на антиракетната одбрана. Во оваа Заедничка декларација за соработка против тероризмот, партнерите, како што се самонарекуваат двете страни, се изјаснуваат дека се решени „да соработуваат со цел да ја подобрат стабилноста, безбедноста и економската интеграција“.

Двете земји веќе се сојузници во глобалната војна против меѓународниот тероризам, а таквото сојузништво ќе го продолжат и во Авганистан. САД и Русија, здружени во рамките на Алијансата и Новиот совет „НАТО - Русија“ заеднички се одговорни и за мировниот процес на Блискиот Исток. Конечно, во доменот на стопанството, американското министерство за трговија одлучи во текот на јуни 2002 година на Русија да ѝ даде третман на држава со пазарно стопанство, како и приоритет за нејзиниот прием во Светската трговска организација.[39]

Значаен пресврт во односите САД-Русија претставува и потпишувањето на договорот Старт 3 во Прага на 08.04.2010 година. Со него се ограничува

[39] Ружин, Н. (2005), Нато пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија. Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“ (p. 47-51)

офанзивното оружје, што според аналитичарите нема да ја намали одбранбената способност на САД и Русија. По потпишувањето на Договорот, американскиот претседател Барак Обама, изјавил дека Договорот ги унапредува стратегиските способности, а во исто време овозможува да се постигне поголемо ниво на соработка помеѓу Русија и САД. Обама истакнал дека Договорот претставува дел од напорите за „ресетирање“ на американските односи со Русија. [40]

Во годините подоцна, американско-руските односи се соочуваа со падови, меѓу кои обвинувања за мешање во избори, пресретнување авиони, случајот со Сноуден, ситуацијата со Украина и друго, но по сè изгледа првите луѓе на двете моќни држави САД и Русија, Доналд Трамп и Владимир Путин се надеваат на нормализирање на односите. Имено, истите ги презеле „првите чекори“ за поправање на влошените односи меѓу САД и Русија на нивниот прв самит, откако Трамп ја презеде функцијата, во Хелсинки во јули 2018 година.

Путин ги нарече разговорите во Хелсинки „многу успешни и корисни“ и посочи дека тој и Трамп разговарале за контрола на оружјето, за конфликтите во Сирија и Украина, трговијата и други прашања. Претходно, претседателот на САД се соочи со дополнителен притисок целосно да го прекине самитот, откако американското Министерство за правда обвини 12 руски разузнавачи за хакерство во американската демократска партија и протекување на украдени меилови и други информации за време на претседателската кампања. Трамп ја бранеше својата одлука да се состане со Путин, велејќи дека „дипломатијата“ е клучна и дека „продуктивниот дијалог“ со Москва е добар за САД, Русија и остатокот од светот. Двајцата претседатели изразија желба за разговори за контрола на оружјето. Путин изјави дека е важно да се започне дијалог за нуклеарно оружје и дека тој има конкретни предлози во оваа област. Тој, исто така, рече дека Русија и САД треба да го продолжат „Новиот договор за СТАРТ“ од 2010 година, со кој се поставуваат нови ограничувања за големината на нуклеарните арсенали на двете земји. Кремљ одамна се обидуваше да организира самит, обложувајќи се на тоа дека Путин и Трамп добро ќе се разберат и ќе ја запрат острата надолна спирала во

[40] Милески, Т. (2015), Политичка географија и геополитика. Скопје: Филозофски факултет (р.216)

билатералните врски. Москва на самитот во Хелсинки гледа како на признание на САД за статусот на Русија како голема сила и задоцнето сфаќање на Вашингтон дека нејзините интереси мора да бидат земени предвид.[41]

На повидок е нова „ситуација“, односно САД ветија дека нема да дозволат доминација на Русија и Кина на Арктикот. Во исто време, руските експерти предупредуваат дека борбата за арктичкиот регион допрва треба да дојде и дека тој би можел да се претвори во „Блискиот Исток“ на XXI век.

Командантот на морнарицата на САД во Европа и Африка, адмирал Џејмс Фого истакна дека САД нема да им дозволи на Русија и Кина да доминираат на Арктикот и да го контролираат Северниот морски пат. Според него, Арктикот и Северниот морски пат треба подеднакво да ги користат сите земји на Арктичкиот совет и никој не може да претендира за тој регион. Русија смета дека Арктикот е нејзина територија. „Сепак, тоа е меѓународна територија и ние сме заинтересирани да го чуваме слободно и отворено за сите“, рече Фого. Во исто време, тој додаде дека „американските компании не се заинтересирани за користење на Северниот морски пат, бидејќи неговата длабочина е премногу мала за американските бродови“.

Арктикот е интересен првенствено поради неговите природни ресурси, првенствено нафта и гас, како и можноста за транспорт на стоки по Северниот морски пат. Вредноста на суровините во Арктикот се проценува на 30 илјади милијарди долари.

Затоа сè повеќе и повеќе од Вашингтон се слуша дека претстои борба за тој регион и дека може да стане зона на „воена тензија и конкуренција“. Експертите наведуваат дека Америка е инфериорна во однос на двете своите конкуренти Русија и Кина, и по својот потенцијал и технолошки, а некои американски медиуми истакнуваат дека „САД веќе ја изгубиле оваа битка“.

„Ќе ти кажам нешто страшно. Ми се чини дека Арктикот ќе биде Блискиот Исток на XXI век. Борбата за Арктикот ќе започне со глобалното затоплување, кога ќе се подобри пристапот до регионот со најбогатите природни ресурси, а

[41] „Самитот во Хелсинки ги затопли американско-руските односи“, web site: https://www.slobodnaevropa.mk/a/29368369.html (посетена на 30.05.2019 година)

поголемиот дел од тоа богатство припаѓа на територијата на Руската Федерација. И „неочекувано“ сите сфатија дека Русија е во можност да го развие тој регион, дека Северниот морски пат ќе функционира, дека истражувањата ќе започнат и дека е можна експлоатација на овие природни ресурси. Така што моќта на Русија во наредните години е загарантирана, а тоа очигледно ги загрижува нашите т.н.партнери. Тоа што велат дека Северниот морски пат е ничија територијата – прв пат си дозволија да на толку арогантен начин зборуваат за наша територија. Тоа е како да рекле дека патот Москва-Петербург е ничиј“, изјавил рускиот политиколог Игор Шатров.

Тој потсети дека со цел да ја заштитат уникатната природа на северната поларна зона, создаден е меѓународен форум - Арктички совет, чии членови, меѓу другите се и Русија и САД, но Американците не ѝ нудат соработка на Русија.[42]

САД се соочуваат и со предизвици и од областа на економијата. Транзицијата од индустриска во постиндустриска економија е тешка за секое општество. Работните места во фабриките, сега се заменуваат со работни места во индустријата на знаење и услужниот сектор. Пред неколку децении, многу млади момчиња следејќи ги стапките на нивните татковци работеа во локалните фабрики. Работните места не бараа задолжителни квалификации. Беше можно младите да најдат добри работни места, кои всушност се исплатиле, дури и за оние кои немале високо образование. Многу од овие работни места исчезнаа, делумно поради аутсорсингот и глобализацијата. Младите луѓе со оценки под просекот можат да имаат проблеми со стекнување на дипломи на универзитетите и колеџите, и ова силно ќе влијае на нивниот доход за живот. Американците без високо образование заработуваат релативно малку во споредба со норвешки работници без високо образование. Многу од овие работници заработуваат само околу 20.000 долари за редовна работа. Поради тоа, тие често имаат тешкотии да ги подмират зголемените трошоци за здравствена заштита и домување. Освен тоа, зголемувањето на трошоците за школување на универзитетите неодамна направија родителите да

[42] „Da li će ovo biti "Bliski istok“ 21. veka?“, web site: https://www.b92.net/biz/vesti/svet.php?yyyy=2019&mm=02&dd=23&nav_id=1509261 (посетена на 31.05.2019 година)

започнат со рано штедење пари за високото образование на своите деца. Во контекст на овие меѓусебно поврзани предизвици во однос на работните места и образованието, важно е САД да ги подобрат вештините и компетентноста на работната сила за да се квалификуваат за барање работа во XXI век. Постои силна конкуренција меѓу земјите во нашата глобализирана економија. Во некои азиски земји, вештините во математиката и другите науки е повисока отколку во САД и другите западни земји, а САД мора да се обидат да го премостат овој јаз.

Намалувањето на добро платени работни места во областа на производството и порастот на ниско платени работни места во услужниот сектор, како што се работни места во „Вол-Март" и „Мекдоналдс", придонесоа за зголемување на економската нееднаквост. Во текот на последните триесет години, најбогатиот еден процент од Американците значително го зголемија својот удел во економската пита во споредба со остатокот од општеството. Денес, најбогатиот еден процент контролира околу 23 % од вкупниот приход и околу 40 % од целото богатство. Во меѓувреме, просечниот Американец видел стагнирачки реални плати уште од 1970-тите. Економската криза од 2008 година, поради неодговорното однесување на банките, влијаеше и врз богатите и врз сиромашните, како и врз просечните Американци. Делумно поради падот на цените за домување, драматично се намали просечното семејно богатство во САД. Имаше намалување од 126.400 долари во 2007 година на 77.300 долари во 2010 година. Ова е пад од 39 % за само три години. Падот на богатството непропорционално ги погоди Афроамериканците и Латиноамериканците, но многу белци исто така страдаа. Кога луѓето имаат помалку пари да трошат, има многу малку побарувачка во економијата, а многу компании не можат да продаваат доволно свои производи. Многу луѓе се компензираа со користење на неколку кредитни картички, но не е паметно да трошите повеќе пари отколку што имате, а каматната стапка на долгот со кредитна картичка е многу висока.[43]

[43] „Challenges for the US in the 21st Century", web site: https://ndla.no/en/subjects/subject:23/topic:1:184671/resource:1:103554 (посетено на 03.04.2019 година)

За Соединетите Американски Држави, централен предизвик во текот на следните неколку децении ќе биде да се ревитализира, истовремено промовирајќи поголем Запад и справувајќи се со зголемениот глобален статус на Кина.

Успешните напори на САД за зголемување на Западот, како најстабилна и демократска зона во светот, ќе се обидат да ја комбинираат моќта со принцип. Поголем Запад - кој се протега од Северна Америка и Европа преку Евроазија (со евентуално вклучување на Русија и Турција), до Јапонија и Јужна Кореја - ќе ја зголеми привлечноста на клучните принципи на Западот за другите култури, со што се поттикнува постепеното појавување на универзална демократска политичка култура.

Во исто време, САД треба да продолжат да бидат вклучени на Истокот. Ако САД и Кина можат да соработуваат за широк спектар прашања, изгледите за стабилност во Азија ќе бидат значително зголемени. Тоа е особено веројатно ако САД можат да поттикнат вистинско помирување меѓу Кина и Јапонија, додека го ублажуваат растечкото ривалство меѓу Кина и Индија.

За да имаат кредибилитет и капацитет да дејствуваат ефикасно во западните и источните делови на Евроазија, САД мора да му покажат на светот дека имаат волја да се реформираат дома. Американците мора да стават поголем акцент на посуптилните димензии на националната моќ, како што се иновациите и образованието.

За САД да успеат како промотор и гарант на обновениот Запад, ќе треба да одржуваат блиски врски со Европа, да ја продолжи својата посветеност кон НАТО и да ги дочекаат на Западот, Турција и вистински демократизирана Русија. За да се гарантира геополитичката релевантност на Запад, Вашингтон мора да остане активен во европската безбедност. Таа, исто така, мора да го поттикне подлабокото обединување на Европската унија: тесната соработка меѓу Франција, Германија и Обединетото Кралство - централно политичко, економско и воено усогласување на Европа - треба да продолжи и да се прошири.

Не е нереално да се замисли поголема конфигурација на Западот што би се појавила по 2025 година. Во текот на следните неколку децении, Русија би

можела да започне сеопфатна законска демократска трансформација компатибилна со стандардите на ЕУ и НАТО. Тековните јавни демонстрации во Русија значат, појава на млада средна класа која е сѐ повеќе интернационалистичка и свесна за нејзините граѓански права. Турција, пак, би можела да стане полноправна членка на ЕУ. И двете земји потоа ќе бидат на пат кон интеграција со трансатлантската заедница. Но, дури и пред тоа, може да се појави и продлабочена геополитичка заедница од интерес меѓу САД, Европа (вклучувајќи ја и Турција) и Русија.

Ако САД не е успешна во промовирањето на појавата на проширениот Запад, би можеле да следат сериозни последици: историските незадоволства би можеле да се вратат во живот, може да се појават нови конфликти и да се формираат краткорочни конкурентни партнерства. На пример, Русија може да ги искористи своите енергетски средства и повторно да ги промовира своите империјални амбиции со апсорбирање на Украина. Со пасивна ЕУ, некои европски држави, како што се Германија или Италија, можат да бараат зближување со Русија од економски интерес, додека се зближуваат Франција и Велика Британија, а Полска и Балтичките држави очајно бараат дополнителни безбедносни гаранции на САД. Резултатот ќе биде поделен и се повеќе песимистички Запад.

Во Азија, САД треба да има помирувачка улога за регионална рамнотежа, каква што беше улогата на Велика Британија во внатре-европската политика во текот на XIX и почетокот на XX век. САД можат и треба да им помогнат на азиските држави да избегнат борба за регионална доминација, посредувајќи ги конфликтите и неутрализирајќи ги моќните нерамнотежи помеѓу потенцијалните ривали.

Притоа, таа треба да ја почитува посебната историска и геополитичка улога на Кина во одржувањето на стабилноста на копното на Далечниот Исток. Ангажирањето со Кина во дијалог во врска со регионалната стабилност не само што ќе помогне да се намали можноста за американско-кинески конфликти, туку и да се намали веројатноста за погрешна пресметка помеѓу Кина и Јапонија, Кина и Индија, па дури и во одреден момент помеѓу Кина и Русија во однос на ресурсите и независен статус на државите од Централна Азија. Така, напорите на САД за балансирање во Азија конечно ќе бидат и во интерес на Кина.

Во исто време, САД мора да признаат дека стабилноста во Азија повеќе не може да биде наметната од страна на неазиска власт, а најмалку од директната примена на американската воена моќ. Водечкиот принцип на американската надворешна политика во Азија треба да ги почитува обврските на САД кон Јапонија и Јужна Кореја, додека нема војна меѓу азиските сили на копното.[44]

Во минатиот век, Соединетите Држави го зголемија од статусот на моќност, односно станаа единствената суперсила на светот. Некои се загрижени дека САД ќе ги снема во овој век од страна на Кина, но тоа не е проблем.

Никогаш не постои само еден можен исход. Наместо тоа, секогаш има низа можности, особено во однос на политичките промени во Кина. Освен политичките неизвесности, големината на Кина и високата стапка на економски раст речиси сигурно ќе ја зголемат својата сила во однос на САД. Но, дури и кога Кина ќе стане најголема економија во светот, таа ќе заостанува децении зад САД во приход по глава на жител, што е подобра мерка за софистицираност на економијата. Освен тоа, со оглед на енергетските ресурси, економијата на САД ќе биде помалку ранлива отколку кинеската економија од надворешни шокови. Растот ќе ја приближи Кина до САД во енергетските ресурси, но како што истакна поранешниот премиер на Сингапур, Ли Кван Ју, тоа не мора да значи дека Кина ќе ги надмине САД како најмоќната држава во светот. Дури и ако Кина нема големи домашни политички пречки, проекциите базирани само на порастот на БДП ги игнорираат предностите на американската војска и „меката моќ“, како и кинеските геополитички недостатоци во азискиот баланс на моќта.

Културата на отвореност и иновации на САД ќе и го задржи централното место во информациската ера, во која мрежите ќе додадат, ако не и целосно заменат, хиерархиска моќ. САД се добро позиционирани да имаат корист од ваквите мрежи и сојузи, ако водачите спроведуваат паметни стратегии. Во структурни услови, важно е дека двата ентитета со приход по глава на жител и софистицирани економии слични на оние на САД - Европа и Јапонија, се

---

[44] Bzezinski, Z. (2011), „As China Rises, A new U.S. Strategy“, web site: https://www.wsj.com/articles/SB10001424052970203413304577088881349304486 (посетена на 18.06.2019 година)

сојузнички со САД. Во однос на ресурсите на балансот на моќта, тоа создава голема разлика за нето-позицијата на американската власт, но само ако лидерите на САД ги одржуваат сојузите и институционалната соработка. Покрај тоа, Европа и Јапонија обезбедуваат најголем број ресурси за справување со заеднички транснационални проблеми.

На прашањето за апсолутен, а не релативен американски пад, САД се соочуваат со сериозни домашни проблеми во долгот, средното образование и политичката криза. Но, овие прашања се само дел од сликата. Како лидери во истражувањето и развојот, високото образование и претприемачката активност, САД не се во апсолутен пад, како што се случи во античкиот Рим. Во релативна смисла, постои разумна веројатност дека САД во наредните децении веројатно ќе останат помоќни од другите држави. Ние не живееме во „постамерикански свет“, но повеќе не живееме ниту во „американската ера“ од крајот на XX век. Во однос на првенството, САД ќе бидат „први“, но не и „единствени“. Никој нема кристална топка, но според Националниот совет за разузнавање, иако униполарниот момент е завршен, Соединетите Американски Држави најверојатно, ќе останат први меѓу еднаквите, односно другите големи сили во 2030 година, поради повеќеслојната природа на нејзината моќ и наследство на нејзиното раководство.

Моќните ресурси на многу држави и недржавни актери ќе се зголемат во наредните години. Претседателите на САД ќе се соочат со сѐ поголем број проблеми, односно добивањето на преферирани резултати ќе бара моќ со другите, исто колку и моќ над другите. Капацитетот на лидерите за одржување сојузи и создавање мрежи ќе биде важна димензија на нашата цврста и мека моќ. Едноставно кажано, проблемот со американската власт во XXI век не е од „падот“, туку „порастот на останатите“. Парадоксот на американската моќ е дека дури и најголемата земја нема да може да ги постигне резултатите кои ги сака, без помош на другите.[45]

---

[45] Joseph S. Nye Jr., (2013), „American power in the 21st century will be defined by the ‘rise of the rest’“, web site: https://www.washingtonpost.com/opinions/american-power-in-the-21st-century-will-be-defined-by-the-rise-of-the-rest/2013/06/28/f5169668-dced-11e2-9218-bc2ac7cd44e2_story.html?noredirect=on&utm_term=.25f87308ad09 (посетено на 03.04.2019 година)

## 4.2. Русија

Десет години по распаѓањето на СССР, билансот на економски реформи во Русија, не можеше да се оцени како мошне успешен. Впрочем, како што истакнува еден добар познавач на Русија „историјата на руските реформи асоцира на Сизифовите маки. Тие се вртат во еден вечен и затворен круг со вечно повторување и почнување од почеток“. Тешката транзиција се толкува од повеќе причини, меѓу кои се истакнуваат следните: Русија го наследи целиот надворешен долг на некогашниот СССР, односно над 80 милијарди долари. Таквата позиција ги забавува реформите и ја чини постојано зависна од странските кредитори. Згора на тоа, не треба да се занемари и спекулативната топка, потхранета од страна на трезорските бонови, која доведе до крах на руската рубља во летото 1998 година. За десет години, индустриското производство опадна за 50%, социјалните системи се распаднаа, а просечната должина на животот се смали од 64 на 58 години. Факт е дека младите реформатори кои пилотираа со рускиот „пијан брод“ во последната деценија на XX век, никогаш не добија слободни раце од страна на политичарите и на Парламентот. Можеби Запад згреши што не лансира еден вид нов Маршалов план за Русија кој најверојатно ќе успееше да ги избегне трите големи економски катастрофи. Онаа од 1992 година со хиперинфлацијата од 2500%, онаа од 1993 година по раскинувањето на монетарните врски со останатите бивши советски републики и онаа од 1998 година со недостатоците на платниот промет и девалвацијата на рубљата. По изборната победа на Путин (1999 година), тој исто така го лансира новото руско градилиште на економски реформи (поедноставна даночна политика, продажба на урбано земјиште) која многу потсетува на првите реформатори на руската транзиција. Почетните шпекулации кои се појавија меѓу западните аналитичари беа дали Владимир Путин ќе го снајде судбината на Горбачов, инаку пионерот на радикалното приближување кон Запад.

Сепак, од почетокот на неговиот мандат Путин ќе почне да го следи среќа. Неговото пристигнувањето во Кремљ коинцидира со силниот пораст на цената на нафтата, инаку главниот ресурс на земјата. Според Меѓународната агенција за енергија со седиште во Париз, по дваесет години Русија, инаку вториот светски извозник на сирова нафта веднаш зад Саудиска Арабија, за прв пат во февруари

2002 година произведува 7,28 милиони барели нафта дневно, со што го надминува својот најголем конкурент Саудиска Арабија (7,19 милиони б/д). Енергетскиот сектор и натаму продолжува да доминира со руската економија, зафаќајки 70% од нејзината активност.[46]

Во еден од извештаите на Светскиот економски форум е наведено дека Русија ќе се соочи со неколку предизвици од областа на енергетиката. Првиот ќе биде зголемување на набавките на нафта од извори кои се движат од САД до Ирак. Вториот предизвик за Русија ќе ја претвори заканата од неконвенционални гасни извори во можност, со оглед на потенцијалот на шкрилци, за да го поткопаат одржувањето на Русија на своите традиционални и идни увозници на гас. Третиот предизвик кој Русија ќе треба да го совлада е одговор на промената на побарувачката каде што, според сите главни проекции, економиите што не се членки на Организацијата за економската соработка и развој ќе го сметаат најголемиот дел од идната побарувачка за фосилни горива. Конечно, останува да се види дали Русија може да доведе до менување на глобалната пазарна структура или, пак, дали тоа само ќе трае. Додека земјата би можела да биде на чело на организација од типот на ОПЕК – Организација на земји извознички на нафта, за регулирање на снабдувањето со гас и цени, на пример, таа би можела да ја изгуби и силната конкуренција во секторот за течен природен гас и на други места.

Висок степен на неефикасност на владиниот апарат може да се припише на корупцијата. Русија се карактеризира со многу повисок степен на корупција од другите земји со слично ниво на развој. Некои тврдат дека корупцијата станала инкорпорирана во системот на создавање богатство и дистрибуција на земјата. Од оваа перспектива, некои може да ја сметаат корупцијата како неопходно зло за да се одржи стабилноста и контролата врз продуктивните процеси во економијата.

Довербата во општеството и кон институциите и носителите на одлуки е клучен показател за способноста на општеството целосно да го развие својот продуктивен потенцијал. На сите овие фронтови, постојат знаци дека Русија се

[46] Ружин, Н. (2005), Нато пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија. Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“ (p. 46-47)

соочува со значителни несигурности. Бројот на професионалци кои сакаат да ја напуштат Русија надминува 50% во одредени области. Ова не само што го намалува креативниот потенцијал за поддршка на економскиот развој во земјата, туку го истакнува бегството на капиталот и ја намалува домашната потрошувачка. Истите услови, исто така, влијаат на способноста на земјата да привлече странски таленти, кои би можеле да имаат дополнителна улога во следната фаза на развој на руската економија.

Во извештајот се заклучува дека иако има многу позитивни настани во руската економија, во целост таа е кревка. Слабоста на Русија е поврзана со две динамики. Прво, поради силното потпирање на извозот на енергија, Русија е повеќе погодена од другите земји од флуктуациите во глобалната економија. Секое забавување на глобалната побарувачка или промена во глобалниот енергетски пејзаж директно влијае на рускиот чековник. Второ, сложените интеракции помеѓу приходите од енергетските приходи, квалитетот на домашните институции и динамиката на социјалната кохезија создадоа бариери во потрагата за целосно развивање на физичките и човечките ресурси на земјата. Оваа комбинација може да биде клучна пречка за идниот економски развој на Русија, со оглед на тоа што овие ресурси се најважните средства во земјата.[47]

Геополитичка положба на Русија во последната четвртина век се смени значително. Од почетокот на 2000-тите, а особено од 2014 година, дојде до промени во кои Русија покажува амбиции да ги искористат не само во замрзнатите конфликти во постсоветскиот простор, туку и на Балканот. Ова се случува преку вкрстено поврзување на медиумите во оваа област, со угнетување на интеграцијата на другите земји од Западен Балкан во НАТО (Црна Гора), играјќи со различни политички актуелните случувања во Србија и состаноците на различни политички нивоа со претставници на ентитетот на Република Српска. Всушност, секое движење во насока на интеграција на овој регион, Русија не го доживува како подобрување на безбедноста и стабилноста, туку како можна загуба на влијанието

[47] „Russia's Three Biggest Problems“, web site: https://www.forbes.com/sites/kenrapoza/2013/01/24/russias-three-biggest-problems/#282c75505c86 (посетена на 30.05.2019 година)

и постигнување на клучна цел, односно поделба на Европа во нови зони на влијание.[48]

Политичкото и економско зближување меѓу Русија и Кина се одвива во голем број области: енергија, производство на оружје, трговија со национални валути и стратешки проекти во транспортот и поддршка за инфраструктурата. Овој развој, поттикнат од западните политики и акции, вклучувајќи ги и санкциите поврзани со Украина, се чини дека се зајакнува и покрај резервите поврзани со немирни преседани, спротивставени визии и неизвесна економска проекција. Кинеската политика насочена кон европските пазари преку заживување на „Патот на свилата“ го помага овој развој. Иницијативата „Еден појас-еден пат“ е проектирана како алтернатива или дополнување на поморските патишта кои не се безбедни од немирите, криминалитетот и наметната контрола на морињата од страна на САД. Додека Русија, промовирајќи пријателски инвестициски структури, се движи кон исток за да го развие рускиот Далечен Исток што граничи со Кина, таа се проширува кон запад преку преговори со земјите од Централна Азија и скапи инвестиции во инфраструктурата и логистиката. Двете земји, и покрај економската и политичката конкуренција и стравот од губење контрола, имаат интерес за соработка. Дали економската соработка може да се развие во стратешки сојуз, вклучувајќи ја и одбраната, се разгледува во насока на заедничките воени вежби, трговијата со оружје и плановите за проширување на опсегот на Организацијата за колективна безбедност, Шангајската организација за соработка (во која неодамна членки станаа Индија и Пакистан) и Заедничката АСЕАН заедница. Овој пат е тежок и нарушен од конфликтните интереси на членовите. Но, некои позитивни резултати не треба да се отфрлат.[49]

---

[48]Zbornik radova, Okrugli stol odbora Odjeljenja društvenih nauka „Geopolitičke promjene u svijetu i Evropi i položaj Bosne i Hercegovine“ (2017), Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, Sarajevo, web site: http://www.anubih.ba/images/publikacije/posebna_izdanja/ODN/08_posebna_izdanja_CLXXI_8/posebna_izdanja_CLXXI%20_8.pdf(р. 25, посетено на 23.02.2019 година)

[49] Malle S. (2017), „Russia and China in the 21st century. Moving towards cooperative behavior“, web site: https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1879366517300052 (посетена на 30.05.2019 година)

Во сферата на меѓународната информациска безбедност, Претседателот на Русија, Владимир Путин потпиша документ кој упатува на тоа дека Москва најголемата опасност ја гледа во интернет-технологиите што се користат како информациско оружје за мешање во внатрешните работи на државата. Документот е со наслов „Основни државни политики на РФ во областа на меѓународната информациска безбедност за периодот до 2020 година", а е составен во Советот за безбедност на РФ со учество на ресорните министерства, вклучувајќи го и Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за врски и масовни комуникации и Министерството за правда. Во документот за првпат на едно место се собрани клучните иницијативи на РФ во сферата на меѓународната информациска безбедност (МИБ), што според замислите на составувачот треба да придонесе како за нивно промовирање во светот, така и за подобрување на соработката меѓу определени ресори во Русија.

Извори кои се запознаени со текот на подготовките на „Основните државни политики" велат дека документот е делумно замислен како одговор на „Меѓународната стратегија за делување во сајбер-просторот" што САД ја усвои во 2011 година. Во оваа стратегија компјутерските диверзии за првпат се третираат како традиционални воени дејствија и САД го задржува правото да одговори на нив со сите средства, вклучувајќи и примена на нуклеарно оружје. Рускиот „одговор" не е толку воинствен. Судејќи по текстот, Москва нема намера против заканите на Интернет да се бори со методи на заплашување, туку со јакнење на меѓународната соработка.

Во документот РФ издвојува четири основни опасности во сферата на меѓународната информациска безбедност. Првата е користење на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) како информациско оружје во военополитички цели за да се изврши непријателско делување и агресија. Друга примена на ИКТ е во терористички цели. Третата е сајбер-криминалот, вклучувајќи го и нелегалниот пристап до компјутерските информации, а исто така и создавање и ширење малициозен софтвер. Ова е општоприфатена тријада. Таа фигурира и во документите на ОН. Четвртата опасност што се наведува во документот е типична за руското видување на проблемите. Станува збор за користењето на Интернет-

технологијата за „мешање во внатрешните работи на државата“, „кршење на јавниот ред“, „ширење омраза“ и „пропаганда на идеи што поттикнуваат насилство“. Според зборовите на изворот, властите на РФ обрнале особено внимание на оваа опасност по случувањата поврзани со таканаречената „арапска пролет“, во кои до израз дошол потенцијалот на Интернетот (пред сè на социјалните мрежи) за време на организирањето и на координирањето на протестите.

Властите на РФ имаат намера да ѝ се спротивстават на оваа опасност заедно со своите сојузници, пред се со членките на ШОС, ОДКБ и на БРИКС. Москва смета дека со нивна помош ќе успее да реализира низа свои клучни иницијативи, а тоа се: усвојување на Конвенција за осигурување на меѓународна информациска безбедност во ОН, составување на меѓународно признати правила за однесување во сајбер-просторот, интернационализација на системот за управување со Интернет и воспоставување меѓународен правен режим за нештирење на информациско оружје.

Досега земјите од Западот беа против иницијативата на Руската Федерација, сметајќи дека тие се насочени кон зајакнување на државната контрола врз Интернетот. Но, „Основните државни политики“ упатуваат на тоа дека Русија, како и досега, им нуди соработка на сите, а таа соработка може да се оствари по пат на дијалог или со дефинирање мерки кои би претставувале барем минимум доверба. Неодамна претседателите на РФ и на САД потпишаа спогодба која нема преседан, а чија цел е да не се допушти прераснување на сајбер-инцидентите во меѓународен конфликт. Руската Федерација би сакала исти такви спогодби да потпише и со други земји.

Според зборовите на експертот Олег Демидов од „ПИР-Центар“, руската стратегија не е конфронтациска од две причини. „Прво, поради тоа што РФ, и покрај активната работа врз создавање сопствена сајбер-команда, заостанува зад САД во оваа област, бидејќи тие создадоа таква структура во 2009 година“, објаснува тој. „А, второ, поради тоа што раководството на РФ се придржува кон сосема поинаков принцип: да не се одговора со сила на сајбер-силите, туку да се работи на достигнување на поширок меѓународен договор кој би овозможил ограничување на користењето на информациско-комуникациските технологии на штета на

граѓаните и на државата." Експертот оценува дека новиот руски документ може да има „дури и многу подалекосежни цели од стратегиите на Белата куќа", но „прашање е во која мера се тие реални и остварливи".[50]

Според степенот на развој, Русија може да биде во првите 5 земји во светот по САД, Кина, Велика Британија и Јужна Кореја, на кои им се закaнува сајбер-војна. Во тој контекст, формирани се Силите за информативни операции во рамките на Министерството за одбрана на Русија.

Главните задачи се централизираното однесување на сајбер-воените операции, управувањето и заштитата на воените компјутерски мрежи во Русија, заштитата на руските воени контролни системи и комуникациите од сајбер тероризмот и сигурното затворање на информациите што минуваат низ нив од веројатен непријател.

Војниците ги координираат и интегрираат операциите спроведени од сајбер-единиците на руските вооружени сили, го испитуваат кибернетичкиот потенцијал на руското Министерство за одбрана и ги прошируваат можностите за нејзино дејствување во сајберпросторот.

Во меѓувреме иднината на самата Русија зависи од нејзината способност да стане важна и влијателна национална држава во составот на обединувачка Европа. И ако тоа не се случи, тоа исклучително негативно ќе влијае на способноста на Русија да се спротивстави на растечкиот територијален и демографски притисок од страна на Кина, која пројавува пожесток стремеж да поништи „нееднакви" договори кои Москва ги има спроведено во минатото.[51]

---

[50] „Русија со свое видување за информациската безбедност", web site: https://mk.rbth.com/politics/2013/08/13/rusija_so_svoe_viduvanje_za_informaciskata_bezbednost_25319 (посетена на 30.05.2019 година)
[51] Bzezinski Z.(2016), „Кон новата светска реконструкција", web site: http://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/ (посетена на 20.02.2019 година)

### 4.3. Кина

Наглиот економски подем на Кина, бара од земјата сериозно и продолжено трпение и разбирање на тоа дека стремежот да се постигнат брзи политички резултати може да доведе до појава на социјални проблеми. Најдобрата политичка перспектива за Кина во блиска иднина е да стане главен партнер на САД за прашањата на ограничувањето на светската криза, како онаа која се шири сега (вклучувајќи и на североисток) надвор од границите на Блискиот Исток. Ако оваа криза не биде локализирана, таа ќе се шири и ќе ги опфати јужните и источни региони на Русија, а исто така западните територии на Кина. Локалните цели на регионалната геополитичка активност на Кина се тесните врски со младите републики во Централна Азија, муслиманските земји – поранешни британски колонии во Југозападна Азија, поконкретно Пакистан и најмногу Иран, земајќи ги предвид нивната сила, стратешки средства и економска улога. Но, тоа треба да биде и цел на глобалните кинеско-американски договори.[52]

Една статија во списанието Liaowang (14 јули 2008) го опишува односот САД-Кина како „комплексна меѓузависност“, во која двете страни се оценуваат во прагматични и умерени термини и во кои „двете страни можат да се натпреваруваат и да се консултираат во рамките на постојните меѓународни правила“ . Глобално растечка Кина е ревизионистичка сила што сака важни промени во меѓународниот систем, но на трпелив, разумен и мирен начин. Американците кои се занимаваат со надворешни работи, особено го ценат фактот дека кинеското стратешко размислување се оддалечило од поимите за глобален класен конфликт и насилна револуција, нагласувајќи наместо тоа, „мирољубивото зголемување“ во глобалното влијание, барајќи „хармоничен свет“.

Со таквите заеднички перспективи, двете страни можат да се насочат кон справување со преостанатите или потенцијалните несогласувања и да соработуваат на такви предизвици како оние што ги поставува нуклеарната програма на Северна Кореја. Кина е потребна како директен учесник во дијалогот со Иран, бидејќи Кина исто така ќе биде погодена ако напорите за преговори завршуваат со неуспех.

[52] Ibid

Американско-кинеските консултации во врска со Индија и Пакистан можеби би можеле да доведат до поголем ефект, бидејќи конфликт меѓу двете земји ќе претставува регионална катастрофа. Кина треба да стане активно вклучена во помошта за решавање на израелско-палестинскиот конфликт, што се повеќе го загрозува радикализираниот и нестабилен Блиски Исток.

Треба да се развие заеднички поглед за справување со глобалните ризици што ги поставуваат климатските промени. Треба да се испита можноста за создавање на поголеми мировни сили на ОН за распоредување во неуспешните држави. Треба да се разговара за тоа како меѓународната иницијатива за глобално усвојување на опцијата за нуклеарно оружје би можела да помогне во пролонгирањето на пошироката пролиферација на нуклеарното оружје. Но, да се промовира сето она што треба неформален Г2. Односот меѓу САД и Кина мора да биде сеопфатно партнерство, паралелно со односите со Европа и Јапонија.

Сето ова укажува на политички и филозофски амбиции. Кинескиот акцент на „хармонијата“ може да послужи како корисна појдовна точка за американо-кинеските самити. Во ера во која се зголемуваат ризиците од масовно деструктивниот „судир на цивилизации“, итно е потребно намерно промовирање на вистинско помирување на цивилизациите. [53]

Но, најновите истражувања покажуваат дека Кина ја избра областа за неизбежен судир со САД: технологија. Двата гиганти на планетата се рамо до рамо. Со четири пати повеќе население, Кина веќе е економска сила што е еквивалентна на Америка. За пет години, бруто-домашниот производ (БДП) на Кина ќе биде поголем од БДП на САД (пресметан во однос на паритетот на куповната моќ).

Да почнеме со добрата вест: војната не треба да биде воена. По неуспехот во Виетнам и на Блискиот Исток, Вашингтон повеќе не сака да го наметнува својот концепт за демократија на остатокот од планетата. Иако неговиот воен буџет е три пати поголем од буџетот на Кина. Пекинг никогаш не сакаше да го освои светот со оружје. Неговите офанзиви се ограничени на соседните територии (ставањето рака

[53] Bzezinski, Z. (2009), „The group of two that could change the world“, web site: https://www.ft.com/content/d99369b8-e178-11dd-afa0-0000779fd2ac (посетена на 21.06.2019 година)

врз Тибет пред 60 години, последниот обид за инвазија – во Виетнам пред 40 години, враќањето на Хонг Конг пред малку повеќе од 20 години). Неговиот проект „Патот на свилата" е првенствено комерцијален. Единственото интригантско прашање за Тајван изгледа дека предизвикува опасно скршнување од овој пат.

Каде ќе се случи битката помеѓу двете големи сили во првата половина на XXI век? Каде што Кина ќе одлучи, во технологијата. И ова решение следи од анализата на она што се случило со векови. Кинескиот потпретседател Ванг Цишан го објасни на Светскиот економски форум на почетокот на годината: „Кинеската цивилизација е стара повеќе од 5000 години. Сепак, кога во Западот се одржа индустријализацијата и се заседоа океаните, Кина заостана, бидејќи нашите императори одлучија да ги затворат портите, и по ова бевме жртва на надворешна агресија ".

Кинескиот претседател Си Џинпинг го сумираше продолжението на неговата неодамнешна посета на Европа: „Ние го направивме за 40 години она што Вие го направивте за три века".

Во очите на кинеските лидери, технологијата е во срцето на врвот, падот и заживувањето на нивната земја. Во средниот век, Кина беше на врвот на својата моќ, со сите големи технолошки достигнувања на таа ера – компасот, барутот, хартијата. Тоа е технолошки пресврт што го предизвика падот на кинеската економска моќ, а потоа и воениот пораз во средината на XIX век. 100 години подоцна, Империјата е само џуџе.

За време на Студената војна меѓу Советскиот Сојуз и Соединетите Американски Држави, технологијата, исто така, одигра водечка улога. Москва прави голем удар со испраќање на првата личност во вселената, а Вашингтон одговори со молскавична брзина испраќајќи ги првите луѓе на Месечината осум години подоцна. Оваа битка, сепак, е симболична, иако направените трошоци овозможуваат Америка да ја воспостави својата индустриска супериорност (информатика, аеронаутика).

Овој пат, технологијата ќе биде во срцето на конфликтот. Кина се подготвува за тоа долго време, на сите фронтови. Прво во образованието, со обука на милиони

инженери и изборот на најдобрите кинески и странски универзитети, првично со познатиот Шангај ранг пред повеќе од 15 години. Следат компаниите со мешавина од државна поддршка и слободен пазарен пристап, за да се придонесе кон раѓањето на идните гиганти, особено во дигиталната област – сега секој од прославените американски гиганти GAFA (Google, Amazon, Facebook и Apple) има свој кинески еквивалент – BATX (Baidu, Alibaba, Tencent и Xiaomi). Исто така, со финансирање, со стимулација на ризичен капитал во високо регулиран сектор.

Стратешкиот план „Made in China 2025", кој беше воведен во 2015 година, ја координира и продолжува оваа амбиција. Исто така, Американците се свесни за влогот. Тука е сериозноста и размерот на аферата Huawei – кинескиот производител на телекомуникациска опрема, осомничен за шпионажа, во момент кога е еден од водечките играчи во областа на 5G мрежите – следната генерација на мобилни телефони.

Мобилизацијата на Кина е се повеќе видлива. Кинескиот капитал наскоро ќе врти повеќе пари од САД. Во Кина, два пати повеќе патенти се регистрирани отколку во САД. Беше објавено дека две генетски модифицирани бебиња се родени таму кон крајот на 2018 година. Во областа на вештачката интелигенција, најдобрите кинески академски трудови се повеќе читани отколку американските. Кина е успешна во јавните аукции во производството на ретки метали и соларни панели. Кинези ја купија и германската компанија за роботика KUKA. Таа напаѓа во автомобилскиот сектор со помош на електрични мотори и батерии. И тоа е само почеток.

Битката ќе биде долга, возбудлива, епска. Таа ќе се соочи не само со две индустрии, туку и со две култури, два политички системи и две филозофии во светот. Ако се верува во најновите вести, Европа ќе биде само набљудувач.[54]

Кинезите со заслужена гордост го посочуваат и фактот дека економијата ја надминала онаа на САД и Европа во технологијата за мобилни плаќања. Кина направи побрз напредок кон „небесното општество" од повеќето развиени

[54] „Зошто војната на 21-от век ќе биде технолошка", web site: https://www.bankometar.mk/zoshto-vo-nata-na-21-ot-vek-e-bide-tehnoloshka/ (посетена на 30.05.2019 година)

економии на Запад. Нешто вообичаено е за кинеските корисници да плаќаат за мали нешта како храна од улични киосци, со своите мобилни телефони. Alipay и WeChat Pay, најчесто користени мобилни платежни системи, станаа симболи на кинеските иновации. И државниот и приватниот сектор се убедени дека претстојат бројни откритија во следната деценија во голем број на области, вклучувајќи роботика, дронови, зелени технологии и вештачка интелегенција.

Зголемената комплексност на кинеската економија ќе го оспори мислењето на Западот дека американските и европските компании можат да продолжат да доминираат во хај-тек економијата, оставајќи ја Кина да се фокусира врз долниот крај на синџирот на вредност. Трансформацијата на Кина во главен извозник на капитал значи уште дека овие компании неизбежно ќе го зајакнат своето присуство како сопственици на физички и интелектуални средства на Запад.

Глобалните инвестиции во Кина, исто така имаат стратешки импликации кои ќе ја оспорат доминацијата на меѓународниот политички систем. Неколку последователни американски влади ги пуштија своите поморски сили, за да ги задржат амбициите на Пекинг кон океаните на исток од Кина, која сепак се фокусира повеќе на земјата на запад. Исклучително прокламираната инцијатива „Патот на свилата“ е делумно обид за развој на нови пазари за Кина низ Евроазија – со инфраструктурни врски низ Централна и Источна Азија кон Европа и Африка. Дваесет кинески града сега се поврзани со Европа преку директни железнички пруги, а обемот на товар испратен на тој начин, се зголеми пет пати од 2013 година.

Интересот што се развива во Кина за Евроазија има значајни стратешки импликации. Индиската влада е загрижена дека Кина ја опкружува со инфраструктурни проекти, кои имаат јасни воени последици, на пример пристаништата кои Кина ги изгради во Пакистан и Шри Ланка. Железничките и поморските врски на земјата, исто така, ќе помогнат да се обезбеди снабдување со енергија од Блискиот Исток.

Крајната амбиција на „Патот на свилата“ е да се претвори евроазиската земја во економски и стратешки регион, кој ќе се натпреварува – и на крајот ќе го надмине – евроатлантскиот регион. Надворешните набљудувачи, кои беа во

искушение да ги отфрлат овие амбиции, можеби ќе треба да мислат дека Кина е веќе најголемиот трговски партнер на Германија.[55]

Поголемиот дел западни политичари и аналитичари сметаат дека сè позасилените воени врски помеѓу Русија и Кина се неубедливи и претежно поттикнати од кратковидите политики на САД, како и дека ќе бидат поткопани од различните национални интереси и заемната недоверба помеѓу двете земји. Сепак, Западот треба да биде внимателен, бидејќи врските помеѓу руската и кинеската армија дополнително ќе се продлабочуваат во претстојната декада. Можеби сето тоа нема да резултира со формална воена алијанса, како западниот НАТО, но тесната воена соработка помеѓу Москва и Пекинг ќе претставува доволно голем геополитички предизвик, оценува американски „Стратфор".

Американскиот секретар за одбрана Џејмс Матис, порача дека „нема големи изгледи за приближување на Русија и Кина на долг рок". На прв поглед, изгледа дека Матис не греши со проценатa. Па, така, според „Стратфор", на пример, Русија има блиски воени врски со Индија и со Виетнам, кои вклучуваат и продажба на руска напредна воена технологија, како што се противвоздушните системи со голем дострел и јуришните подморници. Во исто време, двете земји се заглавени во територијални спорови со Кина. Индија и Виетнам, исто така го сметаат Пекинг за долгорочна воена закана. Дополнително, Русија останува сомнително неутрална во однос на актуелните поморски спорови на Кина во Источно и Јужно Кинеско Море. За возврат, Кина јавно не ја поддржа руската анексија на делови од Украина. Покрај тоа, Русија се чувствува загрозено од кинеското навлегување во Централна Азија преку иницијативата „Еден појас-еден пат", која ја поткопува руската доминација во регионот, вклучувајќи ја и Евроазиската економска унија.

Сите овие работи на прв поглед укажуваат дека се мали шансите за стратегиско воено партнерство помеѓу Москва и Пекинг. Двете земји исто така немаат формален безбедносен пакт, што ги обврзува да застанат во одбрана доколку некоја е нападната во случај на воен конфликт.

---

55 „Предизвиците на Кина кон Западот", web site: https://standard.mk/predizvicite-na-kina-kon-zapadot/ (посетена на 30.05.2019 година)

Но, доколку се погледне подлабоко, станува јасно дека Русија и Кина навистина би можеле да формираат посилно воено стратегиско партнерство, нешто за што Западот би требало да се загрижи. Основата за воените односи помеѓу Кина и Русија е билатералниот договор за добрососедство и пријателска соработка од 2001 година. Членот 9 од договорот предвидува дека „доколку една од потписничките смета дека мирот е под закана и поткопан, или, пак, нејзините безбедносни интереси се вклучени или се соочува со закана од агресија, потписничките треба веднаш да контактираат и да се советуваат за да се елиминираат таквите закани". На оваа одредба може да се гледа како на имплицитна посветеност на заемна одбрана. Од друга страна, Кина и Русија повеќе од десет години спроведуваат големи билатерални воени вежби, т.н. Мировна мисија, кои главно вклучуваат воздушни и копнени сили од двете сили, а тука се и поморските вежби, т.н. Заеднички морињa. Ако се земат предвид и помалите маневри, како што се вежбите за симулација на одбрана од балистички проектили, тогаш годишно се одржуваат четири-пет руско-кинески воени маневри, кои стануваат сè посложени и поголеми. Во септември 2018 година, кинеската армија учествуваше со 3.500 војници, 900 артилериски орудија и 30 авиони, во најголемите руски воени вежби во изминатите четири децении, кои се одржаа на Сибир и источна Русија.

Интересен е и фактот дека кинеско-руските воени маневри од изминатата деценија беа спроведувани на руски јазик, користејќи заеднички командни шифри на рускиот команден центар. Тоа во најголем дел е резултат на тоа што голем број кинески офицери студираат на руските воени академии.

Кина и Русија, исто така продолжуваат со продлабочување на соработката на полето на воена технологија. Кина, според некои анализи, за десет години ќе има мала потреба од руска воена опрема, ако се земат предвид големите инвестиции на земјата за истражување и производство на домашно оружје. Поради тоа, воопшто не е изненадувачки што Москва забрзано му продава на Пекинг некои од најнапредните руски оружја, како што се авионите „Sukhoi Su-35" и системот „S-400", знаејќи дека кинескиот пазар наскоро ќе се засити за увоз од Русија. Покрај тоа, заедничката загриженост поради американските постапки и политики

најверојатно само дополнително ќе ги зацврсти кинеско-руските односи. Во деценијата што претстои не само што треба да очекуваме зголемување на размерот и сложеноста на руско-кинеските воени вежби, туку треба да очекуваме и засилена соработка на полето на воената технологија помеѓу двете земји. Неодамнешната испорака на „Su-35" и „S-400" ќе ги зголеми размената на воен персонал и бројот на заеднички обуки, како и споделувањето на оперативното искуство меѓу двете армии.

Поради сето тоа, поблиските руско-кинески воени врски не треба да се ограничат само на воена алијанса. Кина историски избегнува каков било тип формални сојузи и најверојатно ќе продолжи да го прави тоа. Истовремено, со отфрлањето на засилените врски помеѓу двете армии, поради различните национални интереси на Кина и Русија и недостигот од меѓуоперативност од типот на НАТО, Западот ризикува еден ден да биде геополитички изненаден од нивото на воена соработка помеѓу Пекинг и Москва, заклучува американски „Стратфор".[56]

Кина „призна" дека во редовите на својата армија има сајбер одред, чија официјална задача е да ја штити мрежата на кинеската војска од надворешни напади. Околу 30-членета единица наречена Сина онлајн армија, наводно е формирана за да ја подобри безбедноста на војската, изјавил портпаролот на кинеското министерство за одбрана, Генг Јаншенг. На прашање дали Сината армија има за цел да изведе сајбер напади на други земји, Јаншенг вели дека интернет безбедноста е меѓународен проблем кој влијае и на военото поле, додавајќи дека Кина е жртва на напади на безбедносната мрежа, која според него е релативно слаба. Според некои аналитичари, хакерите од Кина се најголемиот единечен извор на компјутерски напади во светот, додека извештај на Симантек откри дека речиси 30 % од злонамерните меилови се испраќаат од Кина.[57]

---

[56] „Западот исправен пред голем руско-кинески воен предизвик", web site: https://www.novamakedonija.com.mk/svet/%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%B8%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4-%D0%B3%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D0%BC-%D1%80%D1%83%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D0%BA%D0%B8%D0%BD/ (посетена на 30.05.2019 година)

[57] „Сакате ли сајбер војска", web site: https://daily.mk/vesti/sakate-li-sajber-vojska (посетена на 30.05.2019 година)

Според Махбубани, декан на престижната школа за јавна администрација Ли Куан Ју од Сингапур, денешниот свет е подобро место за живеење отколку порано, поцивилизиран е и помирен, а постигнат е и голем напредок во елиминирањето на сиромаштијата, што дава причина за оптимизам. Денес, како резултат на глобализацијата, седум милијарди луѓе веќе не живеат во 193 земји, односно „бродови“, туку во „193 кабини на ист брод", сликовито ја опишал Махбубани моменталната ситуација во светот. Според него, ова е време за враќање на Азија, а не нејзин пад, бидејќи Кина и Индија 2.000 години биле водечки цивилизации, а само во последните два века, Европа и САД го презеде водството.

Западна доминација на светот завршува и Азија се враќа на светската сцена, што Махбубани го илустрира со економските индикатори со кои Кина наскоро ќе го надмине САД како најголема економија. Според него, најголемите предизвици со кои се соочува светот се геополитиката, доброто владеење и глобалното владеење. Европа, која била колонијална сила сега станува геополитички некомпетентна, а Азија подобаро се справува со новите предизвици од стариот континент.

Решението е во зајакнување на глобалните институции на владеење, како што се Обединетите нации, а кои се ослабени поради доминацијата на Западот, додавајќи дека сега на Западот не му е во интерес меѓународни организации да се слаби. Според неговото мислење, Советот за безбедност на Обединетите нации треба да се реформира со цел да се вклучат нови земји во неа. Говорејќи за ризиците од ескалација на конфликтот меѓу Јапонија и Кина, Махбубани изрази уверување дека ова нема да се случи, бидејќи влоговите се премногу големи. Ривалство постои, но земјите сфаќаат дека денешните битки не се водат со војските, туку со економиите и трговските договори. Според неговите зборови, транзицијата на Кина кон демократијата е бавна, но сигурна, а Кинезите денес уживаат поголема лична слобода од кога и да е порано. Според поранешниот претседател на Генералното собрание на Обединетите нации, како и претседател на Центарот за меѓународна соработка и одржлив развој (CIRSD), „Азија ќе го одбележи на XXI.“[58]

---

[58] „Bliži se kraj dominacije Zapada, a 21.vek će biti vek Azije“, web site: https://www.srbijadanas.com/clanak/dominacija-zapada-polako-se-blizi-kraju-i-21-vek-ce-biti-vek-azije-30-03-2015 (посетена на 31.05.2019 година)

## 4.4. Европа

Европа, која за време на Студената војна била централна точка на главните светски идеолошки конфликти, во XXI век повторно се враќа во центарот на геополитичките случувања. Тоа не е изненадување, со оглед на тоа што Европа е родно место на геополитиката, нејзини подеми и падови. И покрај овој факт, континентот во изминатите две децении живееше во самозалажување заради преминот од модерна во постмодерната геополитиката. Додека модерната геополитика е поврзана со конвенционалниот државен систем, суверенитет, национална држава и реалната политика, постмодерната зависи од наднационалните институции, детериторизација и етичката надворешна политика.

Проблемот на самозалажување лежи во тежината за да се утврди што мислиме кога зборуваме за Европа. Секако, не можеме да зборуваме за Европа како стратешки или политички актер, без да се ограничиме на ЕУ. Ова е следниот предизвик: дали да се прифати дека ЕУ ја претставува Европа, а се работи за поистоветување кое често во дискурсот не само на внатрешните, туку и на надворешните актери, укажува на фактот дека Европа е геополитички поделена.

Имено, ЕУ според својата нормативна содржина претставува постмодерен геополитички актер, а остатокот на континентот, со исклучок на држави со традиција на неутралност е олицетворение на модерната геополитика. Тоа го докажа и враќањето на Русија на Европската шаховска табла, која со својата одлука за припојување на Крим и практично трансформирање на Украина во уште една област на замрзнати конфликти во постсоветскиот простор, ги занемарила одредбите од Хелсиншкиот финален акт од 1975 година и Договорот од Будимпешта од 1994 година, и почна да ја менува европската безбедносна архитектура и геополитичкиот поредок. Во исто време, го означи враќањето на геополитика во својата најкласична форма, како алатка на насилство и војна, на европско тло.

Првиот одраз на овие промени е повторното поделба на Европа. Русија ја употребува тактиката „раздели па владеј“ во Европа, со цел да се фокусира на меѓународните односи и по повеќе од две и пол децении да се врати назад на својата

позиција, геостратегиски играч кој со своите акции во постсоветскиот простор може да го наруши геополитичките и геоекономските интереси на ЕУ и САД.

Рускиот предизвик, всушност, доведе до фактот дека европското единство, кое се одгледува преку Европската унија и НАТО, почна да се смета за илузија, не само поради перцепцијата на Русија кон одредени земји на ЕУ, туку исто така и поради поинаквото разбирање на нормативната содржина на демократијата меѓу европските земји и фактот дека географската ситуација го одредува степенот на подготвеност за соочување со предизвиците. Русија во овој процес наоѓа простор за зајакнување на ангажманот преку директна поддршка на некои радикално леви и десни популистички сили во Франција, Германија и Обединетото Кралство.

Постои дополнителна поделба меѓу европските земји во врска со прашањето на европската безбедност. Додека западноевропските земји се повеќе подготвени да бараат нови форми на дипломатска комуникација со Русија, земјите кои за време на Студената војна беа дел или беа во сферата на влијание од Советскиот Сојуз се подготвени за зајакнување на европската безбедност. Овие несогласувања се една од причините за појасна дефиниција на значењето и целта на Северноатлантската алијанса меѓу земјите-основачи и нови членки од европскиот континент, кои инсистираат на позиционирање на Русија како клучна закана за Алијансата од 2008 година и руско-грузиска војна. Она од што се плашат особено балтичките држави - членки на НАТО и ЕУ е дека Русија станува играч во одлучувањето за европски прашања.

Поттик на овој страв, беше даден и со Договорот од Минск, кога Русија ги повика Германија и Франција заедно со неа да одлучуваат за судбината на трета држава, т.е. Украина. Ова дополнително ги поткопа темелите на Унијата, бидејќи две доминантни држави од Унијата преговараат за судбината на Украина, што на одреден начин значи враќање на дипломатијата на големите сили на европскиот континент. Украинската криза создаде уште една промена, односно преземање на геополитичко раководство во Европа од страна на Германија. Имено, Германија по Втората светска војна, се обиде да ја ограничи проекцијата на својата моќ на геоекономска, поради степенот на злоупотреба на геополитиката од страна на националните социјалисти за време на војната. Украинската криза, исто така,

влијаеше и на процесот на преиспитување на стратегијата за надворешна политика на Германија, која за првпат по Втората светска војна ја презеде водечката улога во меѓународната безбедносна криза. Не само што Германија имаше одлучувачка улога во постигнувањето договорот од Минск, туку беше и клучна земја во дизајнирањето и спроведувањето на санкциите против Русија, а воедно ја презеде и улогата на координирање на новите сили на НАТО во Литванија, зајакнувајќи го со тоа источното крило на НАТО.

Причината за ова германско обединување на геополитичката и геоекономската лидерска позиција во ЕУ е фактот што и покрај големата економска зависност меѓу Русија и Германија, Германија има најсилно влијание и притисок врз Русија. И покрај оваа нова лидерска позиција, Германија претпочита во билатерален настап со Франција да биде против Русија. Освен што на тој начин избегнува еднострано ангажирање во чувствителни политички и безбедносни прашања, Германија верува дека со заеднички настап со Франција полесно можат да ги придобијат другите европски земји за заеднички настап. Овој вид на заедница би можел да биде значаен не само во претстојниот процес на британско излегување од Унијата, но и во однос на можното позиционирање во трансатлантските односи, што би можело значително да се промени по крајот на „Брегзитот“.[59]

ЕУ во моментот не се наоѓа само под влијание на „Брегзитот“, туку и на десничарски популизам, кој ги доведе граѓаните на Велика Британија до оваа одлука, испраќајќи порака за потребата од враќање од постнационална, детериторијализирана Унија во класична геополитичка рамка во која коегзистираат националните држави. Оваа нова криза на геополитичкиот идентитет на ЕУ, чии сведоци сме денес, го поставува прашањето за тоа дали Европската унија има моќ да ја обликува иднината на Југоисточна Европа. Само во последните неколку години Унијата се соочи со разни кризи, за кои немаше

[59]Zbornik radova. Okrugli stol odbora Odjeljenja društvenih nauka „Geopolitičke promjene u svijetu i Evropi i položaj Bosne i Hercegovine“ (2017), Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, Sarajevo, web site: http://www.anubih.ba/images/publikacije/posebna_izdanja/ODN/08_posebna_izdanja_CLXXI_8/posebna_izdanja_CLXXI%20_8.pdf(p.22-24, посетено на 23.02.2019 година)

соодветни и уникатни одговори, а кои почнаа да ги спречуваат евроинтеграциски процеси.

Овој евроинтеграциски процес за проширување, за кој само мал број на членки покажуваат ентузијазам, може да се спореди со возење велосипед, бидејќи Унијата се довела во состојба или да продолжи да ги врти педалите напред или да падне. Притоа, „Брегзитот“ и десничарскиот популизам „и ја пробушиле предната гума“, а дискурсот на новиот претседател на САД, кој како да ужива во евентуалното сценарио за фрагментација на ЕУ, претставува „бушење на задната гума“. Без процесот на проширување, ЕУ го губи своето најважно средство за влијание во регионот, го зголемува влијанието на Русија, дава дополнителен импулс на регресивните сили и го остава регионот во несигурна сива зона.

Поради руското геополитичко враќање, анти-ЕУ расположението кај некои членови, британскиот референдум и падот на американската моќ, денешната ЕУ е трансформирана од една предвидлива наднационална организација во непредвидлив агломер на национални држави.

Прашањата за кои чекаме одговори, за навистина да може да се зборува и за геополитички промени, а не само геополитички предизвици, се дали Европа продолжува да се движи кон десно, што може да резултира со продолжување на колапсот на нејзината мека моќ и нејзиното влијание од овој вид на моќ. Ова понатаму ќе доведе до раст на евроскептицизмот во земјите кои се во процес на приклучување во Унијата и натамошното зајакнување на националистичките тенденции, особено во област која досега остана надвор од неа, а тоа е поголемиот дел од земјите од Западен Балкан, враќајќи ја ЕУ и постјугословенските Балкански држави во зона на конфликт.[60]

Во врска со земјите кои не се членки, состојбата е следна:

• Северна Македонија аплицирала за членство во ЕУ на 22.03.2004 година. На 17.12.2005 година, Претседателството на Европскиот совет во Брисел на Северна Македонија и доделила статус на кандидат за членство во Европската Унија.

---

[60]Ibid (p. 25 и 26, посетено на 23.02.2019 година)

Најголемиот проблем на земјата околу започнувањето на преговори со ЕУ беше спорот со името со соседна Грција. Грција го отфрлаше името Македонија бидејќи според неа, тоа имплицирало територијални амбиции кон сопствената територија на Грција односно северниот дел на провинцијата Македонија. Поради тоа, ЕУ земјата ја нарекуваше „Поранешна Југословенска Република Македонија“ (ФИРОМ). Решавањето на проблемот со името стана услов за пристапување кон унијата. Грција, постојано потврдуваше дека ќе го искористи своето право да го блокира пристапот без претходно да биде најдено решение, односно изјави дека ќе употреби вето, исто како што го употребила при блокадата на земјата за влез во НАТО пактот. Други позначајни тешкотии со кои се среќаваше Република Северна Македонија беа остварувањето на европски стандарди на владеење на правото и економијата. По решавањето на спорот со името и потпишувањето на Преспанскиот договор, се очекува во октомври 2019 година земјата да добие датум за преговори под четири услови: спроведување на итните реформски приоритети, спроведување на договорот за името, позитивен извештај на Европската Комисија и одлука на Советот на ЕУ. Отворање на преговорите за Македонија е условено и со постигнување напредок во реформите. Ако се исполнат условите првата меѓувладина конференција би почнала пред крајот на 2019 година.

• Статусот на Турција во однос на нејзиното приклучување кон ЕУ во последните години е едно од најделикатните и најсериозните противречија во последните години. Преговорите за зачленување во ЕУ, Турција ги започнала во 1987 година. Преговорите службено започнале во 2005 година заедно со Хрватска. Турција денеска има седма економија по големина во Советот на Европа и петнаесетта во светот. Голем број од подржувачите на земјата кон нејзиното приклучување во ЕУ сметаат дека Турција претставува клучна регионална сила со голема и развиена економија и втората по големина воена сила во НАТО. Нејзиното приклучување во ЕУ, според нејзините подржувачи, би означувало засилување на позициите на ЕУ како глобален геостратегиски играч. Турција е земја која, поради својата местоположба има големо политичко, економско, културно и историско значење за регионот. Сепак, најголеми противници против зачленувањето на Турција во ЕУ се Франција и Германија. Противниците тврдат дека Турција сè уште

не ги почитува основните принципи за една либерална демокатија, како и слободата на изразување. Проблем за Германија, исто така е и големата популација на Турција која во голема мера ќе ја промени структурата на европските институции. Демографските прогнози пресметуваат дека Турција ќе ја надмине Германија според бројот на парламентарците до 2020 година. Доколку Турција влезе во ЕУ, Европа би загубила голем дел од својата најголема ценетост - христијанството. Ова произлегува од фактот што 99% од населението на Турција е со муслиманска вероисповед. Друго, со кое не се согласуваат голем дел од француските политичари е местоположбата на Турција. Според нив, само еден мал дел од турската територија се наоѓа во Европа, и покрај тоа што европскиот дел на Истанбул е поразвиен од анадолскиот. Сепак, можеби најголемиот проблем на Турција е Кипарското прашање. Островот е разделен на два дела, од кој едниот е член на ЕУ, а во другиот живеат Кипарски Турци во своја самопризнаена држава. Турција не го признава Кипар од една страна, а од друга страна пак Северен Кипар не е признает од голем број на земји во светот.

• Албанија е првата земја официјално признаена како потенцијална земја за кандидат за членство во ЕУ. Но и покрај тоа, примањето на Албанија во ЕУ зависи главно од нејзината економска и политичка сигурност. Официјално Албанија поднела кандидатура во 2009 година. Европската комисија (ЕК) во овогодишниот извештај препорача безусловен почеток на преговорите за членство на Албанија во Европската Унија, заедно со нашата земја.

• Исланд своето приклучување кон ЕУ го започнал во 2009 година, главно како резултатот од големата рецесија во земјата. Поранешните исландски влади главно не гледале никаква неопходност за полноправно членство во ЕУ. Главната причина за тоа било губењето на контролата врз рибарството и земјоделството. По приемот во унијата овие области ќе се регулираат преку заедничката аграрна и политика за рибарство на ЕУ. Изгледите за брзо членство во еврозоната во моментов е еден од главните аргументи за зачленувањето во ЕУ, зашто исландската круна и натаму губи од својата вредност. Сепак, се смета дека крајниот збор за пристапување кон унијата ќе го има народот на референдум. Според голем број на иследувачи, референдумот ќе биде успешен.

• Црна Гора официјално на 15.12.2008 година побарала да стане земја кандидат за членство во ЕУ, а од 2012 година е во процес на водење преговори.

• Србија официјално на 22.12.2009 година побарала да стане земја кандидат за членство во ЕУ, а од 2014 година е во процес на водење преговори.

• Босна и Херцеговина на 15.02.2016 година поднела официјално барање за прием во ЕУ, но сѐ уште се соочува со големи економски и политички проблеми, заради што нема отпочнато преговори за членство.

• Независноста на Косово не е признаена едниствено од Шпанија, Словачка, Кипар, Романија и Грција, како членки на ЕУ, но сепак се смета дека Косово и регионот имаат европска перспектива. Како и Црна Гора, и Косово како своја официјална валута го користи еврото. Според Европската комисија, земјата треба многу брзо да се справи со корупцијата и организираниот криминал, заштита на српското малцинство, изгласување на европски закони и други клучни европски реформи.

• Норвешка, Сан Марино, Андора, Лихтенштајн, Ватикан, Монако и Швајцарија не се членки, но имаат посебни договори со ЕУ.

Многу членки на Европската асоцијација за слободна трговија се потписнички на Договорот за Европска економска област, што значи дека тие учествуваат во многу аспекти на единствениот европски пазар.

Од опсервацискиот фокус, не смеат да се изостават цела низа прашања кои се отвораат по повод основањето на Евроазискиот сојуз во насока на Путин, кое се нарекува и „Источното партнерство“, а се однесуваат на можната иднина на Украина, Молдавија и Грузија во ЕУ, земји со кои ЕУ веќе потпишала т.н. нова генерација на пристапни договори. Се разбира, моделот на „добрососедска соработка“ и „Источното партнерство“ делумно се однесува и на односите меѓу ЕУ и Белорусија, при што Белорусија нема партнерски односи со ЕУ. И потребно е барем кратко да укаже на драматичната природа на односите на ЕУ со Руската Федерација, бидејќи и РФ, како и ЕУ ги смета овие четири земји како свои сопствени легитимни геополитички интереси, партнерства и одговорности. Затоа војната во

источните делови на Украина и руската ре-окупација на Крим беа индикатори за сериозно нарушена доверба помеѓу ЕУ и Руската Федерација.

Всушност, валканите геополитички игри во Украина дефинитивно не вратија во заостренaта фаза на суровата „Студена војна“ (1948-1991), бидејќи во меѓувреме се покажа дека падот на „Берлинскиот ѕид“ и „Железната завеса“ (1989-1991) се само маска за смирување на геополитичката тензија поради распуштањето на „Варшавскиот договор“ и формалното распуштање на поранешниот СССР. Бројни проблеми беа создадени и поради тоа што победникот во „Студената војна“ дејствуваше во согласност со презентираните амбиции, смета Збигњев Бжежински во „Големата шаховска плоча“[61]. Според американско-француски историчар и политички научник Емануел Тод, Соединетите Држави ја освоија Студената војна, а потоа не беа во можност да се справат со фактот што станаа de facto голема арамија и главен продуцент на „организиран хаос“ низ светот. Сето ова на крајот, ја произведува т.н. постмодерната суспензија на меѓународното право, вклучувајќи ги и војните на Блискиот Исток и Украина, а потоа и повторното окупација на Крим.

Основните вредности врз кои настана Европа по падот на Берлинскиот ѕид требаше да бидат правда, среќа, просперитет, мир. Повеќе од дваесет години подоцна остана малку од наведеното. Тоа беше европски лет, со кој се развија оптимистички погледи на човекот и општеството.

Сепак, наместо разбирање на разликите во однос на вредноста, со текот на времето, се појави одреден конформизам заснован на принципот дека е потребно да се заработи повеќе и побрзо. И да се троши, се разбира, уште побрзо. Со текот на времето, се заборавија или потиснаа во втор план, максимите дека човекот не живее само од материјална, туку многу повеќе од духовна благосостојба, која оплеменува и развива емпатија за сѐ што е различно, загрозено или маргинализирано.

Резултат на горенаведеното е геостратешката промена во светот која се повеќе развива и го промовира индивидуализмот и релативизмот, кои пак ги поткопуваат европските вредности и културите достигнувања. На овој начин

[61] Bzezinski, Z. (1999), Velika šahovska ploča, Varaždin: HUMS i Interland

Европа нема иднина бидејќи секој поединец и група ги брани и ги штити само своите интереси. Без правда и солидарност, без да се почитува правната норма во односите во општеството и развојот на свеста, општествениот живот тоне во насилство. Затоа, не треба да нè изненади тоа што тероризмот и „мафијата која е посилна од државата“, напредуваат онаму каде што се одвива интеграцијата.

Во оваа смисла, многу закони кои се создадени во европските земји се насочени против вистинското добро на човекот и општеството. Се појави релативизам и тоа најмногу во моралната област. Секој сака да се почитува себеси и своите закони, а другите не се важни.

Сепак, и покрај тоа, многумина се подготвени да се жртвуваат за поголема солидарност и емпатија, како и за повисок квалитет на живот. Подготвени се да се жртвуваат за да се промовира општото добро за сметка на индивидуалното.

Ако Европа не се врати на патеките од средината на деведесетите години на XX век, а кои се однесуваат на движење кон идеалите кои се поставени кога е создадена Европа, и се заканува сериозна (де)конструкција.[62]

### 4.4.1. Велика Британија

Додека од една страна некои држави од Европа имаат статус на кандидати или потенцијални кандидати за членки на Европската Унија и се во период на имплементација на барањата и условите на оваа унија, од друга страна се појави нов предизвик на светската политички сцена - „Брегзит“.

Тоа го означува претстојното повлекување на Обединетото Кралство (Велика Британија) од ЕУ. Овој процес започна со референдумот од 23 јуни 2016 година, кога 51,9 % од гласачите избраа да ја напуштат унијата. На 29 март 2017 година, Владата на Обединетото Кралство се повика на член 50 од Договорот за Европската унија. Велика Британија требаше да ја напушти ЕУ на 29 март 2019 година во 23 часот, кога ќе заврши периодот за преговарање за Договор за повлекување, но рокот е продолжен до 23 часот на 31 октомври 2019 година. Поранешната премиерка Меј, ја објави намерата на Владата да не бара постојано членство на европскиот

[62] Ibid (p.71, посетена на 25.02.2019 година)

единствен пазар или царинската унија на ЕУ по напуштањето на ЕУ и вети дека ќе го укине Законот за европски заедници од 1972 година и ќе го вклучи постоечкиот закон на Европската унија во домашното законодавство на Велика Британија.

Широкиот консензус меѓу економистите е дека „Брегзит“, најверојатно, ќе го намали реалниот доход по жител на Велика Британија на среден и долг рок и дека референдумот самиот по себе ја оштетил економијата. Студиите за ефектите од референдумот покажуваат годишни загуби од 404 фунти за просечното домаќинство во Велика Британија од зголемената инфлација и загуби помеѓу 2 и 2,5 % од британскиот БДП. Брегзит, најверојатно, ќе ја намали имиграцијата од Европската економска област (ЕЕА) во Обединетото Кралство, и претставува предизвик за високото образование во Обединетото Кралство и академските истражувања. Од ноември 2018 година, иднината на Велика Британија во постојните трговски договори со ЕУ и односите со Ирска и другите земји-членки на ЕУ остануваат неизвесни. Прецизното влијание врз Велика Британија зависи од тоа дали процесот ќе биде „тврд“ или „мек“.

Сепак, францускиот аналитичар Тјери Мејсан смета дека „Брегзит“ нема да ја изолира Велика Британија, туку ќе ѝ даде можност да се насочи кон својот Комонвелт и да создаде силни врски со Русија и Кина. Имено, Британскиот Комонвелт е организација составена од 53 држави членки, кои што делат исти вредности, развиваат бизнис и спортски врски и разменуваат експерти во разни сектори. Прв човек на Комонвелт е кралицата Елизабета Втора. Станува збор за заедница поголема од Европската унија која се протега на сите континенти. Падот на фунтата би можел на Комонвелтот да му даде предност, а познат по својот прагматизам, Лондон би можел да стане меѓународен центар за јуанот и да ја смести кинеската валута во самото срце на Унијата.

Велика Британија досега на ЕУ ѝ даваше најголем придонес во одбраната со вкупно 15% од буџетот. Освен тоа, Британците беа задолжени за операции за заштита на поморскиот транспорт во Африка, а британските бродови се присутни и во Медитеранот. Исто така, планирано беше Велика Британија да обезбеди трупи за создавање борбени групи при ЕУ. Но, после „Брегзит“, сите овие планови се паузирани.

За Вашингтон сега е прашање дали Лондон ќе прифати да го зголеми своето учество во НАТО. Иако Мајкл Фалон, тогашниот британски министер за одбрана вети дека нема да ослабат заедничките напори на ЕУ и НАТО, никој не може да каже зошто Лондон сега би се согласил да испрати свои трупи под странска команда.

Како резултат на тоа, Вашингтон се сомнева во волјата на Британците да го продолжат сојужништвото кое што настана во 1941-ва година. Секако, не треба да се исклучи можноста „Брегзит“ да стане британски трик кој ќе им овозможи да во своја корист преговараат за „посебниот однос“ со Американците. Меѓутоа, експертите сега сметаат дека Лондон се надева дека ќе ја прошири соработката со Русија и Кина, притоа не одрекувајќи се од договорите со Вашингтон.

За време на Втората светска војна, па дури и пред САД да се вклучи во војната, Вашингтон склучи договор со Обединетото Кралство што е јасно наведено во Атлантската повелба. Тука се вели дека земјите се здружуваат за да се гарантира слобода на пловидбата на морињата и да се зајакне слободната трговија. Овој сојуз е остварен преку договорот „петте очи“ кој моментално служи како основа за соработка на 17 разузнавачки агенции на пет различни земји (САД, Велика Британија, Австралија, Канада и Нов Зеланд).

Од лондонска гледна точка, Соединетите Држави се тие кои што го прекршиле „посебниот однос“ така што го замениле со идејата за униполарен свет и што сами тргнале во спроведување на своите интереси. И тоа во време кога веќе не се ниту најголема економска сила, ниту пак најмоќна конвенционална воена сила. Поради тоа, од овој момент во интерес на Британија е да престане да ги става „сите јајца во една корпа“. Британија треба да ги сочува заедничките институции кои што ги дели со Вашингтон, да се потпира на Комонвелт додека плете нови врски со Москва и Пекинг, или директно, или пак преку соработка со Шангајската организација за соработка.

Неодамна, Шангајската организација за соработка прими два члена на Комонвелт – Индија и Пакистан. Додека и натаму не може да се види тоа дали

Британците се зближиле со Русите, можеме да го забележиме тоа дека се зближуваат со Кинезите.

Лондонската берза објави договор со Системот на надворешно-трговска размена со Кина и во јуни стана најважната берза на светот за проценка на кинеските обврзници. Сите елементи се поставени така што Лондон би можел во иднина да се претвори во кинески Тројански коњ во срцето на Европа, а сето тоа да се случува на штета на надмоќта на САД.[63]

### 4.4.2. Западен Балкан

Откако Република Хрватска влезе во Европската унија (1 јули 2013 година), регионот „Западен Балкан" ги опфаќа: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора. Во кругот на земји кандидати и потенцијални кандидати се наоѓа и Турција, иако не припаѓа на Западен Балкан и има многу комплексни меѓусебни односи и со НАТО како полноправна членка и со Руската Федерација како моќен сосед и партнер и со голем број земји во регионот, при што во некои од води и војни.

Вредно е да се предупреди и на една од политиките на ЕУ во случај на надминување на актуелната криза, преку моделот „јадро на Европа" и моделот за враќање на суверенитетот на национално ниво, спротивна на политиката на доведување нови членки во ЕУ, која се сметаше за една од најуспешните политики на ЕУ и значеше благосостојба за новоприфатените и таканаречените стари членки на ЕУ. Ваквата политика може да запре или да се замрзне на среден рок, за да може да се обнови во случај на надминување на кризата во унијата.

Сепак, од суштинско значење е да се следат и да се разгледуваат аспекти за тоа како секоја земја кандидат или потенцијален кандидат се самореформира преку наметнати внатрешни трансформации од страна на ЕУ, со цел да се придвижат од предполитички, исклучиво етнички/национални разбирања во политичка

[63] „Анализа: Британија – Русија – Кина, на повидок нов светски поредок", web site: http://index24.mk/index.php/vesti/svet/item/2797-analiza-britanija-rusija-kina-na-povidok-nov-svetski-poredok?utm_source=daily.mk&utm_medium=daily.mk (посетено на 20.02.2019 година)

заедница на еднакви граѓани од сите нации, дури и ако ниту една од овие земји не стане полноправна членка на ЕУ.[64]

Во тој контекст е и извештајот на организаторите на Минхенската безбедносна конференција насловена „Големата сложувалка: кој ќе посегне по парчињата“, одржана во февруари 2019 година. Според извештајот, светот е соочен не само со низа од кризи, туку и со системска трансформација на меѓународните односи, па затоа голема непознаница е каков ќе биде новиот светски поредок, а во 2019 година ќе се дознае дали Западен Балкан сè уште верува во европските вредности.

Станува очигледно дека настапува нова ера на натпревар помеѓу „големите сили“ САД, Кина и Русија и либералните демократии како Франција, Германија, Велика Британија, Канада и Јапонија. Тие сметаат дека ЕУ се уште не е подготвена за оваа конкуретна борба со „авторитарните Кина и Русија“. Конфронтацијата помеѓу овие две земји и САД стана основа на американската надворешна политика и доаѓа на местото на војната со тероризмот, доктрина што ја формираше американската стратегија во текот на речиси две децении.

Во делот за Западен Балкан се вели дека евроатлантската интеграција на регионот нема да се случи набргу и таа порака била пренесена на самитот ЕУ-Западен Балкан што се одржа минатата година. Сепак, „лидерите на ЕУ ја признаваат стратешката важност на ова парче од европската сложувалка кое недостига“. Во текстот се додава и дека негативните случувања на Западен Балкан биле засилени од влијанието на актерите како Кина и Русија.

ЕУ неодамна се разбуди и стана свесна за ризиците, се вели во извештајот, па затоа на почетокот на 2018 година, Европската комисија усвои нова стратегија за поголем ангажман во регионот како геостратешка инвестиција. НАТО и ЕУ сега

[64]Zbornik radova. Okrugli stol odbora Odjeljenja društvenih nauka „Geopolitičke promjene u svijetu i Evropi i položaj Bosne i Hercegovine“ (2017), Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, Sarajevo,web site: http://www.anubih.ba/images/publikacije/posebna_izdanja/ODN/08_posebna_izdanja_CLXXI_8/posebna_izdanja_CLXXI%20_8.pdf(р.36 и 38, посетено на 23.02.2019 година)

активно настапуваат против руската пропаганда, а ЕУ инициraше серија инвестициски програми за да се спротивстави на кинеските.

Во извештајот се посочени и резултати од анкетата спроведена од Регионален совет за соработка (РЦЦ), според која, Северна Македонија, Косово и Албанија имаат најоптимистички гледишта во однос на евроинтергрaциите од сите земји во регионот. Така, на пример, 23 % од анкетираните македонски граѓани сметаат дека зачленувањето на земјата во ЕУ може да се случи до 2020 година, додека 29 % сметаат дека тоа може да се случи до 2025 година. Речиси 60 % од македонските граѓани сметаат дека зачленувањето во ЕУ е добро за земјата.

Според Меркатор институт за кинески студии (МЕРИКС), од 2013 до 2018 година, Кина финансирала 574 милиони евра за инфраструктурни проекти во земјава, додека за истиот период ЕУ во македонската инфраструктура вложила 787 милиони евра. Кинеското влијание во државата, според МЕРИКС се промовира преку тесна соработка на државни истражувачки инститити од Кина со локални партнери. Пекинг ги користи овие размени за промоција на своите основни интереси во регионот, се вели во извештајот. [65]

Во извештајот што се занимава со анализата на Западен Балкан се проценува дека регионот е сѐ уште е „ранлив” и како пример за „кревка стабилност” се наведува дека Косово во декември, спротивно на желбата на НАТО, одлучи да формира сопствена армија во Србија, со што, одговори со заканата од вооружена интервенција.

Нагласено е дека граѓаните на регионот го изразија своето незадоволство преку протести, додека претежно млади луѓе масовно го напуштаат Западен Балкан. Заклучокот од Извештајот за безбедност во Минхен за тековната година е

---

[65] „Михнехска конференција: Се раѓа нов светски поредок, 2019 година клучна за Западен Балкан“, web site: https://plusinfo.mk/%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D1%85%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0-%D0%BD%D0%BE%D0%B2-%D1%81%D0%B2/ (посетено на 20.02.2019 година)

дека Кина и Русија, како и другите играчи, го интензивираат своето влијание, нагласувајќи ги негативните настани во регионот.

Русија е „традиционален” играч во регионот, но сега Западен Балкан го смета за дел од „голема игра”, која може да ја ослабне ЕУ.

Официјалната Москва во повеќе наврати е обвинета за преземање на мерки за дестабилизација на Западен Балкан, вклучувајќи охрабрување и етнички конфликти. Дел од пропагандата, како што се тврди, исто така е антизападната пропаганда насочена кон зголемување на незадоволството на граѓаните кои се свртени кон ЕУ.[66]

### 4.5. Блискиот Исток

Блискиот Исток има древна и богата историја. Но, во денешно време тажно е да се гледа тоа што се случува таму, посебно во Ирак и Сирија. Настаните кои се одвиваат во тој регион, нанесуваат голема штета на муслиманскиот свет, муслиманската култура и културното наследство на човештвото во целина. Случувањата на Блискиот Исток и појавата на квазидржавата „Исламска држава“ имаат различни карактеристки, вклучувајќи геополитички, геоекономски, енергетски, религиозни, социјални, етнополитички и други.

Блискиот Исток го зазема првото место во светот, поседувајќи 61,5% и 40,6% од вкупните светски залихи на нафта, односно гас. Тука треба да се посочи дека главни потрошувачи на нафта денес се водечките земји во светот, што значи дека тие ја одредуваат цената, бидејќи од енергетската безбедност зависи нивниот спокоен економски раст. Тргнувајќи од горенаведеното, можеме да констатираме дека енергетскиот аспект на блискоисточниот конфликт е клучен фактор за појава на „Исламска држава“. Денес, овој регион стана поле за натпреварување на

---

[66] „Минхенската конференција предупреди на кревката стабилност на Западен Балкан“, web site: https://mms.mk/2019/02/17/%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D1%85%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8/(посетена на 18.03.2019 година)

големите и регионални сили за контрола над идните правци на нафта и гас, кои одат од Блискиот Исток до Европа.

Друга карактеристика на делот од регионот каде се простира „Исламска држава“ и каде се во тек вооружени конфликти (Сирија и Ирак), е тоа што тој дел е коридор преку кој треба да поминува нафтоводот од Блискиот Исток до Европа. Сираја, сама по себе не е производител на нафта. Таа е поважна во својство на енергетска раскрсница, слично како Украина и Турција. Сирија ѝ е особено важна на Турција за остварување на најзините енергетски стратегии. Турција планира во иднина да стане најголем дистрибутивен нафтен канал за Европа, односно основен енергетски мост меѓу Истокот и Западот. Нејзин план е да ги прабави кон себе сите нафтоводи кои одат кон Европа, како од Русија, каспискиот регион и централна Азија, така и од Иран, Ирак, Катар и Блискиот Исток во целина. Ете, оттаму почнуваат сите проблеми во регионот.[67]

Да се обнови релативната стабилност на Блискиот Исток ќе биде невозможно се до тогаш, додека локалните вооружени групи можат да се потпираат или ги уживаат привилегиите на распределбата на освоените територии и при тоа селективно им се помага на терористите. Нивната способност да вршат ѕверства може да се запре само преку притисок, вклучувајќи изборен притисок врз основа на соработката меѓу САД, Русија и Кина, кои за возврат ги зголемуваат можностите за разумно користење на силата на повеќето традиционални за регионот обликувани земји (Иран, Турција, Израел и Египет). Овие земји, исто така, треба да бидат помогнати од страна на Европа при организирањето на демоктратски избори. При вообичаени околности, Саудиска Арабија во оваа листа би била сериозен играч, но денешната склоност на саудиските власти и понатаму да ги поддржуваат идеите на вахабистичкиот фанатизам (дури и при тоа дека тие спроведуваат во земјата спектакуларна модернизација) предизвикуваат сериозни сомнеж за способноста на Саудиска Арабија да игра конструктивна улога во регионот.

[67] „Nafta i Bliski istok – rat za energiju i energetske resurse“, web site: https://www.bastabalkana.com/2015/08/nafta-i-bliski-istok-rat-za-energiju-i-energetske-resurse/ (посетена на 01.06.2019 година)

Особено внимание треба да се посвети на новото политичко активирање на масите надвор од западните држави. Меморијата на луѓето кои долго време биле подложни на политички гонења, во значајна мера придонесе за нагло и насилно, загревање на исламистичките терористи, т.н. будење на Блискиот Исток. Но, не е исклучено дека она што денес се случува на Блискиот Исток, е само почеток на поголема појава што ќе настане во иднина во Африка, Азија и дури меѓу предколонијалните народи во западната хемисфера. Резултатот од систематските убиства на нивните не толку далечни предци, колонизаторите и сродните души, кои барале богатства, пристигнале главно од Западна Европа (земјите кои денес, во секој случај се најмногу откриени за заеднички живот на претставниците на различни националности), а се одговорни за уништувањето на колонијалните народи, во последниве две века. Политичката вера во комбинација со задоцнетото негодување се моќна сила која сега излегува на површината. Тие бараат одмазда – и тоа не само во муслиманскиот Блиски Исток, но, најверојатно и надвор од неговите граници.

Во современиот постколонијален свет почнува да звучи нова историска реторика. Муслиманите и останатите земји користат чувството на длабока одбивност кон Запад и неусвојувањето на неговото колонијално минато, за да ги оправдаат своите лишувања, беди и отсуството на чувство за сопственото достоинство. Фактот дека овие настани сè повеќе јасно пловат во меморијата на муслиманскиот свет и сè почесто во меморијата на останатите земји, зборува колку силно е влијанието на минатото во сегашноста. Иако ова не ги оправдува злосторствата кои се случуваат денес на Блискиот Исток. Со оглед на сето ова, единствената соодветена и практично остварлива опција за САД, Русија и Кина е долгиот и болен пат кон првично ограничените компромиси и регионално помирување.

САД ќе треба да покажат упорност и трпение при создавањето на конструктивни работни односи со некои нови партнери (поконкретно со Русија и Кина), а исто така во заедничката работа со повеќе традиционални и историски докажани муслимански земји (Турција, Иран, Египет и Саудиска Арабија – ако таа може да ја одвои својата надворешна политика од вахабистичкиот екстремизам)

насочен кон создавање на пошироки основи на регионалната стабилност. И во овој поглед тие можат да бидат корисни за нашите европски сојузници, кои претходно доминираа во овој регион.

Целосното повлекување на американските војници од муслиманскиот свет, за што се декларираат нашите американски изолационисти, може да доведе до нови војни, на пример, меѓу Израел и Иран, меѓу Саудиска Арабија и Иран, сериозна интервенција на Египет во Либија, со што би се предизвикало уште подлабока криза на довербата спрема стабилизирачката улога на САД во светот. Во овој случај, Русија и Кина би можеле поинаку, но апсолутно на непредвидлив начин да се извлечат од оваа ситуација со свои геополитички интереси, независно од тоа што и самиот светски поредок би настрадал на прво место во геополитичкиот план.

Конечно, денешните земји-членки на поделена и исплашена Европа би започнале да бараат патрони меѓу оваа моќна тројка и да се натпреваруваат едни со други, склучени со нив алтернативни, но сепаративни договори. Конструктивната политика на САД треба да се одржува упорно и со оглед на подалечна перспектива. САД треба да се стремат кон резултати кои ќе придонесуваат за постепено разбирање на Русија на тоа дека таа може да стане влијателна светска држава само во составот на Европа. Зголемената улога на Кина на Блискиот Исток треба да се одрази и врз меѓусебното разбирање на Америка и Кина и на фактот дека растечкото партнерство на САД и НР Кина во решавањето на блискоисточната криза е историска важна проверка на односите да се обезбеди и зајакне понатамошната стабилност во светот.

Алтернативата на конструктивната долгорочна стратегија – и поконкретно еднострaниот стремеж кон асиметрични цели, диктирани од воени и идеолошки причини – нема да доведе до ништо и ќе се претвори во залудно и самоубиствено губење на време. За Америка тоа може да доведе до подолг конфликт, рамнодушност и дури деморализирачко враќање кон политиката на изолационизам, кон која таа се придржува до XX век. За Русија тоа може да значи сериозен пораз, зголемување на веројатноста да признае доминантната улога на Кина. За Кина тоа ќе значи војна не само со САД, но и со Јапонија или Индија – или со едната и со другата. Во секој случај продолжената фаза на неизгасливи и квази

религиозни војни, кои беснеат низ целиот Блиски Исток под знамето на лицемери и фанатизам, би довела до ескалација на крвопролевањето во целиот регион и надвор од неговите граници, а исто така присутно зголемување на суровоста.[68]

Исто така, и во самата Европска Унија се создадоа геополитички промени. Ситуацијата со бегалците од Сирија и од Блискиот Исток ги нарушија односите меѓу земјите членки на ЕУ во поглед на солидарноста за прием на бегалци.

Во 2015 година започна таканаречената бегалска криза. Оттогаш во ЕУ се регистрирани 1.689.014 бегалци. Во таа 2015 дојдоа најмногу - над еден милион. Главната бегалска рута водеше од завојуваната Сирија, преку Турција, Грција, Балканот до Австрија и Германија. Втората голема рута водеше од Либија до Италија, а третата од Мароко до Шпанија. 2015 година ја одбележаа слики на пренатрупани бегалски кампови и хаос на границите. Додека некои членки на ЕУ пропагираа солидарност, други бараа изолација. Унгарија, Словенија и Северна Македонија подигнаа огради на делови од своите јужни граници. На 18.03.2016 година во сила стапи договорот за бегалците меѓу ЕУ и Турција. Политиката на азил на ЕУ стануваше сè поригорозна, а бројот на бегалци значително се намали. Во 2018 година беа регистрирани околу 140.000 баратели на азил - 8 пати помалку отколку пред само 3 години. Во 2018 имаше повеќе мигранти од Африка, отколку од Сирија.

Во ЕУ главно се влегуваше преку Шпанија. Бегалците кои ќе стигнат до некоја од јужните членки на ЕУ, главно сакаат да продолжат понатаму. Пред сè кон Германија. Барателите на азил во Германија добиваат месечна социјална помош од 354 евра - по лице.[69]

Во минатата година се зачестија обидите на мигрантите за нелегално минување на границата. Бројката во 2018 година е за четири пати поголема од 2017 година, но драстично помала од 2016 година. Зголемен е бројот и на откриени

---

[68] Bzezinski Z. (2016), „Кон новата светска реконструкција“, web site: http://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/ (посетена на 20.02.2019 година)

[69] „Дали бегалската криза е завршена?“, web site: https://www.dw.com/mk/%D0%B4%D0%B0%D0%BB%D0%B8-%D0%B1%D0%B5%D0%B3%D0%B0%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B0/a-48217893 (посетена на 31.05.2019 година)

криумчарени мигранти, но криумчарите и натаму се активни. Од мигрантите кои доаѓале од Авганистан, Пакистан, Бангладеш, Ирак и други земји од Блискиот и Далечниот Исток, тие наплатувале од 150 до 300 евра по лице.

И во извештајот на Европската агенција за гранична безбедност – Фронтекс за ризиците во 2019 година, се посочува дека во однос на балканската рута во 2018 се зголемил притисокот на границите. Во извештајот стои дека во однос на 2017 година има 34 % повеќе пристигнувања во Грција преку границата со Турција. Фронтекс во извештајот посочува дека членките на ЕУ треба да останат внимателни иако е намален трендот на пристигнувања на мигранти во овие земји. Особена внимателност се посочува во однос на источно-медитеранската рута. Минатата година најмалку мигранти пристигнале преку централно-медитеранската рута преку Италија, која е речиси целосно затворена. Но, откако таа рута е затворена мигрантите наоѓаат нови, па така медитеранскиот пат преку Мароко и Шпанија бележи двојно поголем број мигранти кои се обидуваат оттаму да пристигнат во ЕУ.[70]

Сириската војна се приближува кон својот крај и со тоа завршува повеќегодишната криза на целиот Блиски Исток. Без оглед на намерите на Америка во иницирањето дестабилизација и војни во овој дел од светот, резултатот е - тоа е сосема јасно - американски и пораз на сојузниците на Вашингтон и губење на доминацијата на Америка на Блискиот Исток. По долги години на американско-западни војни, доминантна улога на Блискиот Исток сега имаат Русија, Иран и Кина. Ова се огромни промени кои ќе ја дефинираат судбината не само на Блискиот Исток, туку и во меѓународните односи во Европа, Азија и делови од Африка.

За новата реалност очигледно се свесни лидерите на арапските земји, кои се традиционални сојузници на САД, а сега тие се во потрага по некакви отстапки и обиди да се прилагодат на новите околности. Најтипичен знак е однесувањето на Саудиска Арабија како база на американски клиенти во арапскиот дел на Блискиот Исток. Москва ја посетиле саудискиот крал Салман, неговиот син и престолонаследник Мухамед, царот на Бахреин, емирот од Катар,

---

[70] „Расте бројот на илегални мигранти, но и на криумчари“, web site: https://www.slobodnaevropa.mk/a/29782807.html (посетена на 31.05.2019 година)

престолонаследникот на Емиратите и премиерот на Либан. Често е таму и израелскиот премиер Венјамин Нетанјаху.

Без оглед на статусот на американски клиенти, арапските земји сѐ уште имаат простор за маневар, додека Израел е во поделикатна ситуација. На некој начин, меѓу најголемите губитници во американските авантури на Блискиот Исток е Израел, најверен американски клиент во регионот. За ова очигледно се свесни во Тел Авив, па гаранција за својата безбедност сега бара и од Русија. Последните речиси 40 години, конкретни гаранции за безбедноста на Израел, под американска заштита, сепак беа Египет и Сирија и тоа функционираше, но сега ситуацијата е променета. Поради нивната позиција, овие земји ќе продолжат да бидат гаранти за таа безбедност, но нивната политика сега многу повеќе зависи од Москва отколку од Вашингтон. Ова во основа ја менува политичката и безбедносната состојба на Израел.

Кризата, секако, трае долго време, но круцијален историски момент е граѓанската војна во Сирија. Во успешна одбрана на земјата од исламските екстремисти - кои беа помогнати од Америка, Западот и повеќето арапски земји - учествуваше група на земји кои медиумите обично ја нарекуваат „4 + 1“ и која се состои од Русија, Иран, Сирија и Ирак и плус движењето „Хезболах“. За време на сириjската војна, движењето „Хезболах“ зајакна и во тој дел од Блискиот Исток стана сериозен партнер. Често се заборава дека сириjската војна ја зајакна позицијата на Друзите, кои главно живеат во Либан, но ги има и во Сирија, каде што по првичното колебање ги здружија силите за Дамаск и херојски се држеа во борбите против т.н. „Исламска држава“. Но, сега кога сириската војна е близу до својот крај, на таа група се приклучи уште една голема земја - Кина. И тоа е историски момент. Пошироко, ова е уште поважно од враќањето на Русија на Блискиот Исток и пенетрацијата на Иран на арапска територија. Ова е првиот геополитички чекор на Кина надвор од Азиско-пацифичкиот регион. Кина влезе во светската геополитичка сцена.

Од првиот ден од граѓанската војна, Кина даде определена политичка поддршка на официјален Дамаск и заедно со Русија, беше главната поддршка на меѓународните институции. Но, сега, заедно со Русија и Иран, станува главен

носител на реконструкцијата и развојот на Сирија. Сирија стана дел од големиот кинески проект „Патот на свилата“. Кина, исто така, ја гледа Сирија како платформа за пласирање на своите производи низ Средниот Исток и медитеранскиот регион. Следат конкретни инвестиции. Кинеската национална нафтена корпорација (CNPC) веќе е ко-сопственик на две најголеми сириски нафтени компании и потпиша договор за истражување и развој на нафтената индустрија. Друга кинеска компанија, Синохем, купи права на едно од двете најголеми нафтени полиња во Сирија. Според најавата на официјалнен Дамаск, Русија, Кина и Иран ќе имаат приоритет во реконструкцијата на земјата.

Ова се тектонски промени што веќе се случија, но сепак е неизвесно како Америка ќе реагира. Тешко е да се прифати таков пораз и веројатно е дека Вашингтон нема да се откаже, иако неговиот маневарски простор сега е многу помал. Овој простор главно се сведува на деструкција и провоцирање на локални кризи. Во тоа време, единствени на кои Америка може да смета во деструктивните акции се Курдите во Ирак. Ирачките Курди одржаа референдум за независност на 25.09.2017 година, кој иако беше со речиси 93% „за“, не беше признат од официјален Багдад.

Затоа, треба да се потсетиме на зборовите на поранешниот израелски премиер Ариел Шарон, кој рече дека тоа е „регион во кој никогаш и на никој не може да му се верува.“

На почетокот на XXI век, кога Америка започна со воени авантури и уништување на Блискиот Исток, беше кажано дека Вашингтон, всушност, сакаше да создаде „нов Блиски Исток“. И навистина, „новиот Блиски Исток“ беше создаден, но не е американски.[71]

[71] „Kraj američke hegemonije na Bliskom istoku“, web site: http://www.intermagazin.rs/kraj-americke-hegemonije-na-bliskom-istoku/ (посетена на 31.05.2019 година)

# ЗАКЛУЧОК

Во овој труд беа презентирани основите на геополитиката, претходните геополитички поредоци, како и условите за појава на новиот светски геополитички поредок, заедно со процесите кои се одвиваат во него и актерите кои учествуваат. Воедно, се стави акцент на предизвиците и перспективите со кои се соочуваат земјите во постстуденовоениот период, од економски, политички и воено-безбедносен аспект, како и влијанието на регионалната геополитика и цивилизацискиот ривалитет врз новиот светски геополитички поредок. Исто така, беше направена анализа и критички осврт на местото и улогата на САД, Русија, Кина, Европа и Блискиот Исток, како доминантни актери во креирањето на новиот светски геополитички поредок. Во тој контекст, се даде одговор на централното истражувачко прашање.

Интересен е фактот што до појавата на САД на светската сцена, во светот немало вистински доминантна сила. Британската империја речиси постигнала доминација, но I и II Светска војна не само што ја банкротираа политички, но и придонесоа за појавата на конкуренција. Тогаш, САД станала најбогат играч и во исто време најсилна воена сила.

Во рамките на ова истражување се одговори и придрното прашање за влијанието на политичките предизвици врз новиот светски геополитички поредок, па во тој контекст заклучокот е дека од крајот на XX век, ниту една држава не можела дури ни да се приближи до нивото на САД. Но, сега живееме во период кога единствената суперсила САД, се соочува со сериозни предизвици, но во наредните децении веројатно ќе останат помоќни од другите држави, поради што на мислење сме дека не живееме во „постамерикански свет“, но повеќе не живееме ниту во „американската ера“ од крајот на XX век. Униполарниот момент е завршен, САД се сеуште на врвот, но тоа место се обидуваат да го заземат Русија и Кина.

При анализа за да се даде одговор на прашањето за влијанието на економските предизвици, беше констатирано дека на прво место се најде економскиот подем на Кина. Ако вековите наназад биле обележани со војни меѓу империите, подоцна во втората половина на XX век, ривалството меѓу Русија и САД

беше изразено во Студената војна, но како би изгледал евентуалниот судир меѓу САД и Кина, останува да видиме.

Исто така, се даде одговор и на прашањето во однос на воено-безбедносните предизвици, така што внимание се обрна на новите системи на оружје на некои земји, односно евентуалната можност некоја земја да се обиде да биде воено понапредна од Америка. Тоа би било крај на американската глобална супериорност, а светот најверојатно би потонал во хаос. И токму поради оваа причина САД треба да се одлучат за политика, според која барем една од двете потенцијално опасни држави да стане нејзин партнер при обезбедувањето на регионалната и глобална стабилност. На тој начин нема да има непредвидливи ситуации, но исто така потенцијалниот најверојатен противник нема да ја претекне. До денес таков противник е Русија, но во иднина може да стане Кина.

Индикативни во новиот светски геополитички поредок се и воените активности на Исламската држава (ИСИС) во Сирија, Ирак и Либија. ИСИС регрутира доброволци, кои кога ќе се вратат во своите земји стануваат опасност за терористичка активност. Терористичките напади во повеќе држави, меѓу кои Франција, Германија, Турција, Нов Зеланд, Шри Ланка, носат страв кон граѓаните и ја загрозуваат стабилноста и мирот. Голем број на млади луѓе од Балканот заминуваат доброволно на боиштата во Сирија. Во Република Северна Македонија, такви лица се опфатени со судскиот процес „Ќелија“ и осудени на затворски казни.

Со цел давање на одговор на прашањето за начинот на кој регионалната геополитика го определува светскиот геополитички поредок, беше донесен заклучок дека евроатлантската интеграција за земјите од Западен Балкан нема да се случи во брзо време, иако ЕУ смета дека овој регион е стратешки важен. Имено, ваквите негативни случувања се резултат на влијанието на Кина, а особено Русија, за која се смета дека превзема мерки за дестабилизација, како и антизападната пропаганда насочена кон зголемување на незадоволството на проевропски ориентираните граѓани.

Во однос на прашањето за поврзаноста на цивилизациskiот ривалитет со новиот светски геополитички поредок, беа донесени заклучоци дека Западната

цивилизација (во која главно се опфатени САД и Западна Европа) има шанси да биде загрозена од незападните цивилизации, особено од исламскиот свет и од Кина, како и дека граничните линии помеѓу цивилизациите, односно географските области каде што две или повеќе посебни цивилизации се испреплетуваат би претставувале жаришта во периодот по Студената војна.

На крајот, целокупниот заклучок е дека во периодот кој претстои човештвото треба се повеќе да се замисли за својот опстанок како таков, мислејќи на големиот број еколошки проблеми со кои се соочува. Разумното, компетентно и ефикасно решение на овие проблеми може да се постигне само преку слабеењето на тензиите и склучување на меѓународни договори. Овие договори треба да се засновани на долгорочна стратегија, која ја признава итната потреба од создавање на нова геополитичка архитектура.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Дугин. А., „Геополитички фондации-1“, web site: http://www.4pt.su/mk/content/geopolitichki-fondacii ;
2. Дугин. А. (2004), Основе геополитике, геополитичка будучност Русије. Зрењанин:Екопрес;
3. Килибарда, З. (2008), Основи геополитике. Београд: Универзитет у Београду – Факултет безбедности;
4. Милески, Т. (2010), Безбедносни предизвици на новата американска администрација. Скопје: Филозофски факултет;
5. Милески, Т. (2014), Енергетска безбедност. Скопје: Филозофски факултет;
6. Милески, Т. (2015), Политичка географија и геополитика. Скопје: Филозофски факултет;
7. Митха, А.Е.(2009), Границите на алијансата-САД, НАТО и ЕУ во Северна и Централна Европа. Скопје:Арс Ламина ДОО;
8. Ружин, Н. (2005), Нато пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија. Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“;
9. Agnew, J., Corbridge, S. (1995), Mastering Space, London:Routledge;
10. Avijucki, V. (2009), Kontinentalne geopolitike – Svet u XXI veku. Beograd:CLIO;
11. Bzezinski, Z. (2016), „Кон новата светска реконструкција“ web site: http://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/ ;
12. Bzezinski, Z. (1999), Velika šahovska ploča, Varaždin: HUMS i Interland
13. Bzezinski, Z. (2009), „The group od two that could change the world“ web site: https://www.ft.com/content/d99369b8-e178-11dd-afa0-0000779fd2ac ;
14. Bzezinski, Z. (2011), „As China Rises, A new U.S. Strategy“ web site: https://www.wsj.com/articles/SB10001424052970203413304577088881349304486 ;
15. Cohen, A. (2011), „If Obama sells Europe to Russia“ web site: http://www.limesonline.com/en/if-obama-sells-europe-to-russia ;
16. Cohen, S. B. (1963), Geography and Politics in a World Divided, New York: Random House;

17. Cohen, S. B. (1994), Geopolitics in the New World Era: A New Perspective on an Old Discipline, In: Demko, G. J. (ed.), Wood, W. B. (ed.), Reordering the World: Geopolitical Perspectives for the Twenty-first Century, Westview Press, Boulder, Colorado;
18. Collmer, S. (2009), From Fragile State to Functioning State. Berlin: Lit;
19. Cox, R. (1981), Social Forces, States and World Orders:beyond International Relations Theory, Millenium, vol.X;
20. Drezner, W. D. (2007), „The New New World Order" web site: https://www.foreignaffairs.com/articles/2007-03-01/new-new-world-order ;
21. Flint, C. (2001), Geopolitics od laughter and forgetting: A world systems interpretation od post'modern geopolitical condition, Geopolitics, vol.IV, n.3.
22. Friedman, G. (2009), The Next 100 Years. A forecast for the 21st century. New York: Anchor Books;
23. Fukuyama, F. (1994), Kraj povijesti i poslednji čovek. Zagreb:Hrvatska sveučilišna naklada;
24. Harold, S., Nader, A. (2012), China and Iran: Economic, Political and Military Relations. Santa Monica:RAND Corporation;
25. Huntington, S.P. (2019), „Преобликовани свет у судару цивилизација", web site: https://www.kcns.org.rs/agora/semjuel-hantington-preoblikovani-svet-u-sudaru-civilizacija/ ;
26. Huntington, S.P. (1996), The Clash od civilizations and the remaking of world order, New York: Simon & Schuster;
27. Joseph S. Nye Jr. (2013), „ American power in the 21st century will be defined by the 'rise of the rest'" web site: https://www.washingtonpost.com/opinions/american-power-in-the-21st-century-will-be-defined-by-the-rise-of-the-rest/2013/06/28/f5169668-dced-11e2-9218-bc2ac7cd44e2_story.html?noredirect=on&utm_term=.25f87308ad09;
28. Katulis, B. (2010), „Afghanistan: The White House recipe" web site: http://www.limesonline.com/en/afghanistan-the-white-house-recipe ;
29. Khramchikhin, A.A., (2010) „The inadequate Response (Неадекватный ответ)".Independent Military Review (Независимое Военное Приложение);

30. Kurečić, P. (2004), Novi svjetski geopolitički poredak:teorijske odrednice. Hrvatski geografski glasnik;
31. Maginnis B. (2010), ,,Winning the New Cold War", web-site https://www.bibleprophecyblog.com/2010/08/winning-new-cold-war.html ;
32. Malle, S. (2017), „Russia and China in the 21st century. Moving towards cooperative behavior", wib site: https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1879366517300052 ;
33. Mcneill, D. (2011), „The future belongs to Asia, says Hillary Clinton" web site: https://www.independent.co.uk/news/business/news/the-future-belongs-to-asia-says-hillary-clinton-6261152.html ;
34. Mearsheimer J. (2004), „U.S. Power in the 21st Century" web site: https://www.theglobalist.com/u-s-power-in-the-21st-century/ ;
35. Paramonov, V., Strokov, A. (2006) Russian-Chinese Relations: Past, Present & Future. Conflict Studies Research Centre;
36. Rashid, A. (2009), „Apocalypstan" web site: http://www.limesonline.com/en/apocalypstan ;
37. Rukavishnikov, V. (2001), Peacekeeping and National Interests. COPRI Working Paper 20/2001. Copenhagen: Copenhagen Pease Research Institute ;
38. Rukavishnikov, V. (2010), Russia's "soft power" in the Putin's epoch. Ch. 4 In: Kanet R. (ed.) Russian Foreign Policy in the 21st century. Palgrave ;
39. Rukavishnikov V., Геополитичките фантазии и разрешување на конфликтите во 21 век, web site: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/jftgjm?format=pdf;
40. Sparke, M. (1998), From geopolitics to geoeconomics: Transnational stete effects in the borderlands. Geopolitics, vol.III, n.2;
41. Swain, M.D., Tellis, A. (2000), Interpreting China's grand strategy. Past, present and future. Santa Monica:RAND Corporation ;
42. Taylor, P. J. (1993.), Political Geography, Longman Scientific & Technical, Essex ;
43. Wess, M. (2009), Europe Policy 3.0:New ideas for an old continent web site: http://www.limesonline.com/en/europe-policy-30-new-ideas-for-an-old-continent ;

44. Zbornik radova, Okrugli stol odbora Odjeljenja društvenih nauka „Geopolitičke promjene u svijetu i Evropi i položaj Bosne i Hercegovine“ (2017), Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, Sarajevo, web site: http://www.anubih.ba/images/publikacije/posebna_izdanja/ODN/08_posebna_izdanja_CLXXI_8/posebna_izdanja_CLXXI%20_8.pdf ;
45. www.ekonomijaibiznis.mk
46. www.index24.mk
47. www.slobodnaevropa.mk
48. www.b92.net
49. www.ndla.no
50. www.sputniknews.com
51. www.rbth.com
52. www.bankometar.mk
53. www.forbes.com
54. www.a1on.mk
55. www.standard.mk
56. www.novamakedonija.com.mk
57. www.daily.mk
58. www.srbijadanas.com
59. www.plusinfo.mk
60. www.mms.mk
61. www.bastabalkana.com
62. www.dw.com
63. www.intermagazin.rs